К III 663

Универзитет "Св.Кирил и Методиј" - Скопје
Филозофски Факултет
Институт за историја
Насока: Историја со архивистика

**Магистерски труд:**

# "НАСЕЛУВАЊЕТО НА МАКЕДОНЦИТЕ БЕГАЛЦИ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО НР МАКЕДОНИЈА (1945-1955), СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ШТИП И ШТИПСКО"

**Изработил:**

Мартина Харалампиева

**Ментор:**

Проф. Д-р Виолета Ачкоска

Скопје,2015г.

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА

# Вовед

Македонија, наоѓајќи се во самото срце на Балканот, во исто време територијално како да се наоѓа на една прометна и раздвижена раскрсница, место каде што многу војски вкрстиле оружје, место каде што многу крв се пролеало, но и територија која векови наназад е посакувана од страна на своите соседи. Таа нивна желба не била насочена само кон соединување на оваа територија во составот на нивните држави, туку се одело кон тоа да се докаже пред светот дека и самото население кое што живее на овие простори не претставува посебна нација со свој јазик, култура и обичаи и дека тоа население потекнува и претставува дел од населението кое што живее во соседните држави.

Истрајноста, упорноста и непокорот кај македонското население не исчезнал и покрај силниот притисок на политиките на соседните држави. Едноставно сонот за сопствена слободна држава и докажувањето пред светот дека македонскиот народ е една посебна целина го држел македонскиот народ исправен цврсто давајќи му сила исправен да не потклекне пред политиката на соседите, цврсто да истрае пред сите неправдини и измачувања и да се избори за да го обвистини својот сон.

Долгогодишното управување од страна на турскиот Султан го спречувало реализирањето на македонската идеја за самостојна држава со своја нација на овие простори. Многу македонски интелектуалци биле силни борци за реализација на оваа идеја, притоа играјќи значајна улога помеѓу македонското население со тоа што ја ширеле идејата за сопствена држава и ослободување од турската држава, подготвувајќи го населението преку описменување, всадувајќи го моралот и борбеноста меѓу населението само да се избори токму за она што векови наназад нивните предци се бореле и за што полагале животи.

Балканските војни кои што се случиле на овие простори во текот на 1912-1913 година помогнале да се отвори зрак на светлина дека овој сон за своја држава и не е така далеку за македонскиот народ. Со случувањето на овие војни на Балканот како и по завршувањето на истите, во исто време завршила една

вековна управа, една држава предводена од Султанот, која неколку векови наназад ја имала за своја територијата на Балканот. Со завршувањето на Балканските војни, турската држава ја изгубила територијата на балканските простори, отворајќи им го патот на народите кои што живеат на овие простори да формираат свои држави.

Но, дали сепак се оствари тој сон? Дали тој пат беше отворен и за македонскиот народ? Дали не надвладеа политиката на посилните? Дали беше потребна помошта од страна и дали таа помош му помогна на македонскиот народ?.....

Балканските војни за македонскиот народ не донеле отворен пат за формирање на своја држава. По завршувањето на војните во август 1913 година бил потпишан Букурештскиот мировен договор со кој било предвидено територијата на Македонија да биде поделена помеѓу соседните држави: Србија, Бугарија и Грција. Ова распарчување на Македонија претставувало силен и сериозен удар за македонското националноослободително движење предводено пред се од ВМРО која се сметала за продолжувач на идеите и целите на Илинден. Ова распарчување на македонската територија слободно може да се каже дека се случило како резултат на посебни претензии на разни имеријалистички држави и империјалистички сојузи.

Неколку години подоцна, во 1919 година на Нејскиот мировен договор, одлуките и решенијата донесени на Букурештскиот мировен договор биле делумно повторени или делумно во незначителна големина изменети. Во поглед на одлуките и поделбата на Македонија немало некаква промена. Грција го добила најголемиот дел од Македонија, односно на Грција и припаднале 35.169 км2 од вкупно 67.741 км2 површина колку што имала Македонија во своите географски граници, со население од 1. 004.229 жители од кои 329.371 биле Македонци, 314.354 Турци, 236.775 Грци, 44.414 Власи, 15.108 Албанци, 25.302 Роми, 68.206 Евреи и 8.019 припадници на други народности.[1]

[1] Ристо Кирјазовски „КПГ и Македонското национално прашање (1918-1940)", Скопје, 1985г. стр.04

Останатиот дел од територијата на Македонија била поделена помеѓу останатите соседни држави Бугарија и Србија и сосема мал дел на Албанија. Со ново настанатата ситуација и со ваквата поделба на македонската територија се ограничила идејата за национално ослободување на македонскиот народ.

Реализацијата на "македонското прашање" на Балканот паднала во рацете на империјалистичките држави притоа претворајќи се во моќно оружје за нивна реализација на нивната политика на Балканските простори, односно на територијата која што претставувала еден вид на експлозив за кој што било потребно многу малку за да се предизвика експлозија.

Како и останатите балкански држави и Грција со цел да ја осигура својата власт и управа на територијата на Македонија, каде што грчките власти се чувствувале несигурни поради националниот состав на населението, но и поради познавање на претензиите на другите две соседни балкански држави Србија и Бугарија, ги презела сите средства и мерки што и биле на располагање за да го измени националниот состав на населението во Егејскиот дел на Македонија.

Дел од тие мерки што биле користени за остварување на ваквата цел, покрај спроведувањето на асимилацијата преку црквата, училиштата и останатите институции, ги вовеле и колонизацијата, прогонувањето, размената на население, но и физичкото истребување на Македонското население од Егејскиот дел на Македонија.

Токму со таква цел, а како резултат на конвенциите помеѓу Грција и Бугарија од 27 ноември 1919 година каде што било предвидено "доброволно иселување" на "Бугарите" од Грција и Грците од Бугарија, од Грција во Бугарија биле иселени околу 33.000 Македонци.[2]

Исто така може да се забележи дека во периодот меѓу двете светски војни најголема етнолошка операција во Егејскиот дел на Македонија била извршена по

---

[2] По завршувањето на Илинденското востание, крајот на Балканските војни и Првата светска војна, но и по потпишувањето на овој договор меѓу Грција и Бугарија на 27 ноември 1919 година се смета дека биле иселени околу 90. 000 Македонци од географските граници на Македонија. Исто, стр.7

завршувањето на Грчко-турската војна во 1920-1922 година, како и по грчката капитулација во Мала Азија.

На 01 јануари 1925 година била донесена Конвенција за принудна размена на населенијата врз основа на Лозанскиот договор од 24 јули 1924 година. По потпишувањето на споменатата Конвенција, од Мала Азија на територија на Грција биле населени според неофицијални податоци 1. 221.849 грчки бегалци од кои 638.000 биле населени во Егејска Македонија, додека пак од Егејска Македонија биле изелени во Турција 350.000 "мохамедини".[3]

Покрај ваквите преселби на населението "подпомогнати" од страна на грчките власти, етнолошките операции, колонизации, размени и прогони, не бил мал бројот и на населението кое заминувало на печалба ширум целиот свет, а севкупно сумирано како последица може да се заклучи дека била создадена соодветна почва за промена на националниот состав на населението во Егејскиот дел на Македонија. И покрај сите податоци од страна на грчките власти, не бил издаден никаков официјален податок за бројот на македонското население кое што останало да живее на територија на Егејска Македонија. Многу голем број од грчките политичари, демографи и историчари настојувале, а делумно и сеуште настојуваат овој број да го доведат до што понизок минимум и да покажат дека македонското население во овие простори е во сосема мал број.

Обид да се дефинира конечен број на македонско население кое што живее во Грција, делумно се обидела да направи Комунистичката партија на Грција (КПГ) во 1935 година кога извршила попис на населението со цел да го поткрепи своето мислење и измена на својот став во поглед на македонското прашање. Според извршениот статистички попис извршен од страна на партиските организации на КПГ и тоа само во подрачјата каде што живеело компактно македонско население како на пример во Костурско, Леринско, Воденско, Серско,

[3] Ристо Поплазаров, "Грчката политика спрема Македонија во втората половинана XIX век и почетокотна XX век. (Вооружени пропагандни дипломатски и други антимакедонски акции и борбата против нив на теренот)" Скопје, 1973, стр.15

Драмско и други биле евидентирани околу 280.000 Македонци.[4] Но, треба да се напомене дека во овој попис бројот не може да се смета за приближно точен, затоа што овде не било сметано населението кое што живеело во поголемите градови на Грција како на пример Атина, Пиреј, Солун, Лариса и други.

Со цел да ја продолжи својата политика на денационализација на македонското население, за реализација на идејата за асимилација на истото, како и за што поголема елинизација, грчката влада вовела низа мерки како на пример забраната на употребата на македонскиот јазик меѓу македонското население, притоа ширејќи силна пропаганда со закани и казни за секој оној кој што ќе зборува на македонски јазик дури и во сопствениот дом, а меѓудругото населението било принудувано да врши промена и на личните имиња.

Ваквите законски мерки биле спроведувани не само од страна на органите на власта, туку и преку посебни организации, од кои најпозната била "Елиники македоники пигма" - "Грчко-македонска тупаница" која имала за задача да го прислушкува македонското население дали во своите домови се зборувало на македонски јазик, а воедно и да го присилува населението да оди во грчки училишта каде што се учел грчкиот јазик. Во никој случај не можело ниту да се помисли за употреба на македонски јазик во училиштата или во државните установи.

Во грчкиот "Службен лист" ("Ефимерис тис кибернисеос") бр.332 од 21 ноември 1926 година, грчките власти го објавиле Законот со кој задолжително се вршело заменување на имињата на сите населени места во Егејска Македонија и наместо нив се воведуваат нови грчки имиња. Во еден од наредните броеви од истиот весник, односно во бројот 346 на истиот "Ефимерис тис кибернисеос" биле објавени сите грчки називи за населените места во Егејска Македонија.

Со новиот закон донесен од страна на грчката влада требало да се изврши промена на сите оние географски имиња кои што биле создавани по природен пат, без ничија наредба, ниту пак под влијание на националните пропаганди со

[4] ДАРМ, Збирка "Егејска Македонија во НОБ" к.20, а.е.29

што на некој начин формално би се уништиле трагите за постоењето на Македонците во тие краеви. Со оваа промена биле заменети сите македонски и во помал број турски имиња на населените места во Егејска Македонија.

Но, и покрај овие законски измени, македонското население сосема природно продолжило да си ги нарекува своите населени места со старите имиња, онака како што ги нарекувало векови наназад. Останатите топоними во Егејска Македонија како на пример имињата на реките, планините, месностите и слично не биле изоставени од споменатиот Закон, па била извршена и нивна промена со грчки имиња.

Анализирајќи ги сите тие законски мерки и "патриотски" повици може да се заклучи дека во најголем дел тие биле залудни и безвредни. Тоа ни го покажува и еден документ настанат во 1936 година кој што јасно покажува на тоа дека не само што македонското население продолжило да го користи својот мајчин јазик и да пружа отпор на елинизацијата зборувајќи и понатаму на македонски јазик, во исто време го потврдува и фактот дека конкретно за Леринската околија за која што и се однесува документот, селското население во основната маса останало сеуште македонско, па дури и леринските трговци - Грци биле приморани да се служат со македонски јазик во своите односи со муштериите.

До каде се оделе грчките обиди да го елинизираат македонското население покажува и фактот дека дури ни починатите лица не биле поштедени. Биле преземани мерки да се искоренат и затријат сите словенски натписи на надгробните споменици на починатите, а меѓудругото и од разните културно-историски паметници.[5]

---

[5] Англичанецот В.Хилд патувајќи низ Егејска Македонија во 1928 година во своите мемоари забележал: "Грците ги гонат не само живите Словени кои што еднаш ги нарекуваат "Бугарофони" друг пат "Славофони" туку и сите мртви Словени чии гробови се растурени по цела Македонија. Тие дури ни во гробот не им даваат мир. Ги бришат словенските натписи по крстовите, ги вадат коските од гробовите и ги спалуваат".- Ристо Поплазаров, "Грчката политика спрема Македонија во втората половинана XIX век и почетокотна XX век. (Вооружени пропагандни дипломатски и други антимакедонски акции и борбата против нив на теренот)" Скопје, 1973

Сите овие наведени искажувања и податоци непобитно докажуваат дека и покрај сите промени, иселувања, колонизации и најразлични денационализаторски мерки од страна на грчките власти, македонците продолжиле да живеат во Егејска Македонија под грчка управа. Големогрчката шовинистичка олигархија вложила години работа, донесување на најразлични мерки и закони за потиснување и фронтално напаѓање на македонскиот народ притоа сакајќи со една систематска политичка линија, преку физичко и национално угнетување се стремела или да го ликвидира физички и национално или да го асимилира национално, како и присилно да го исели или во крајност да го принуди македонското население да покаже слабост и покорно да потклекне под јаремот на угнетување што го наложила грчката власт.

Слободно може да се каже дека кулминацијата на теророт од страна на грчките власти врз македонското население била достигната за време на Метаксасовата диктатура, за која многумина би рекле дека претставува црна дамка во современото човештво. Во тој период од диктатурата со најголема уништувачка омраза биле спречувани секаков вид на манифестации од страна на македонското население, прогон и најстроги казнени мерки за секој оној кој што ќе го користел македонскиот јазик, а преку поткупување и изродување грчките власти се стремеле да ја скршат македонската национална идеја како и во исто време да ги ликвидираат моралните и националните елементи за поврзување што биле постигнати во текот на долгогодишните борби.

Не заостанувале ниту мерките за целосно економско потиснување и грабеж на македонското население, а сето тоа доведувало до економска исцрпеност и уништување.

И покрај негативната и уништувачка политика на грчките власти кон македонското население, тоа успеало и покрај целокупните тортури, прогони, измачувања и казни, да го сочува својот национален бит, останувајќи верно на своите македонски обичаи, традиција, култура и јазик.

Со појавата и развојот на работничкото и комунистичкото движење во Грција, Македонците започнале масовно да се приклучуваат во редовите на КПГ и да имаат важна улога во остварување на целите и плановите, а како причина за ова масовно приклучување кон КПГ може да се наведе дека програмските начела на КПГ во најголема мерка ги содржеле нивните стремежи и идеали.

Во исто време пак, Комунистичката партија на Грција како претставник на пролетаријатот и на прогресот, не можела, а да не реагира против насилничките мерки на грчката буржоазија кои биле водени против македонското население и во исто време да не заземе свој став во поглед на македонското прашање, а и да застане во негова одбрана. Во позадина на ваквиот одбранбен став на КПГ во поглед на Македонците се криел фактот што КПГ ги гледала Македонците како угнетена нација која што била најсигурен и најверен сојузник во револуцијата.

Комунистичката партија на Грција својот став во поглед на прашањето за македонското население за прв пат официјално го изнела на нејзиниот вонреден конгрес кој што бил одржан во Атина од 26 ноември до 03 декември 1924 година, односно на овој конгрес била прифатена паролата која ја формулирала шестата и седмата балканска комунистичка федерација за единствена и независна Македонија како сосема правилна и револуционерна.[6]

Ваквиот официјален став на КПГ останал се до Шестиот редовен конгрес на партијата одржан во декември 1935 година, кога бил заменет со став "полна рамноправност на малцинствата". На овој конгрес било меѓу другото потенцирано дека македонското прашање би се решило братски по победата на Советската власт на Балканот која би била доволно силна за да ги раскине несоодветните и нечесните договори кои се однесувале на размена на населенијата и би ги превземала сите практични мерки за да се отстранат сите империјалистички неправди, а тогаш македонскиот народ би можел да го пронајде своето полно воспоставување.[7]

[6] Весник "Ризоспастис" орган на ЦК на КПГ од 14 декември 1924 година

[7] Списание "Комунистики епитеориси" - (Комунистички преглед), месечен орган на ЦК на КПГ бр.2 од 16 јануари 1936 година

Промената на ставот во однос кон македонското население и прифаќањето на ставот за полна рамноправност на малцинствата , КПГ го објаснувала со тоа дека ваквата промена се должи на тоа што дошло до измена на самиот национален состав на населението во Егејска Македонија во полза на грчкото население, резултат на размената на населението во Турција и Бугарија или емиграцијата на Македонците. Ваквото објаснување нормално не може да биде прифатено како вистинска причина бидејќи на територијата на Егејска Македонија живеел речиси ист број на македонско население во текот на целиот изминат период од 11 години додека КПГ ја бранела паролата за независност на македонското население.

Својот став по македонското прашање, КПГ го бранела и го изнесувала не само во склоп на своите партиски форуми, официјални документи и печат, а не бил изоставен и во грчкиот парламент. На 27 април 1936 година во грчкиот парламент за последен пат било дискутирано и разгледувано македонското прашање, односно само три месеци пред воведувањето на диктатурата на Јоанис Метаксас и три месеци по шестиот конгрес на КПГ, каде што бил заземен новиот став на КПГ по тоа прашање. Во исто време може да се напомене дека тој период се случиле и последните истапувања на КПГ во одбрана на своите ставови не само по македонското прашање, бидејќи на 04 август 1936 година на политичката сцена настапила новововедената диктатура предводена од Метаксас, а Комунистичката партија на Грција била речиси разбиена, додека нејзините многубројни членови биле или прогонети надвор од државата, дел во бегство, а оние што биле затворени во Грција биле испратени по логори.

Со расформирањето на КПГ на територијата на Грција, Македонците во Егејска Македонија се нашле во уште потешка состојба, затоа што единствениот поддржувач на политичката сцена во Грција сега се нашол расформиран и во прогон, а самата диктатура дополнително го отежнала секојдневниот живот на населението во периодот кој што следувал се до пред почетокот на Втората светска војна, период кој што подеднакво бил тежок и за грчкото и за македонското население кое што се нашло на територија на Егејска Македонија.

Полека на тлото на централна Европа започнало да се издига се поголемото незадоволство и да кулминира желбата за нова прераспределба на сфери на влијание во Европа, а како главен иницијатор за новата поделба предводеле земјите поразени од Првата светска војна, пред се Германија и Италија.

На територијата на Италија се повеќе се ширел фашизмот, додека Германија во исто време работела на националсоцијализмот, притоа трудејќи се да придобие што поголем број на истомисленици и сојузници со цел што полесно да ја реализираат својата желба за нова распределба на сфери на влијание каде што тие би имале поголем удел во сето тоа.

Во втората половина на 1939 година Германија предводена од Адолф Хитлер се повеќе ја истакнувала својата нестрпливост во остварување на своите цели, а било само прашање на време кога и што ќе придонесе да започне новата војна.

Наоѓајќи се во една и онака тешка ситуација, не само македонското население, туку и грчкото кое живеело во Грција, но и во останатите земји од Балканскиот полуостров, нешто што најмалку им било потребно било почеток на нова војна. Како животот во мирни времиња да не бил доволно тежок, па уште да надојдат воени времиња и услови. Почеток на нова војна, значел и почеток на една нова уште потешка животна драма во која главните ликови би биле сиромаштијата, оружјето и гладот, а воениот фронт би било местото каде што би се одигрувале најтешките чинови од таа драма. Дали ќе има војна, кој, кога и каде ќе започне таа, чии војски ќе надојдат, кои ќе бидат добрите, а кои оние "лошите" што ќе биде потоа, што ќе се смени со мирот кој ќе дојде после неа, дали ќе донесе мир и стабилност времето после војната и уште многу други прашања биле само мал дел од оние прашања кои што го исполнувале секојдневието на еден обичен човек чија што единствена желба била желбата за мирен и скромен живот во своја сопствена држава каде што слободно ќе се зборува на свој мајчин јазик, каде би се негувала својата култура, вера, традиција и обичаи.

# ГЛАВА ПРВА

## ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И УЧЕСТВОТО НА ЗЕМЈИТЕ ОД БАЛКАНОТ ВО ВИОРОТ НА ВОЈНАТА

### 1. Причини и повод за почетокот на Втората светска војна

Со потпишувањето на мировните договори од 1919-1920 година фактички завршува Првата светска војна. Но, со новата политичка поделба, прекројување на границите и формирањето на нови држави дефакто се посејуваат р'кулците на новите судири.

Новата политичка поделба и сфери на влијанија во најголема мерка одговарале на големите држави (Велика Британија, Франција и САД) но, не и на помалите држави дотогашни сојузници, а најмалку на поразените држави (Германија, Австрија, Бугарија и Турција).

По завршувањето на Првата светска војна, продолжил процесот на јакнење на монополите (трустови и концерни) кои добиле доминантна улога во светската индустрија и пресудно влијание во политиката пред се на САД, Франција, Велика Британија, Јапонија, Германија и другите капиталистички држави.

САД благодарејќи на збогатувањето за време на војната и примената на најсовремени и најсовршени научни методи во процесот на производството, најмногу напредувале во индустрискиот развој и стигнале на прво место во светската индустрија, а паралелно на тоа и во меѓународната дипломатија завзеле водечко место.[8]

Франција после големите загуби (околу 1,5 милиони луѓе) и големите разурнувања на земјата многу забавено се опоравувала. Често ја треселе многубројни штрајкови, а честите интервенции во повеќе меѓународни конфликти уште повеќе ја ослабувале финансиската состојба на земјата.

[8] Јован Марјановић, "Други светски рат 1939-1945" Том I, Београд, 1969г. стр.49

Велика Британија продолжила со својата традиционална политика за обезбедување на сигурност на метрополата да ги сочува колониите, да осигура слободна трговија и пловидба на морњата и ја одржува постоечката рамнотежа на силите во светот. Користејќи ги слабостите на Франција и исцрпеноста на Германија, таа стигнала на второ место во светот во индустрискиот развој и производство.[9]

Германија, иако исцрпена од последиците на Првата светска војна успеала да го стабилизира внатрешниот политички живот и започнала активна надворешна политика. Во 1925 година на конференцијата во Локарн потпишала пакт со Белгија, Франција, Велика Британија и Италија со кои биле потврдени западните граници на Германија и демилитаризацијата на Рајнската област, а освен тоа овие држави се обврзале дека нема меѓусебно да се напаѓаат. Во наредната 1926 година Германија била примена во Друштвото на народите со што се вброила во Големите сили со право рамноправно да учествува во решавањето на најважните светски проблеми.

Светската економска криза ја зафатила Германија во 1930 година, невработените работници и сиромашните селани започнале да се приклучуваат на Комунистичката партија на Германија, единствената која се залагала и ги штитела нивните интереси. Угледот и бројот на членството во оваа партија постојано се зголемувал. Така на повторените парламентарни избори во 1932 година, таа добила 100 пратенички места.[10]

Плашејќи се од понатамошното јакнење на напредните сили, најреакционерните сили на германската буржоазија и странските монополи и пружиле најголема економска и финансиска помош на Националсоцијалистите. Благодарение на оваа помош, Адолф Хитлер на 30 јануари 1933 година, бил избран за канцелар на Германија, а на 19 август 1934 година ја приграбил и функцијата Претседател на Републиката, со што ја приграбил и сета власт во земјата и се прогласил за водач на германскиот народ.

[9] Исто, стр.51
[10] Воена енциклопедија, Военоиздавачки завод, Београд, 1970 година, книга III, стр.141

По пребродувањето на економската криза и краткотрајниот период (1933-1937година), во втората половина на 1937 година избувнала нова светска економска криза која првенствено и најмногу ги погодила САД, Велика Британија и Франција, додека Германија, Италија и Јапонија ја избегнале, бидејќи работната сила ја користеле со ангажирање во воената индустрија.[11]

Веднаш после победата на фашизмот, германското стопанство започнало забрзано да се подготвува за војна. Под паролата "Топови наместо путер", нацистите во 1936 година го усвоиле 4-годишниот план и поминале на диригирано воено стопанисување. Во споредба со 1932 година, во 1938 година производството во тешката индустрија било зголемено речиси за четири пати, а во воената индустрија производството било зголемено за 12,5 пати.



***Адолф Хитлер***

Подготвувајќи се за нова освојувачка војна, слични чекори во индустриското производство превземале и Италија и Јапонија.

Предиграта на Втората светска војна започнала уште во 1935 година кога Италија започнала со испраќање на единици и материјали во своите колонии Еритреја и Сомалија од каде требало да ја нападнат Етиопија.[12]

На исток во 1937 година и Јапонија ја започнала својата експанзионистичка и освојувачка политика со напад врз Кина, а во јули 1938 година, одделни единици навлегле на територијата на СССР, но претрпеле пораз и се повлекле. Во 1939 година, јапонските сили навлегле и на

[11]Тодор Чепреганов, "Политиката на САД и на Велика Британија спрема Македонија во текот на Втората светска војна" ИНИ, Скопје, 2012 стр.256
[12] Ј. Марјановиќ... стр.53

територија на Монголија, но монголските сили подпомогнати од СССР и по тешките борби ги приморале јапонските војски на повлекување.[13]

На 20 февруари 1938 година Хитлер во Рајстагот одржал заканувачки говор и изјавил дека Германија не може да биде рамнодушна кон судбината на 10 милиони Германци во Австрија и Чехословачка со што сосема било јасно дека Германија подготвувала нова агресија. Со непочитувањето на дадените ветувања и со разноразни притисоци и интриги, на 13 март 1938 година, бил објавен Законот за обединување на Австрија кон Германија. Паралелно со ова, Германија ги насочила своите освојувачки планови кон Чехословачка. Користејќи најразлични методи на притисоци и политичка пропаганда истовремено Хитлер подготвувал и воен план за напад врз Чехословачка. Подржувајќи ги судетските Германци, им издал упатство најпрвин да бараат самоуправа, а подоцна и присоединување кон Германија.[14]

Чехословачката Комунистичка партија и народот биле подготвени да се спротивставаат на оваа агресија. Но, под притисок на Велика Британија и Франција, чехословачката влада се согласила да исполни оделни барања на судетските Геманци.

Со потпишувањето на Минхенскиот договор на 29 септември 1938 година, од страна на западните веле сили и благонаклонетоста на САД, биле жртвувани интересите на Чехословачка и судетската област била отстапена на Германија.

Експанзионистичката политика на Германија постепено присоединувала делови од соседните држави населени со германско население или дозволувала да одделни области од некои држави бидат присоединувани кон држави кои на некој начин и биле лојални на Германија, а на одделни области им овозможувала со разни притисоци да се здобијат со независност.

По распарчувањето на Чехословачка, на ред дошла Полска. Користејќи најпрвин проверени методи на притисоци, измами и уцени, Германија се обидела

[13] Р. Кирјазовски „КПГ и Македонското национално прашање (1918-1940)",стр.21
[14] Маргарита Пешевска, "Меѓународните односи по Втората светска војна", Скопје 1999г. стр.49

да ја распарчи и Полска, најпрвин барајќи да и биде отстапен Данцинг, а потоа да и се дозволи воспоставување на врска со Источна Прусија преку полскиот коридор. Во германскиот печат почнале да излегуваат натписи со кои од Полска се барале и други територијални отстапки. Полската влада подржана од Велика Британија и Франција, енергично ги одбила сите барања на Германија.

Лажно обвинувајќи ја Полска дека врши прогонување на Германците во својата земја и дека врши погранични провокации, Хитлер наредил германските сили без објавување на војна да ја нападнат Полска на 01 септември 1939 година.[15]



**_Германско навлегување во Полска_**

Иако имале претходно потпишано договор за ненапаѓање, Велика Британија и Франција, на 03 септември 1939 година и објавиле војна на Германија, бидејќи Хитлер не се одзвал на нивното ултимативно барање да ја запре агресијата врз Полска.

Во времето од 05 до 10 септември 1939 година, британските доминиони (Австралија, Нов Зеланд, Јужноафричката унија и Канада) и објавиле војна на Германија.[16]

Така започнала Втората светска војна, една од најкрвавите и најсвирепи војни во човечката историја со која биле опфатени сите континенти и речиси сите држави и народи.

Веќе на почетокот на 1940 година територијата на речиси цела Европа била зафатена со воени дејствија. Балканот како составен дел од Европа не бил

[15] Ј. Марјановиќ... стр.61
[16] Воена енциклопедија...стр.271

одминат од тие воени случувања. Германија како причина плус што побрзо да го стави под своја контрола Балканот покажувала токму поради тоа што Балканот се наоѓал на стратешки значајна позиција при освојување на земјите од Блискиот исток кој пак бил под управа на Велика Британија.

## 2. Влегувањето на земјите од Балканот во воените дејствија

### 2.1. Бугарија

Кога војната полека наближувала кон Балканот, Бугарија се изјаснила како неутрална земја. Во 1939 година и биле понудени сојузи со повеќе земји против Силите на оската, вклучувајќи го и Советскиот сојуз, но бугарскиот цар Борис III[17] иако водел прогерманска политика и премиерот Богдан Филов ги одбиле таквите сојузи и останале на својата одлука за неутралност. Но, кога Германија ја насочила својата политика кон земјите од Балканот со цел да ги придобие како свои сојузници, на Бугарија и била понудена територијата на Јужна Добруџа која Бугарија ја изгубила во Првата светска војна. Кон крајот на 1940 година Бугарија и Германија веќе биле во преговори за влегување на Бугарија во сојуз со Германија, а на 01 март 1941 година во Виена,



***Бугарскиот цар Борис III***

[17] **Борис Клемент Роберт Марија Пиј Станислав Сакскобурготски** или **Борис III** е бугарски цар во периодот од 1918 до својата смрт во 1943 година. Бил роден на 30 јануари 1894 година, а бугарскиот престол го наследил по абдикцијата на својот татко, цар Фердинанд. Како и неговиот татко додека бил на царскиот престол и Борис водел прогерманска политика, па затоа и ја вклучил Бугарија кон Тројниот пакт. Во бугарската историја, цар Борис е познат како "Цар Обединител" затоа што во соработка со силите на оската, успеал да ја прошири територијата на Бугарија во границите предвидени со Санстефанскиото договор.

бугарскиот премиер Богдан Филов го потпишал договорот со кој Бугарија се придружила кон Силите на Оската, со што на германските војски им било дозволено да навлезат во Бугарија и од таму да се насочат кон Грција.[18]

Со германската окупација на Југославија и Грција, Бугарија како германски сојузник ги добила деловите од западна Тракија, источна Србија, Македонија и дел од островите во Егејското море. Царот Борис сакал да го одбегне војувањето на бугарската војска со војската на Советскиот сојуз, па затоа бугарската војска во Југославија била сменета со германска. Во тој период од војната, иако биле воени противници, сепак Бугарија не ги прекинала комплетно односите со СССР притоа успевајќи да го одбегне учеството на бугарски војници во нападите кон СССР во јуни 1941 година.

Се до 1943 година Бугарија се наоѓала на страна на Германија и нејзините сојузници. Но, во август 1943 година царот Борис починал, а неговиот син принцот Симеон бил сеуште малолетен за да го наследи престолот, па бил формиран управен совет на чело со Богдан Филов.[19]

Кон крајот на 1943 година сојузниците бомбардирале голем број на бугарски градови при што Бугарија била принудена да побара излез од војната, но САД поставиле услов дека тоа би било возможно само со целосна капитулација на Бугарија. Секако, бугарските власти не се согласиле со американскиот предлог и ја објавиле својата неутралност, а од германските војски побарале да ја напуштат Бугарија. [20]

Но, додека траеле тие случувања, Црвената армија успеала да стигне до Романија притоа не прифаќајки ја објавата од страна на Бугарија за својата неутралност. За многу краток временски рок, Црвената армија ја освоила североистична Бугарија пред таа официјално да ја смени страната во војната. Во

[18] Ташко Мамуровски, "Бугарската пропаганда во југозападна и централна Егејска Македонија (1941-1944)" Скопје, 1989г. стр.49
[19] Ј. Марјановић... стр.95
[20] Воена енциклопедија...стр.288

понатамошните настани и тек на војната, Бугарија го продолжила своето учество но на страната на Советскиот сојуз против Германија.

## 2.2. Југославија

Југословенската влада будно ги следела настаните во тој предвоен период што се случувале во Европа. Согледувајќи ги освојувањата на Германија, било многу јасно дека не бил далеку денот кога и Југославија би се нашла пред воените дејствија против неа од страна на Германија. Затоа со цел да ги избегне воените дејствија, а пред се поради сигурносни причини југословенската влада на 20 март 1941 година одржала седница на која било разговарано за целата состојба во регионот и се констатирала целокупната опасност бидејќи германските војски и војските на нејзините сојузници биле речиси во сите земји од југословенското соседство, освен на југ кон Грција. На оваа седнца била донесена одлука Југославија да потпише пакт со кој Југославија би пристапила кон Тројниот пакт. Потпишувањето на тој пакт се случил на 25 март 1942 година во Виена.[21]

Потпишувањето на овој пакт и пристапот на Југославија кон Тројниот пакт не наишол на позитивни реакции кај самиот народ. Веќе наредниот ден на 26 март 1941 година во Белград избувнале силни демонстрации при што ситуацијата кулминирала со извршување на државен удар, кој бил подпомогнат од прозападните сили, а владата на Драгиша Цветковиќ била симната од власт. [22]

На 27 март била формирана нова влада предводена од генералот Душан Симовиќ. Не требало многу за демонстрациите да се рашират на цела југословенска територија.

Веќе по неколку дена од формирањето на новата југословенска влада, на 06 април 1941 година претставници од Југославија и СССР потпишале договор во

[21] Бранко Петровић, "Историја Југославије – Народноослободилачки рат и револуција" књига II, Београд, 1988г. стр.79

[22] Oslobodilaćki rat naroda Jugoslavije – knjiga 1, Vojni istoriski institute Jugoslovenske narodne armije, Beograd, 1957god. Str. 182

кој Југославија го признала СССР, а тој пак се обврзал на почитување на независноста на Југославија, нејзината територија и суверени права и исто така прифатил во случај на напад врз Југославија дека ќе ја брани југословенската страна.

Ваквата новонастаната ситуација во Југославија воопшто не одговарала и не соодветствувала со плановите на Хитлер кои бил насочен кон напад врз СССР. Сега, по овие случувања тој морал да ги одложи плановите кои се однесувале за напад врз Советскиот сојуз и да се насочи кон решавање на состојбата на југот од Европа односно кон Балканот.[23]



***Петар II Караѓорѓевиќ***

Германскиот напад врз Југославија се случил на 06 април 1941 година, притоа напаѓајќи ја Југославија со германски, италијански и унгарски војски. Инвазијата траела 11 дена, период во кој југословенската армија пружала отпор но, тој сепак не бил доволно силен да се спротивстави на нападите од силите на Оската. На 15 април додека траеле нападите, кралот Петар II Караѓорѓевиќ[24] заедно со југословенската влада ја напуштил престолнината во Југославија и заминале во Лондон каде што го поминале целиот период на Втората светска војна, притоа оставајќи го

[23] Б. Петровиђ, стр.98

[24] **Петар II Караѓорѓевиќ** бил роден на 06 септември 1923 година во Белград. Во Србија се вратил по атентатот на неговиот татко, кралот Александар I во 1934 година, но бидејќи бил сеуште малолетен, не можел да го наследи својот татко, па управувањето со кралството Југославија го презел намесникот Павле Караѓорѓевиќ. Со потпишувањето на договорот меѓу Југославија и Тројниот пакт и со избувнувањето на немирите од 27 март 1941 година, кралот Петар бил прогласен за полнолетен и ја презел власта од намесништвото, но веќе кон средината на април 1941 година, заедно со останатите членови на владата, непосредно пред југословенската капитулација, тој ја напуштил Југославија, притоа заминувајќи во Грција, па од таму во Египет за да на крај стигне во Лондон каде што и останал до крајот на војната притоа образовајќи се на познати британски воени училишта и учествувајќи во британските воени воздухопловни сили.

кралството без својот врв, а веќе на 17 април југословенската војска по претрпените загуби како и оставена без командата на кралот и владата, била принудена на безусловна капитулација.[25]

По капитулацијата на југословенската армија, Југославија била поделена помеѓу Германија, Италија, Унгарија и Бугарија како земји кои имале најмногу интереси, па токму на тој начин биле распоредени и нивните војски, на начин според кој најлесно би биле реализирани нивните планови во понатамошниот тек на војната.[26]

Италија ја окупирала јужна Словенија, поголем дел од Далмација вклучувајќи ги островите во Јадранското море, потоа Црна Гора, дел од Косово и Метохија, притоа доделувајќи и на Албанија делови од Зетската бановина, дел од Вардарскиот дел на Македонија, дел од Метохија и поголем дел од Косово. Унгарија ги анектирала Бачка, Барања, Меѓумурје и Прекумурје, а Бугарија го добила во најголем дел Вардарскиот дел од Македонија. Германија ги анектирала северните делови на Словенија и останатиот дел од Србија и Банат притоа формирајќи ја територијата на воена управа во Србија.

## 2.3. Грција

Во 1940 година воените дејствија не ја одминале ниту Грција. Војната се ширела со се поголема брзина и се поголем број на држави биле вовлекувани во војната. Мусолини, кој ја предводел Италија и кој сакал да го достиге Хитлер во неговите освојувања, но во исто време да обезбеди поголема контрола над воените дејствија што се воделе во Северна Африка, Либија и Египет, ја сметал Грција за погодна територија од каде што може да се водат тие воени дејствија, па се насочил кон организирање на воени дејствија кон Грција со цел да ја стави под

[25] Воена енциклопедија...стр.343
[26] Тодор Чепреганов „Историја на македонскиот народ„, ИНИ Скопје 2008 година, стр.257

своја контрола и оваа територија, а тие воени дејствија од страна на Италија кон Грција започнале на 28 октомври 1940 година.[27]

Но, по неколкуте неуспешни воени напади на италијанската војска врз Грција, Хитлер ја согледал опасноста дека може да се изгубат значајни стратешки територии во Грција. Во исто време настаните од 27 март во Југославија го предизвикале Хитлер да донесе одлука да ја нападне и да ја уништи Југославија бидејќи на неа гледал како несигурен фактор при планирањето и изведувањето на неколкуте воени акции меѓу кои ,,Марита,, - нападот на Грција и ,,Барбароса,, - нападот кон Советскиот сојуз.[28]

Од друга страна пак, Велика Британија била обврзана кон Грција со декларација која била потпишана во 1939 година дека ќе ја помогне Грција во случај на воени дејствија. Првата британска воена помош била испратена во текот на ноември 1940 година, експедициски корпус кој што со согласност од грчките власти бил сместен на островот Крит.

Наскоро командантот на грчката армија Александрос Папагос во јануари 1941 година на средба во Атина помеѓу британски и грчки политички лидери го изнел барањето до Велика Британија со кое било побарано од неа да испрати уште девет дивизии и соодветна воздушна помош за Грција, но Велика Британија поради своите воени активности и ангажираност во војната во Северна Африка, предложила само испраќање на мали единици во Грција, предлог што бил отфрлен од грчката страна.[29]

Новиот план на Хитлер се состоел од двоен напад во исто време и врз Југославија и врз Грција кој бил реализиран на 06 април 1941 година, при што како негови сојузници требало да содејствуваат и унгарските и италијанските сили.

---

[27] Ј. Марјановић... стр.139
[28] Исто, стр.142
[29] Ристо Кирјазовски, "Демократски и антифашистичкипартии и организации во егејскиот дел на Македонија (1941-1945)"Скопје, 1991 стр.68

Во тој период од шест месеци, односно од почетокот на италијанската агресија во Грција се до нападот на Германија во Грција, македонскиот и грчкиот народ се обединил против овие воени дејствија, но сепак со почетокот на германскиот напад, а посебно по навлегувањето на италијанските и бугарските сили на територија на Југославија, грчката армија за помалку од еден месец била разбиена и на 28 април 1941 година територијата на континентална Грција била целосно окупирана, додека виши офицери ја потпишале капитулацијата и прифатиле формирање на Квислиншка влада на чело со генералот Чолакоглу.[30]

По капитулацијата на Грција, Хитлер ја издал директивата 29 со која се предвидувала окупација и поделба на Грција. Северниот дел на Грција односно територијата на егејскиот дел на Македонија бил поделен на три окупациони зони: италијанската зона се простирала се до линијата Лерин – Катерина вклучувајќи ги островите во Егејското море, Тесалија и Пелопонес. Од линијата Лерин - Катерина започнувала пак германската окупациона зона која воедно била и најголемата зона и го зафаќала најбогатиот дел и се протегала кон исток до реката Струма вклучувајќи ги градовите Атина, Солун и Лерин. Од реката Струма се до реката Места се протегала бугарската окупациона зона.[31]

И покрај целокупното угнетување, омаловажување, свирепиот терор и измачување од страна на Грција врз Македонците во Егејска Македонија, во текот на целиот овој период, македонското население покажало здрав разум, политичка зрелост и антифашистичко расположение и ориентација. Тоа било прилично свесно дека со доаѓањето на италијанскиот фашизам или германскиот нацизам на територија на Грција, за македонското население тоа би значело двоен терор, двојно угнетување и измачување. Токму поради ваквата причина да се одбрани од можниот двоен терор македонското население, покрај грчкото население масовно

[30] Ј. Марјановиħ... стр.144
[31] Христо Андоновски, "Македонците под Грција во борбата против фашизмот(1940-1944)"Скопје, 1968, стр.109

се вклучило во мобилизацијата и биле испратени кон т.н. Албански фронт во првите линии на фронтот каде и останале до крајот.[32]

Во периодот додека сојузничките војски ја завземале територијата на Грција и спроведувале своја управна власт ставајќи ја грчката територија под своја управа, повеќето членови на КПГ воглавно биле затворени, додека останатите републикански водачи биле во прогонство. За време на италијанските напади врз Грција, нацијата била обединета поради потребата да се спротивставaт на италијанските напади, при што кралот станал симбол на отпорот, но по потпишувањето на капитулацијата, кралот Георги II[33] како и кралот Петар избегал во Лондон каде што формирал влада во егзил и била признаена од страна на сојузниците. Во исто време бил формиран и втор центар на грчката активност во Каиро којшто се формирал по остварените британски победи врз силите на



***Грчкиот крал Ѓорги II***

[32] Р. Поплазаров… "Грчката политика спрема Македонија во втората половинана XIX век и почетокотна XX век. (Вооружени пропагандни дипломатски и други антимакедонски акции и борбата против нив на теренот)" Скопје, 1973, стр.81

[33] **Кралот Ѓорги II** или на грчки *Γεώργιος Β□, Βασιλε□ς τ□ν □λλήνων, Geórgios B□, Vasiléfs ton Ellínon* бил роден на 20 јули 1890 година во Атина. Тој бил крал на Грција во периодот од 27 септември 1922 до 25 март 1924 година, како и од 03 ноември 1935 до 01 април 1947 година односно се до неговата смрт.

Во првата година од неговото владеење се обидел да се отргне од противниците на својот татко. Се обидел да го распушти Револуционерниот комитет кој бил основан по бунтот на Николаос Пластирас и Стилијанос Гонатас, но не успеал и бил прогонет од земјата. За регент на земјата бил избран Павлос Кундуриотис. На 25 март 1924 година, Народното собрание донело одлука за промена на државното управување и Грција била прогласена за претседателска република. На референдумот кој бил одржан подоцна, формално кралската династија била укинета.

На 10 октомври 1935 година во грчкиот парламент во присуство само на 82 пратеници била донесена одлука за враќање на монархијата како форма на управување. На 3 ноември истата година бил одржан референдум и одлуката на парламентот била потврдено. На 25 октомври 1935 година крал Георги II се вратил во земјата. На 18 март 1936 година по смртта на премиерот Константинос Демердзис, кралот мандат му дал на Јоанис Метаксас, со што започнал т.н. *Период на диктатурата на Метаксас*.

По германскиот напад над Грција (1941) кралот Георги II првично се засолнил на островот Крит, а потоа во Александрија,Египет и на крај во Лондон, Англија. Таму останал до крајот на војната. По завршувањето на војната за регент бил прогласен архиепископ Дамаскинос (29 декември 1944 година). На 26 септември 1946 година се одржал референдум со кој било потврдено монархическото управување.

Оската во Северна Арфика, но истата немала некое силно влијание на територијата на Грција, односно односите на владата во егзил со групите на отпор во Грција биле вршени со посредништво на британската воена мисија во Грција и покрај тоа што во Каиро била организирана грчката армија, морнарица и воздухопловните сили кои и покрај се вршеле операции под британска команда.[34]

Како и во останатите делови на Балканот, Оската не можела да управува со целата територија, па на тој начин многу брзо се создал еден вакум простор кој бил погодна почва за формирање на најразлични движења на отпор, а најсилни биле движењата предводени од комунистичката управа.

Пред почетокот на воените дејствија во Грција, Комунистичката партија немала некоја значајна улога во политичкиот живот во државата, бидејќи како што веке споменав, со воведувањето на диктатурата на Метаксас, членовите на партијата биле затворани, прогонувани, а дејствувањето на партијата било ограничено. Членството на партијата најчесто било составено од незадоволни интелектуалци, градската средна класа, угнетените малцинства, а особено од бегалците од Анадолија. Но, со почетокот на воените офанзиви во Грција, членството на КПГ започнало да се обединува, да се враќа назад во Грција и да работи на обединување и организирање на отпор против фашистичките напади.

Како водачи на КПГ од овој период се истакнале Никос Захаријадис кој во 1941 година бил однесен во логор, а неговата водечка улога во периодот на воените дејствија од 1941 година ја превзел Георги Сиантос.[35]

## 3. Положбата на македонското население во Егејска Македонија под тројната окупација

Како што веќе погоре е споменато, германските војски за неполн месец успеале да ја пробијат одбраната на грчката армија и да ја доведат Грција под

[34] Р. Кирјазовски... стр.59
[35] Ристо Кирјазовски „Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945-1949)", Скопје, 1995, стр. 110

целосна окупација од страна на Германија, Италија и Бугарија. [36]Егејскиот дел на Македонија се нашол распарчен меѓу трите окупациони зони:

- **Италијанска окупациона зона:** западниот дел на Македонија со Костурско, дел од Кожанско (Гревена и Сјатишта) и дел од Леринскиот округ;
- **Германска окупациона зона:** централна Македонија со Солунско, Кукушко, Гуменџиско, Воденско, Берско, Катеринско и дел од Леринско и Кожанско и
- **Бугарска окупациона зона:** Западна Тракија, Источна Македонија до реката Струма и островите Тасос и Самотраки.[37]

И покрај формираните три окупациони зони, сепак западниот и централниот дел од Македонија, територии каде што во најголем број живеело македонското население, биле оставени под управа на грчката квислиншка влада предводена од генералот Чолакоглу, а целата окупирана територија го добила називот "Елиники политија" - (грчка државна управа).[38]

Но, по ваквата распределба на зони, Италија и Бугарија се јавиле како незадоволни од оваа поделба и јасно ставиле до знаење дека не ја сметаат за дефинитивна. Бугарија започнала да врши притисок со цел да ја прошири својата окупаторска власт врз цела Егејска Македонија. Во делот од Македонија кој што се нашол под бугарска управа биле воспоставени административни и политички органи на бугарската власт, а била распоредена и Втората бугарска армија и голем број колонисти. Бугарските власти започнале со реализација на низа мерки и пропаганди со цел да се изврши бугаризација на населението кое живеело на територијата која што се нашла под нивна управа. Но, токму поради силните притисоци и репресии што ги вршеле бугарските власти, голем дел од населението, некаде околу 81. 000 лица биле принудени да ги напуштат своите домови.

[36] Лилјана Пановска, "Теророт во егејскиот дел на Македонија (подгерманско-италијанска окупација) 1941-1944" Скопје, 1995 стр.128
[37] Р. Кирјазовски, "Демократски и антифашистички... стр.47
[38] Р. Кирјазовски, „КПГ и Македонското.... стр.91

Со цел да го придобие македонското население на своја страна, бугарските фашисти го искористиле мачното и тешко угнетување и денационализаторска политика на грчката буржоазија. На 05 јуни 1942 година бил донесен Закон од страна на бугарската влада со кој се овозможувало доделување на бугарско државјанство на македонското население, а со цел на што полесен и побрз начин да ги задоволат своите големобугарски аспирации и да придонесат македонското население да се откаже од отпорот против фашизмот, бугарската управа развила силен пропаганден апарат и во останатите окупирани делови од Грција, односно во деловите кои биле окупирани од страна на Германија и Италија.[39]

Италија пак со цел да ја спречи Бугарија во тие намери организирала движење за присоединување на Костурскиот округ кон Албанија која веќе се наоѓала под нејзина власт. Тоа движење било составено од познати шпиони и предавници со албанско и влашко потекло, а веќе во ноември 1941 година, било побарано со меморандум од Мусолини да дозволи присоединување на Костурскиот округ кон Албанија.[40]

Со доаѓањето на италијанските, германските и бугарските окупаторски фашистички војски и воведувањето на нивниот државен апарат, а секако и квислиншката грчка влада, македонското население од Егејска Македонија се нашло во дополнително тешка состојба, тешки животни услови, а решавањето на прашањето за обединување на македонскиот народ станало тема која што е далеку од размислување, а уште подалеку од решавање.

Сепак и покрај притисоците од страна на окупаторите, македонското население во Грција заедно со грчкото, кое се нашло во еден период предадено и напуштено од владеачката класа, цврсто ги издржало притисоците од страна на фашистичките окупаторски војски и политики. Населението било антифашистички поставено и со став дека ќе се спротивстави на тројниот окупатор, а било само прашање на време кога и кој ќе формира насока доволно силна да го поведе

[39] Александар Литовски, "Македонската национално-ослободителна платформа во Втората светска војна (1941-1944)", Сојуз на здруженијата на Македонците од Егејскиот дел на МАкедонија, Скопје 2008, стр.81
[40] Весник „Лаики фони,, (Народен глас), Орган на македонското биро на КПГ од 22-28 февруари 1946 година

населението во организација и подготовка како и воведување во борбени дејствија против тројните окупаторските војски, но во исто време и против домашните предавници. На почетокот на воените дејствија во 1940-та година таква улога самоиницијативно ја презеле комунистите, а нешто подоцна и самата КПГ.

## 4. Организирање на отпор против окупацијата и учеството на Македонците во отпорот

Почетокот на окупацијата на Грција од страна на окупаторските фашистички војски, членовите на КПГ вклучувајќи ги членовите од цела територија на Грција и Егејска Македонија, независно Македонци или Грци, ги затекнала затворени по затвори и логори. Речиси целиот Централен комитет на Комунистичката партија на Грција заедно со основниот кадровски актив се наоѓале затворени во логори кои што грчките власти по потпишувањето на капитулацијата и формирањето на грчката квислиншка влада биле предадени во рацете на Германските војски. На тој начин членовите на КПГ не можеле да преземаат било каква активност за подготовка на организиран отпор против окупаторот.[41]

Но, македонското биро на КПГ кое делумно успеало да ја избегне диктатурата на Метаксас, на територијата низ источна и централна Македонија успеало да сочува партиски организации, а со нивна помош да се развие интензивна дејност за прилагодување на работата на партиските организации во новите услови и да презема соодветни мерки за организирање на отпор против окупаторот. Веднаш по капитулацијата на грчката армија, комунистите кои се вратиле од фронтот, самоиницијативно пристапиле кон организирање и обновување на старите, но и формирање на нови партиски организации, групи на отпор, групи за собирање и прекривање на оружје, групи за организирање на членови и воени обуки и слично. Ваквата активност била посебно изразена во

[41] Лилјана Пановска, "Теророт во егејскиот дел на Македонија (под германско-италијанска окупација) 1941-1944 " Скопје, 1995г. стр. 76

околината на Костурско, Леринско, Воденско но не била беззначајна ниту организацијата во останатите делови на Егејска Македонија.[42]

И покрај тоа што војната ги затекнала членовите на КПГ "разбиени" сепак КПГ многу бргу успеала да ја обнови својата виталност и да се насочи кон постепено јакнење и организирање на првите форми на отпорот.

Опстанокот и националното ослободување биле линија на движење на платформата на македонското биро на КПГ, а за таа цел во април 1941 година бил и испратен манифест во кој што не се зборувало за местото и правата на националните малцинства како и нивната состојба по ослободувањето, додека под национално ослободување се подразбирало враќање на државните граници од пред војната.[43]

Во почетокот на месец мај 1941 година, во Солун на иницијатива на Македонското биро на КПГ, била формирана националноослободителната организација "Елефтериа" - (Слобода), а под оваа организација потоа започнале во повеќе населени места во западна и централна Македонија да се формираат помали воени групи за отпор, а останатите веќе формирани самоиницијативни помали групи биле обединувани со групите од "Елефтериа". Оваа организација како дел од своите задачи, покрај организирање на населението, собирање на оружје и слично, издавала и свој весник под исто име како и организацијата. Веќе кон крајот на мај месец истата година биле изведени и првите воени саботажи од страна на членови и активисти на "Елефтериа" односно биле превземени акции во Солун за уништување на повеќе германски камиони и резерви со бензин.

Обидите на населението од Костурско, Леринско и Воденско да се спротивстави на обновувањето на стариот грчкиот државен апарат исто така претставува еден вид на форма на отпор на населението против окупацијата. Но,

[42] За тоа дека комунистите со успех го извршувале организираното собирање и прикривање на оружјето го потврдил и командантот на специјалниот италијански баталјон за претрес и прогон, мајор Де Примо со неговата изјава дека само во подрачјето на Нестрам, Костурско во есента 1941 година при претрес биле откриени 21. 000 бојни пушки. Овој податок бил објавен во весникот "Лаики фони" (Народен глас), Орган на македонското биро на КПГ од 22-28 февруари 1946 година.

[43] Ристо Кирјазовски, "Македонски национални институции во Егејска Македонија (1941-1961)"Скопје, 1987 стр.116

овој обид не покажал значаен успех затоа што воведувањето и спроведувањето на грчкиот државен апарат било подпомогнато од страна на германските окупациски власти.[44]

Во месец јуни 1941 година од логорот Акронавплија биле ослободени 27 лица, претежно Македонци и активисти на КПГ. Со нивното ослободување се овозможила можност за да се формира централен раководен орган односно централен комитет на КПГ кој што можел да врши координација на воените дејствија и активности при антифашистичкиот отпор на населението.[45]

Но, на 22 јуни 1941 година се случил нападот на Германија врз Советскиот сојуз. Овој настан придонел да се појави и да преовладува мислење во Македонското биро на КПГ дека Германија наскоро ќе ја изгуби војната и дека ќе биде совладана од страна на советските војски, а со тоа се отворила идејата дека треба да се активираат сите можни планови и идеи за организирање на воени единици и водење на вооружена борба против окупаторот. Во Солун бил организиран револуционерен комитет за Македонија кој бил задолжен за организирање и раководење на вооружен отпор, а многу бргу потоа и во другите населени места.

Во месеците кои следуваат односно во текот на јули и август 1941 година, во Нигритско, а потоа и во Кукушко биле формирани првите партизански единици, а во месец октомври во Костурско била формирана и партизанска група. Во ваквите подготвителни случувања не заостанувало ниту македонското население кое се наоѓало на територија на источна Македонија и Тракија, каде на 20 август 1941 година во Драмско била формирана партизанска група која за неполн месец достигнала број од околу 150 борци.[46]

Од досегашните настани и случувања јасно може да се заклучи дека можностите и условите за формирање на организирани форми на отпор во Грција,

[44] Вангел Ајановски Оче "Егејски бури - Револуционерното движење во Воденско и НОФ во Егејска Македоница", Скопје, 1975, стр. 88
[45] Р. Кирјазовски „КПГ и Македонското... стр.182
[46] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт... стр.145

а посебно во Егејска Македонија биле доста поволни. Но, КПГ сеуште не била доволно силна за да застане на чело и да ја предводи организацијата за масовен отпор на населението против окупациските војски. Досегашните организирани обиди за отпор биле во поголем дел најчесто самоиницијативни од страна на комунистите и на македонското биро на КПГ, слабо организирани и немоќни да се спротивстават соодветно и подолготрајно на фашистичкиот воен режим.

Но, по формирањето на ЦК на КПГ во јуни 1941 година, во јули истата година се овозможиле соодветни услови за одржување на Шестиот пленум на КПГ, кој што воедно бил и прв пленум по окупацијата на земјата. На пленумот биле разгледани и анализирани причините за војната како и нејзиниот развој и правецот кон каде се движи, а во исто време била истакната солидарноста на КПГ со борбата на Советскиот сојуз. Меѓу другото по извршените анализи на внатрешната состојба во Грција, биле констатирани недостатоците на монархофашистичката диктатура на Метаксас кои на свој начин придонеле за вовлекување на Грција во војната. Исто така на овој пленум бил испратен апел до сите политички партии во Грција, разни организации и патриотски движења да ги обединат своите воени сили и заеднички да пружат отпор и да учествуваат во националноослободителната борба за национално ослободување на Грција.[47] Но, на пленумот ниту пак во апелот не било спомната за националните малцинства и нивното место во борбата за национална и социјална слобода.

И покрај одржаниот пленум каде било разговарано за водење на вооружена борба, сепак не биле преземени или планирани било какви мерки за да се изврши масовно вооружување на населението.[48]

Во септември 1941 година бил одржан Седмиот пленум на КПГ, каде што било потенцирано дека треба да се забрзаат подготовките и да се организира населението за кревање на ослободително востание, а како пример била земена состојбата и случувањата во соседна Југославија каде народното војување

[47] „Саранта хрења ту ККЕ„ (40 години на КПГ) 1918-1958 година, избор на документи, политички и литературни изданија, страна 468-469

[48] Р. Кирјазовски, "Македонски национални институции... Стр.158

достигнало степен на партизанска војна. Формирањето на национално-ослободителен фронт (ЕАМ) и организирање на населението за борба и опстанок непосредно се наметнало како задача на овој пленум, а националното прашање повторно било изоставено.[49]

Но, случувањата на теренот се одвивале во друг правец. Кон крајот на септември 1941 година, во Источна Македонија и Тракија, македонското биро на КПГ за Источна Македонија иако отсечено од ЦК на КПГ, сепак располагало со силни и релативно масовни партиски организации, успеало да развие активности за пружање на вооружен отпор.[50]

## 4.1. Драмско востание (28-29 септември 1941 година)

Во Драмско, располагајќи со одред од 155 борци, обезбедено оружје за околу 3000 лица, обезбеден санитетски и друг материјал, Македонското биро на КПГ за Источна Македонија и Тракија донело одлука за започнување на вооружена борба на 28 и 29 септември 1941 година, односно започнало Драмското востание. 3 000 востаници, Македонци и Грци на чело со комунистите но, подржани масовно од целото месно население ги нападнале полициските станици и ги ликвидирале окупаторските власти во Доксато, Просочен и околните села. Била воспоставена народна власт и во градот Просочен бил одржан говор на кој се зборувало на грчки и на македонски јазик притоа објаснувајќи ги целите на востанието пред самото население.[51]

Но, бугарските власти преку своите агенти успеале да добијат предвремени информации за случувањата во ове краеви и се нашле подготвени пред востаничките активности, при што биле активирани полициски и воени сили. Востаниците кои биле организирани во привремени единици и без оперативни

[49] Списание ,,Етники антистаси,, (Национален отпор) бр.2 стр. 86-88
[50] Х. Андоновски, "Македонците под Грција... стр.135
[51] Р. Кирјазовски, "Македонски национални институции... стр.148

планови и врски помеѓу нив, покрај силниот отпор кој го пружиле кон бугарските војски, сепак започнале да се расформираат.

Последиците од ова неуспешно востание биле катастрофални за населението во Драмско, околу 3000 лица биле стрелани во Драма и околијата, а загинале и членови од раководството на ОК на КПГ за Драмско, додека неколку илјади жители од овој крај биле принудени да се иселат во околните области.[52]

Ова предвремено и неуспешно востание останало запишано во историјата како пример дека духот за ослободување на населението е присутен без оглед дали се Македонци или Грци, дека Македонците заедно со Грците масовно учествувале во него и покрај антимакедонската политика на Грците и желбата на Бугарите да го придобијат македонското население на своја страна. Во исто време решеноста на македонското биро за самоиницијативни подготовки за обезбедување на оружје и подготовки на населението за војување укажува на фактот дека КПГ не преземала сериозни активности на дело во тој поглед.

## 5. Формирање на ЕАМ - ЕЛАС и учеството на Македонците во нив

По одржување на Седмиот пленум, Комунистичката партија на Грција покажала иницијатива за формирање на национално - ослободителен фронт. Тој бил формиран на 27 септември 1941 година во планинскиот регион на Грција, а бил составен од членови кои имале различно политичко убедување, задача што КПГ ја имала поставено да ги обедини сите сили од територијата на целата земја, без оглед на политичкото убедување и определување и подготвени за вооружена борба против окупациските војски.[53]

Со формирањето на ЕАМ, била усвоена и програма која се состоела од неколку точки:

---

[52] Исто, стр.150

[53] Наум Пејов, "Македонците и Граѓанската војна во Грција" Скопје, 1968год. Стр.93

- прогонување на окупаторот;
- воспоставување на интегритетот на Грција;
- самоопределување на Кипар, Додеканезите и Северен Епир;
- стратегиско регулирање на северните граници.

Во програмата на ЕАМ не бил земен било каков став за решавање на македонското прашање, но било планирано проширување на грчките граници на Север на штета на балканските соседи.

За организација на населението за вооружена борба против окупаторот како и за раководење со борбата, ЕАМ ја формирала Грчката народноослободителна војска ЕЛАС, а во декември 1941 година со решение на ЦК на ЕАМ бил формиран и ЦК на ЕЛАС.[54]

Во почетокот на 1942 година ЕЛАС не покажала некоја значителна улога. Овој период ЕЛАС го користел за организациски подготовки. Првите воени активности ЕЛАС ги покажала во втората половина на 1942 година, а големите битки на Источниот фронт кои завршиле со силен пораз за фашистичките војски и влијаеле за измена на текот на војната, потоа успесите на Сојузниците на Западниот фронт, посебно операциите во Северна Африка, како и победите издвојувани на партизанските единици во Југославија ја натерале КПГ посериозно да реагира и да се насочи за организирање на масовно востание.[55]

Во декември истата 1942 година КПГ одржала Земска конференција каде што било истакнато дека како централна задача на КПГ и понатаму останувала борбата против окупаторот и ослободување на Грција и грчкиот народ од секаков вид на надворешно политичко и економско ропство, притоа истакнувајќи ја потребата од обединување на сите патриотски сили за да се дојде до национално ослободување и демократска обнова на Грција.

[54] Ристо Кирјазовски, "Македонското национално прашање и Граѓанската војна во Грција" Скопје, 1987 год. Стр.67

[55] Панделис Вајнас, "Славомакедонците и Демократската армија на Грција" списание "Димократикас стратос" (демократска армија) бр.10 од 1968 година

На Земската конференција во поглед на националното прашање за малцинствата, бил задржан веќе постоечкиот став дека КПГ и понатаму ќе се бори за целосна рамноправност на националните малцинства кои што живеат во Грција. [56]

Потпирајќи се на одлуките донесени на Земската конференција, партизанските комитети на КПГ добиле за задача да мобилизираат што поголем број на борци. Македонското население и овој пат масовно се приклучувало во мобилизацијата на партизаните заедно со грчкото население. Доказ дека Македонците масовно се вклучувале во ослободителните активности е востанието кое започнало на 04 март 1943 година во селото Нестрам, Костурско кое што било населено со поголем број на Македонци.[57] По акцијата на партизаните, селото било ослободено. Истиот ден други партизански единици во западна Македонија во близина на селото Сјатишта кај теснецот Бугази-фардикампос успеале да совладаат еден италијански баталјон, при што заробиле 603 италијански војници и го заплениле целото оружје. Овие востанички активности отвориле можност за поголем развој на востанието во Западна Македонија, при што им се отворила можност единиците на ЕЛАС да ги ослободат северен, централен и јужен Пинд, градови, поголеми села како Сјатишта, Гревена, Нестрам, Рупишта и други.[58]

Зголемениот прилив на борци во партизанските единици на ЕЛАС довело до тоа партизанските групи во текот на февруари и март 1943 година да прераснат во одреди со обласни и околиски штабови. Вакви штабови биле формирани и набрзо до средината на месец април 1943 година партизанските единици од речиси целата територија на западна Македонија биле организирани и управувани преку вакви штабови.[59]

---

[56] Списание "Етники атистаси" стр. 86-88
[57] Р. Кирјазовски „КПГ и Македонското... стр.192
[58] "Саранта хроња ту ККЕ" стр.473
[59] Велимир Брезоски, "Ослободителната војна во Македонија во 1943 на територијата на СР Македонија" Скопје, 1971 стр.97

Интересно во овој период е тоа што целокупното раководство на отпорот во Грција било републиканско и комунистичко, бидејќи не постоела соодветна ројалистичка група затоа што поранешниете воени офицери или заминувале од Грција или останувале надвор од случувањата во политичкиот живот на Грција.

## 5.1. Велика Британија и општествено - политичките прилики во Грција

Случувањата и настаните што се одвивале во Грција тесно биле поврзани со целите и идеите на политиката што ја водела Велика Британија која била цврсто решена токму преку таквата политика да ја зачува водечката позиција и понатаму да го контролира Средоземјето, а по завршувањето на војната да го задржи доминантното влијание во Грција. Како главна цел пред себе во поглед на воените случувања во Грција, Велика Британија гледала во тоа да се избори да го спречи паѓањето на грчката територија во рацете на герилските воени групи кои што првенствено биле водени од комунистичко односно советско раководство. Како најсоодветно решение во тој поглед, Велика Британија гледала во давањето на подршка на кралската влада во Грција која што најмногу одговарала на профилот на изведувач создаден од страна на Велика Британија преку кој ќе може таа да ги оствари своите планови за во иднина.[60]

Но, од друга страна пак, во исто време британските водачи оделе во насока да ги искористат силите на отпорот во Грција кои што биле со републиканско или комунистичко раководство и исто како и Велика Британија и тие биле насочени против воените сили на Оската. Токму овие случувања ја довеле Велика Британија во еден крстопат каде што нивните политички и воени цели наидувале на конфликт. Во есента 1942 година, Велика Британија се подготвувала за воените дејствија во Северна Африка, а како стратегиски и значајни линии за

[60]Т. Чепреганов, "Политиката на САД и на Велика Британија... стр.171

снабдување на својата војска при изведување на офанзивите Велика Британија гледала токму на Балканот.[61]

Со цел да се осигура дека значајните железнички линии на територија на Грција за одреден временски период ќе останат отсечени, Велика Британија во септември 1942 година испратила падобранци кои преземале акција со цел партизанските единици да ги поделат во герилски групи и преку нивна активност успеале да го кренат во воздух вијадуктот "Горгопотамос" кој што се наоѓал во близина на витална железничка линија. По завршувањето на овие планирани акции, дел од британските офицери останале во Грција и продолжиле да соработуваат со групите на отпорот во Грција со главна цел да успеат да воспостават еден вид на воен сојуз помеѓу герилските групи кој што би бил под контрола на Велика Британија.[62]

Во исто време, во јуни 1943 година, кон ЕЛАС од страна на Југословенските борбени партизански единици биле направени обиди за потесна соработка. Претставници на Комунистичката партија на Југославија, на Грција и на Албанија на 20 јуни 1943 година усвоиле и потпишале заклучок за соработка, а неколку дена подоцна на 25 јуни било потпишано и решение за формирање на балкански штаб на Народноослободителните војски на балканските земји.[63]



***Мостот Горгопотамос***

Но, оваа соработка останала не реализирана поради договорите и обврските на Политбирото на ЦК на КПГ кон Англија и во август 1943 година ја поништил оваа согласност и не ја прифатил таа потреба за формирање на балкански штаб, а не била дадена ниту согласност кон

[61] Исто, стр.174
[62] Х. Андоновски, "Македонците под Грција... стр.159
[63] ДАРМ, збирка "Грција во отпорот 1940-1945 година" k.34 а/е 497 и 498

заклучокот со кој било предвидено партизанските единици од Вардарскиот дел на Македонија кои по преминувањето во Егејскиот дел на Македонија да го подржуваат мислењето и да зборуваат дека македонското население по војната ќе има право да добие полна слобода и право на самоопределување. Доколку би била реализирана и постигнатата согласност секако дека таа ќе имала позитивен одраз врз развојот на востанитео, а можеби и врз целокупната борба на македонскиот и грчкиот народ.[64]

За одбивањето и поништувањето на оваа спогодба од страна на ЦК на КПГ, во позадина стоело потпишувањето на Договор со англиската воена мисија на 05 јули 1943 година според кој ЕЛАС биле претставена како сојузничка војска и била ставена под команда на англискиот штаб за Среден Исток. Со тоа што ЕЛАС била ставена под овој штаб ја изгубила првобитната револуционерна дејност која се изразувала преку интензивни офанзиви и акции на ЕЛАС, кои пак придонеле окупаторските војски да се повлечат во поголемите градови и да се формираат повеќе слободни територии. Со самото потчинување на ЕЛАС под англискиот штаб, таа ја изгубила својата тактика и била принудена да дејствува преку наредбите на тој штаб кои што биле насочени за остварување на англиските интереси на Велика Британија во Грција, нешто што во периодот кој следувал и било реализирано.[65]

## 5.2. Македонското национално прашање во текот на НОВ

Кога се зборува за македонското народноослободително движење на територија во Егејска Македонија за време на Народноослободителната војна, треба да се знае дека тоа се одвивало во склоп на грчкото движење на отпорот. Развојот на македонското движење зависел пред се од ставот на КПГ за македонското прашање.[66]

---

[64] Исто, к.18 а/е 499
[65] Т. Чепреганов, "Политиката на САД и на Велика Британија...178
[66] Р. Кирјазовски, "Демократски и антифашистички... стр. **146**

Во јануари 1942 година на одржаниот осми пленум на КПГ каде што КПГ уште еднаш го потврдила својот став во поглед на македонското прашање, кој што бил донесен на шестиот конгрес на КПГ уште во 1935 година. Тоа значело дека КПГ и понатаму го застапувала ставот дека националното и социјалното ослободување на малцинствата меѓу кои спаѓало и македонското население ќе се случи само со победата на Советскиот Сојуз и обединување на балканските народи во ослободителната борба од окупаторите. Македонските комунисти и патриоти биле убедени дека во текот на борбата стремжот на македонскиот народ за обединување ќе биде реализиран, па затоа издржливо и упорно работеле против окупаторската, а во исто време и против големобугарската пропаганда, се залагале за што поголема мобилизација на македонците во борбените единици на ЕЛАС каде што нивниот број во регуларниот ЕЛАС биле забележани 6000, а во резервниот ЕЛАС 20 000 борци-македонци.[67]

Со цел да се постигне крајната стратегиска цел, македонските комунисти биле свесни дека треба да се изврши целосна мобилизација на Македонците во ослободителната борба. А за да се постигне што поуспешна мобилизација, се појавила потребата од формирање на посебни македонски организации, политички и воени кои ќе имаат национална содржина.

## 5.3. Формирање на МАО – Македонска антифашистичка организација

Македонската антифашистичка организација (МАО) била формирана во април 1942 година во Воденско и претставува прва македонска организација која што се формирала во Егејска Македонија за време на германската окупација. Како главна цел на оваа антифашистичка организација, покрај борбата за ослободување од окупаторот, била да се бори во исто време и за издвојување на национални права за македонското население. Како ваква организација МАО успеала да развие и реализира голема активност и да постигне солидни успеси

[67] П. Вајнас, "Славомакедонците и Демократската армија...."

при мобилизацијата на македонското население, како и при спротивставувањето на окупаторската, но и на бугарската пропаганда на територија на Егејска Македонија.[68]

Македонското население земало активно учествувало во оваа организација. МАО како свој орган го издавало весникот "Црвена звезда" каде што во првиот број бил објавен прогласот на организацијата, повеќе документи и мемоари поврзани со Илинденското востание како и цитати од историјата на македонскиот народ со посебен акцент околу историската поделба на Македонија. Преку ова списание, МАО го искажала својот став дека ќе се бори за ослободување и обединување на македонскиот народ и дека по ослободувањето од окупаторските војски ќе го брани ставот македонскиот народ да си ги добие своите национални права и слободи.

Но, ваквиот став на МАО бил спротивен од ставот на КПГ, односно отстапувал од веќе заземаниот став на КПГ во поглед не само кон македонското прашање, туку воопшто по прашањето на малцинското прашање, било донесено решение од страна на КПГ во октомври 1943 година оваа организација да биде расформирана, а со расформирањето на МАО, престанало да се издава и нејзиното списание "Црвена звезда".

## 5.4. Формирање на Народноослободителен фронт СОФ и Славјаномакедонски народноослободителен фронт (СНОФ)

Воените дејствија и случувањата од фронтот во Европа во текот на 1943 година, придонеле на територија во Грција да се создадат соодветни услови за поактивно организирање на македонското население во Егејска Македонија. По иницијатива на македонското биро на КПГ, во ноември 1943 година во селото Бел Камен, Леринско се одржала Окружна конференција каде што била формирана македонска организација Народноослободителен фронт - СОФ. На истата

[68] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт... стр. 172

конференција била усвоена програмата на организацијата, организационата форма, а било поставено и раководството на организацијата во состав: Петре Пилаев, Ѓорги Турунџиев, Ставро Кочопулос и Никола Тасков.[69]

Организацијата на Македонците во Костурско не заостанувала во плановите и подготовките. Набрзо кон средината на декември 1943 година и во селото Д'мбени, Костурско била одржана основачка конференција за формирање на Славјаномакедонски народноослободителен фронт - СНОФ. Покрај усвојувањето на називот на организацијата, на оваа конференција била поставена структурата на организацијата, нејзиното раководство во чиј состав влегле Паскал Митровски, Наум Пејов и Лазар Поплазаров, а биле претставени и целите на самата организација.[70]


*Дел од борците во СНОФ*

Со почетокот на 1944 година, СНОФ и СОФ продолжиле со својата цел, односно да вршат организирање на македонското население. На 15 април 1944 година била одржана конференција на СНОФ при што бил презентиран ставот и политичката програма која постепено се претворала во платформа за заедничка борба на Македонците и Грците. Како основни точки во платформата биле:

- Борбеното единство на грчкиот и македонскиот народ во Егејска Македонија е услов за успешна и победоносна борба против фашистичкиот окупатор;
- Мобилизација на македонскиот народ во единиците на ЕЛАС за вооружена борба за целосен разгром на окупаторите;

[69] ДАРМ, Збирка "Егејска Македонија К-20, а/е 242
[70] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт... стр. 179

- Политичка и вооружена борба против приврзаниците на Ванчо Михајлов и на Келчев - агенти на Гестапо, кои со својата автономистичка пропаганда целеле да го насочат македонскиот народ против грчкиот и обратно, притоа врбувајќи од редовите на Македонците контрачетници и воопшто да ги стават Македонците во служба на окупаторот;
- Борејќи се заедно со грчкиот народ во рамките на ЕАМ против окупаторот, македонскиот народ може со помош на грчкиот народ да ги реализира своите стремежи за демократски и национални права, правото на самоопределување врз основа на принципите прокламирани во Атлантската повелба и во сите други свечени резолуции на големите сојузници.

Без оглед на тоа што СОФ и СНОФ функционирале како две посебни организации, сепак имале иста цел и работеле на тоа да се постигне самоопределување и обединување на македонскиот народ. Но, за да се постигне таа цел, повеќе од јасно било дека треба да се формира една единствена организација за територијата на цела Егејска Македонија која би имала свое сопствено раководство, вооружени единици за да се учествува во борбата, свои штабови и слично.[71]

Ваков обид за обединување на СОФ и СНОФ бил направен на состанокот на окружните комитети на овие две организации кој се одржал на 28 јануари 1944 година во селото Црновиште, Костурско. На состанокот двата комитети ги искажале своите погледи и ставови за решавање на македонското прашање. Имено членовите на комитетот од Костурско, предводени од Наум Пејов, го изнеле ставот дека македонското прашање може да се реши следејќи го примерот во Југославија, на тој начин што Грција по завршување на војната треба да се организира на федеративен начин во чиј состав би биле вклучени НР Грција и НР Егејска Македонија. Тоа би било реализирано и би се остварило доколку раководството на СНОФ го побара тоа од грчките власти. Овој предлог за формирање на НР Егејска Македонија во федеративна држава со НР Грција,

[71] Исто, стр.181

Пејов го објаснил со тоа што сметал дека Македонците ги имаат сите елементи за една нација, природни и етнички елементи, свој јазик, обичаи, своја национална историја и култура. Лазар Поплазаров исто така го изнел својот став дека било неопходно да се работи за подигање на националната свест на Македонците, а тоа можело да се постигне преку културно-просветна работа, преку негување на македонските традиции и обичаи, притоа нагласувајќи дека македонскиот народ е херојски народ и претставува посебна нација со своја историја.[72]

Но, на овој став се спротивставиле членовите на Леринската делегација, конкретно Петре Пилаев и Ставрос Кочопулос со објаснување дека не може да се следи примерот со случувањата во Југославија бидејќи таа е повеќенационална држава, Грција во главно е една нација, а македонското население е малцинство и го бранеле ставот дека токму како малцинство македонското население би можело да се здобие со рамноправност, став кој што бил многу блиску до позициите на КПГ во поглед на македонското прашање.[73]

Вака спротивставените ставови на двете делегации предводени од Пејов и Кочопулос, биле причина за неуспех и непостигнување на согласност да се пронајде заеднички јазик, да се прифати единствена платформа и да се изврши обединување на организациите со цел формирање на единствена организација за цела Егејска Македонија. Но, и покрај негативниот исход на состанокот во поглед на обединување на организациите, сепак биле цврсто изнесени и поставени барањата на Македонците од Егејска Македонија за национално обединување и формирање на своја држава.

За неуспехот на состанокот во селото Црновишта, покрај спротивставениот став на Пејов и Кочопулос, делумно негативно влијание може да се препише и на негативниот став на КПГ кој што го имала во поглед на решавање на македонското прашање во текот на војната.

СНОФ во Костурско, а СОФ во Леринско ги продолжиле своите активности без оглед на неуспехот од овој состанок. Делувајќи врз основа на македонската национална платформа, тие успевале во масовно да го мобилизираат

[72] Х. Андонов "Македонците под Грција...стр.189
[73] Р. Поплазаров, "Грчката политика спрема Македонија... стр.137

македонското население во борбените единици за борба против окупаторските војски. Се пристапило кон формирање на реонски и основни организации на СНОФ, а за релативно краток временски рок, СНОФ го покривала речиси целиот регион околу Костурско, делувајќи со 5 реонски и 42 основни организации, броејќи 2. 496 мажи и 2. 284 жени членови и 26 професионални кадри. Сумирајќи го бројот на членови кои што СОФ успеала да ги мобилизира во Леринско со членовите на СНОФ во Костурцко, овие две организации броеле и над 10.000 членови. [74]

Токму во времето кога СНОФ успеала да се издигне како водач, мобилизатор и потикнувач на македонското население, во април 1944 година, ЦК на КПГ донел одлука за расформирање на СНОФ, а како причина за ваквиот чекор на грчкото партиско раководство се гледаат во активноста и успехот кој го постигнала СНОФ на национална основа, а тоа било главната препрека на раководството затоа што веќе биле во тек подготовките за преговори со емигрантската влада во Либан кои се случиле во мај 1944 година.[75]

Расформирањето на СНОФ секако не наишло на позитивно одобрување од страна на македонското население. Две групи македонски партизани и активисти на СНОФ од Костурско и Леринско се оделиле од ЕЛАС и се придружиле на партизанското движење во Вардарскиот дел на Мкаедонија, притоа надевајќи се дека ќе ја убедат КПГ да го смени својот став.[76]

По расформирањето на СНОФ, раководството на КПГ наместо да го разгледа повторно својот став кон македонското население и да извлече поука од

[74] Р. Кирјазовски, "Македонските национални институции... стр.162

[75] Одлуката на ЦК на КПГ за расформирање на СНОФ била извршена на II-та окружна конференција на КПГ за Костурско одржана кон крајот на април 1944 година и на 16 мај 1944 година со одржувањето на 25 окружен кадровски актив за Леринско.

[76] „Бурата избувна после април 1944 година, еден ден по завршувањето на Окружната конференција на КПГ за Костурско, кога пристигна познатата наредба на ЦК на КПГ за спојување на СНОФ со ЕАМ и негово растурање. И костурското раководство на СНОФ сметаше дека одлуката не е во склад со ленинистичките принципи за самоопределување, дека Македонија претставува географска и економска целина и дека нашата линија треба да се раководи со идејата на национално воспоставување„ - Дел од многубројните извештаи на партиските комитети во тој период во однос на случувањата за расформирање на СНОФ - ДАРМ, Збирка „Егејска Македонија во НОБ„ К-69, а/е 53 и 58

секојдневните збиднувања во тој период, се одлучила како решение за настанатата ситуација да биде употребата на воена сила и пропаганди.[77]

Но, кога грчкото раководство го согледало неуспехот од примената на ваквите средства, било принудено за започне преговори со ГШ на НОВ во Вардарскиот дел на Македонија. Преговорите биле водени во Караџова, а како резултат била постигнатата согласност за враќање на отцепените македонски партизански единици од Егејска Македонија во составот на ЕЛАС.[78]

По враќањето на овие единици во Грција, на 15 јули 1944 година бил формиран Воденскиот македонски баталјон, а нешто подоцна односно на 02 август 1944 година во селото Поздивишта, Костурско и Леринско - Костурскиот македонски баталјон во состав на ЕЛАС.[79]

Со враќањето на македонските партизани во редовите на ЕЛАС требало да има рамноправност на Македонците и Грците и да биде поттик за поголема мобилизација на македонскиот народ во НОВ, но не се случило очекуваното. Грчкото раководство на отпорот извршило отстранување на тие единици, посебно онаму каде што се сметало дека се наоѓаат иницијаторите на тоа движење и забранило нивно прераснување во поголеми воени формации иако биле создадени соодветни услови за тоа, а притоа била дадена и наредба за нивно отстранување од територија на Грција.[80]

Како резултат на непочитувањето на договорот и негативното однесување од страна на грчкото раководство на отпорот кон македонските партизански единици се случило повлекување на двата македонски баталјони од Егејскиот во Вардарскиот дел на Македонија во октомври 1944 година, каде што по еден

[77] Дел од извештајот на секретарот на ОК на КПГ за Костурско, Периклис: „...Што се однесува на прашањето на СНОФ и на луѓето што се наоѓаат таму, ќе ја средам работата како што треба. Пејов е фатен од нашите партизани и сега е во притвор, а истрагата јас лично ќе ја водам...Митровски ќе го испратам во дивизијата Барба, Ламбро Москов ни е потребен сега за СНОФ, бидејќи Митровски и Пејов ги исклучуваме.„ - ДАРМ, Збирка „Егејска Македонија во НОБ„ К-69, а/е 55
[78] ДАРМ, Збирка „Егејска Македонија во НОБ„ К-69, а/е 65
[79] Х. Андоновски, "Македонците под Грција... стр.195
[80] ДАРМ, Збирка „Егејска Македонија... К-20, а/е 219

месец, во ноември 1944 година била формирана Првата егејска бригада која останала во составот на НОВ и ПО на Македонија се до самиот крај на војната.[81]

## 6. Крајот на фашистичката окупација во Грција

Со обединувањето на македонските борци од редовите на СНОФ во ЕЛАС, таа се здобила со поголем број на војници, а располагала и со значителен број на оружје, а на тој начин ЕЛАС се чувствувала малку пслободна во поглед на помошта од сојузниците.

Велика Британија и понатаму се залагала да го задржи своето влијание во Грција и постојано ја давала својата подршка на кралската влада во егзил, а воените дејствија на Балканот ги користела во своја полза.

Во текот на летото 1943 година, Сојузничките војски имале потреба од помош од страна на герилските формации од Балканот. Со цел да го отргне вниманието на силите на Оската и да изврши истоварување на војска во Сицилија, сојузничките војски сакале да покажат дека главниот удар ќе се случи на Балканот. Самата безбедносна состојба во Грција била прилично слаба, па грчките водачи сакале да се осигураат дека истоварувањето на војската со сигурност ќе се случи на Балканот. [82]

Во јули 1943 година бил потпишан Договор за национални одреди, со кој герилските формации се согласиле на соработка со силите на Оската, а со тој договор на некој начин почнал да се реализира и планот на Велика Британија. Со цел за зајакнување на политиката, во август 1943 година, британската мисија во Грција организирала средба помеѓу членовите на отпорот во Грција и претставници на кралската влада во егзил во Каиро. На средбата, водачите на

[81] Цитат од писмото на Политичката комисија на Македонците под Грција од 29 ноември 1944 година како резултат на револтот кон донесените акти од страна на КПГ за Македонските единици во редовите на ЕЛАС: „Недоразбирање е да верувате дека сме творевина на едно лично движење, на еден инцидент со чисти субјективни побуди. Клевета е да не нарекувате предавници. Штетно и антиленинистичко е да се одалечувате од нашиот народ кој е ваш природен сојузник...сме една идеја, една желба, еден израз на еден цел народ, на една многуплакана татковина која од пепелта на стотици години ропство сака да се прероди. Нашата борба е јасна, национална слобода на нашиот народ, негово национално обединување...„ - Исто, К-20, а/е 238

[82] Т. Чепреганов, "Политиката на САД и на Велика Британија... стр.182

отпорот го изнеле своето барање со кое сакале да биде формирана коалициона влада во која би имале и тие свои претставници, а како најглавна точка тие ја изнеле желбата дека не сакаат кралот да се врати во Грција се до одржувањето на плебисцитот по прашањето за враќање на монархијата. По изнесените барања од страна на членовите - претставници на отпорот, кралот Георги II ги одбил нивните барања по извршената консултација со Рузвелт и Черчил.[83]

Грчката криза во следниот период била поврзана со случувањата во Италија, односно со падот на Мусолини и капитулацијата на Италија. ЕЛАС, како што веќе е напоменато располагала со поголем број на војска, а со капитулацијата на Италија, ЕАМ се здобил со значителен број на оружје од италијанската војска што и дало поголема слобода и независност од помошта на сојузниците во однос на останатите герилски формации. Токму ваквата ситуација и дало за слобода на водачите на ЕЛАС да заземат послободен став и да си обезбедат поголема супериорност над другите ривалски герилски формации.

Согледувајќи го фактот дека војната полека оди кон крајот и дека наскоро некоја од сојузничките сили ќе биде испратена во Грција, а многу повеќе од јасно било дека таа улога ќе и припадне на Велика Британија, раководството на ЕАМ/ЕЛАС донело одлука да бидат преземени активности за воспоставување на контрола во Грција пред да пристигнат британските сили.[84]

Со цел за реализација на својот план и заземање на раководното место во Грција, ЕЛАС од октомври 1943 година започнала да спроведува напади врз ривалските партизански единици, а токму во овој период може да се согледа почетокот на првата фаза од Граѓанската војна која избувнала во Грција веднаш по завршувањето на Втората светска војна, бидејќи веќе се почесто и посилно започнале да излегуваат на виделина спротивставените ставови на грчките власти кон македонското население и решавањето на тоа прашање, а не требало да помине долго време, односно по неколку месеци во април 1944 година

[83] Р. Кирјазовски, “Демократски и антифашистички партии... стр.151
[84] Исто, стр. 185

ситуацијата ескалирала со донесувањето на одлука од страна на ЦК на КПГ за расформирање на СНОФ и негово соединување кон ЕЛАС.[85]

Како главна цел на ЕЛАС во тој период претставувала најголемиот нејзин ривал, Националната републичка грчка лига - ЕДЕС и нејзиниот водач Зервас кој имал подршка од околу 5. 000 луѓе, додека ЕЛАС веќе броела над 15 000 луѓе, а располагала и со добар процент на оружје, артилерија, минофрлачи, машински пушки и друго оружје кое било стекнато по италијанската капитулација. Но и покрај предноста што ја имала ЕЛАС, сепак не успеала да се справи со ЕДЕС која останала недопрена, бидејќи ЕЛАС успеала да се справи само со помалите герилски формации кои ја подржувале ЕДЕС.[86]

Кон крајот на декември 1943 и почетокот на јануари 1944 година веќе станало јасно дека нема да се случи истовар на сојузнички војски, а ЕДЕС и понатаму ја има својата активност. Немирите помеѓу ЕЛАС и ЕДЕС и понатаму траеле, па со цел да се смири ситуацијата со помош на британско посредништво во февруари 1944 година било постигнато примирје.[87]

Веќе следниот месец, во март 1944 година, ЕАМ го формирал Политичкиот комитет за национално ослободување - ПЕЕА, кој како и АВНОЈ во Југославија, претставувал ривал на Грчката влада во Лондон. Членовите на ПЕЕА иако во поголем број не биле комунисти, сепак продолжиле да имаат значајна улога во партизанското движење во Грција.

Како главен недостаток на ројалистичката влада во егзил било тоа што таа немала свои вооружени сили на територија на Грција, но сепак таа ја имала подршката на Велика Британија, посебно од Винстон Черчил. Со помош на британската влада, во текот на 1943 и 1944 година постојано биле правени обиди за доближување на организациите на отпорот кон ројалистичката влада во егзил, но поради постојаниот отпор од страна на партиите од левото крило кои биле против за враќањето на кралот во Грција, ваквите обиди завршувале без успех.[88]

[85] Лилјана Пановска, "Крајот на една илузија. Граѓанската војна во Грција и Македонците 1946-1949"Скопје, 2003, стр. 46
[86] Р. Кирјазовски, "Демократски и антифашистички партии... стр.154
[87] Исто, стр.157
[88] Л. Пановска, "Теророт во егејскиот дел... стр.57

Во еден период односно во април 1944 година кралската позиција прилично била загрозена и ставена во опасност бидејќи избувнале бунтови помеѓу грчките воени и поморски единици во Египет. Сомнежот за главен организатор на овие бунтови паднал врз ЕАМ и ККЕ (КПГ), иако тие не биле организаторите. Како причина за немирите било незадоволството и несогласувањата со состојбата кои траеле веќе подолго време, па бунтот се јавил како резултат токму на тие случувања.[89]

Сепак, британската влада успеала да реагира на време и да се вмеша во ситуацијата за да ги задуши бунтовите, но со таа реакција ја оставила кралската влада одреден период без вооружена подршка. По задушувањето на бунтовите се реализирало големо чистење во воените одреди и голем број на грчки офицери и војници кои биле сметани за несигурни и учесници во бунтовите биле испраќани во логори, а по чистењето биле формирани нови воени единици во кои влегле членови за кои се сметало дека се доверливи, односно под доверливи се подразбирало сите оние кои што со сигурност би ја му ја дале својата подршка на кралот, а во исто време и подршка за остварување на британските планови и интереси во Грција. Во тој период додека траела реорганизацијата на воените единици, била извршена и реорганизација на кралската влада во Лондон.[90]

Еден од последните вакви обиди за компромис меѓу политичките партии и владата во егзил се случил во мај 1944 година во Либан каде присуствувале 25 делегати претставници од сите главни политички партии и организации на отпорот, меѓу кои и членови на ПЕЕА, ЕЛАС, ЕАМ и ЕККА. На средбата бил направен договор да се формира коалициона влада во која место со свој претставник би добиле и претставници на партиите од левото крило. Иако претставниците на ПЕЕА и ЕАМ ги прифатиле точките од договорот, сепак нивното место по враќањето назад во Грција било подолго време празно.[91]

---

[89] Р. Кирјазовски, "Демократски и антифашистички партии... стр.156
[90] Исто, стр.164
[91] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт... стр. 184

По овие случувања, Советскиот сојуз го признал британското влијание и политичка доминација во Грција. Во јули истата 1944 година во Грција бил испратен советскиот емисар Григориј Попов, кој се состанал со водачите на ЕАМ. Иако не било познато што точно било дискутирано на таа средба, се претпоставувало дека тој пред раководството на ЕАМ го изнел ставот дека е во позитивна корист доколку биде прифатена подршката од Велика Британија. Тие претпоставки дошле како резултат на тоа што веќе во септември 1944 година, претставниците на ЕАМ ги заземале своите места на кои што биле назначени во коалиционата влада во Грција. Исто така ги прифатиле и одлуките кои биле донесени со Договорот од Козерта со кој било предвидено сите партизански групи да се стават под управа и команда на новоорганизираната грчка влада на Националното единство, а со тоа и под британска команда. На тој начин и покрај својата доминантна воена позиција, ЕАМ-ЕЛАС се согласила своите сили да ги стави под британска команда.[92]



**Војници од британската армија во Атина во декември 1944 година**

Од септември 1944 година, германските сили постепено започнале да се повлекуваат од грчката територија. Веќе на 12 октомври тие ја напуштиле Атина, а со нивното заминување ЕЛАС-ЕАМ ја презеле контролата над поголем дел од територијата на Грција, со исклучок на еден дел од Епир кој го држел Зервас и некои помали места во Централна и Источна Македонија каде што сеуште имало

[92] Х. Андоновски, "Македонците под Грција... стр. 197

квислиншки вооружени формации на Сегрчката ослободителна организација - ПАО.[93]

Од 04 ноември, силите на ЕЛАС-ЕАМ од Македонија почнале да ги напаѓаат баталјоните за безбедност - вооружени формации од квислиншката влада на Грција во Кукуш. Како над нив, така и над другите формации на ПАО, ЕЛАС-ЕАМ издвојувале победа, а со ликвидирањето на ваквите формации, цела Егејска Македонија е нашла во рацете на ЕЛАС-ЕАМ.

Но, набрзо веќе на 04 декември 1944 година британските сили започнале со воени интервенции во Грција насочени против ЕЛАС, кога започнале да навлегуваат британски воени единици во далеку помал број од оној со кој располагала ЕЛАС. Многу бргу, британските сили како и грчките власти ја согледале големата разлика во бројот на војската со која располага ЕЛАС, а со тоа и можноста дека ваквата состојба може да обезбеди полесно преземање на власта во Грција од страна на партизанските воени единици, па биле преземени мерки за што побрзо распуштање на тие партизански групи и се пристапило кон формирање на национална војска преку која би добиле подршка за остварување и зачувување на нивната позиција. Британската команда во исто време добила зголемување на бројот на своите војници како и воздухопловните ескадрили.[94]

Одлуката за демобилизација била прифатена од страна на ЕАМ, но сепак било побарано покрај демобилизација и распуштање на единиците на ЕЛАС, да се изврши демобилизација и на грчките воени единици кои што се залагале за подршка на владата. Секако ова барање не било прифатено од страна на грчката влада, а како резултат на тоа на 01 декември членовите на ЕАМ се повлекле од владата. Само неколку дена потоа биле организирани масовни демонстрации и генерален штрајк. Демонстрациите се шireле со голема брзина и земале се поголеми размери, па во наредниот период во Грција се случувале судири и напади врз полициски станици, јавни згради и други значајни владини институции, а британските сили и официјалната грчка власт се нашле во костец затоа што

[93] Јован Марјановиќ... стр.218

[94] Т. Чепреганов, "Политиката на САД и на Велика Британија... стр.189

партизанските сили го имале под своја контрола поголемиот дел од територијата на Грција, а во исто време располагале со поголем број на оружје.[95]

Черчил и покрај се не се откажувал од идејата за реализација на британското влијание во Грција. Поради новонастанатата ситуација во Грција, на 25 декември 1944 година, Черчил во придружба на неговиот секретар за надворешни работи Ентони Идн пристигнале во Атина каде што била одржана средба со претставници од грчката влада но, и со членови од партиите од левото крило. На состанокот било наложено да се направат одредени отстапки: Прво кралот Георги II бил принуден да се согласи дека нема да се врати во Грција пред одржување на плебисцитот, прашањето за враќање на монархијата во Грција, а архиепископот Дамаскинос бил назначен за регент се до решавањето на тоа прашање; биле направени и измени во владата, на местото на Папандреу бил назначен генералот Пластирас, кој важел за еден од водачите на ЕДЕС, републиканец и истакнат антикомунист.[96]

Иако ЕЛАС под своја команда и управа имала поголем дел од територијата на Грција, сеуште не можеле да допрат до Атина. Не можеле да се надеваат ниту на помош од Советскиот сојуз, бидејќи тој веќе имал назначено свој амбасадор во Атина кој бил акредитиран од регуларната грчка влада.

Наоѓајки се во ваква ситуација, ЕАМ била принудена да го прифати примирјето кое било потпишано на 15 јануари 1945 година, како и да го прифати договорот од Варкиза потпишан на 12 февруари 1945 година со кој се предвидувало распуштање на сите воени групи и да се изврши предавање на целото оружје, при што за возврат им биле загарантирани целосни политички права и амнестија на сите политички активности кои што биле избршени во претходниот период. Но, втората споменатата мерка не се однесувала за кривично-правните злосторства извршени кон животите и имотот - разлика која што подоцна создала поголеми проблеми.

[95] Р. Кирјазовски, "Демократски и антифашистички партии... стр.177
[96] Јован Марјановић... стр.220

На тој начин мирот на територија на Грција бил вратен, а по крајот на Втората светска војна Грција добила коалициона влада која претежно била составена од политичките партии од пред војната и влада која ја имала британската подршка. Треба да се напомене дека британската подршка на Грција била комплетна, односно Велика Британија и понудила на Грција целосна воена и политичка подршка на официјалната власт со подготвеност да се борат со цел да се спречи победата на партизанските режими.[97]

Со ваквите воени и политички случувања во Грција при самиот крај на воените дејствија и по заминувањето на фашистичките војски од Грција, македонското прашање останало во позадина, целокупното внимание било насочено кон формирање на влада која ќе го прифати советското влијание и подршка, а ќе се отргне од британското влијание.

Но, целата политичка игра не го реализирала тој план, сепак била формирана влада со британска подршка која се придржувала кон десното крило, републикански насочена и со антикомунистички погледи. Тие случувања донеле револт кај населението кое во поголем дел било прокомунистички насочено, а целокупната ситуација наместо да оди во нагорна линија, да се обноват рушевините од виорот на војната која полека гаснеше, придонела следната 1946 година да се случи нова војна, нови немири и несогласувања.

[97] Т. Чепреганов, "Политиката на САД и на Велика Британија... стр.191

# ГЛАВА ВТОРА

## ГРЧКАТА ГРАЃАНСКА ВОЈНА 1946 -1949 ГОДИНА

### 1. Состојбата во Грција во 1945 година по завршувањето на Втората светска војна

По крајот на Втората светска војна во соседните Бугарија, Романија, Југославија и Албанија ослободувањето од фашистичкиот режим во најголем дел се случило со помош и учество на војската од Црвената армија, а по ослободувањето биле формирани влади кои биле насочени кон политиката на Советскиот сојуз, додека политичката ситуација во Грција тргнала во сосема друг правец. Интервенцијата на Велика Британија, формирањето на влада која е насочена кон политиката на десното крило, теророт врз населението од страна на власта, се поголемото незадоволство кај самото население биле само сплет на околности кои јасно најавувале дека ситуацијата во Грција воопшто не оди во правец на смирување и обнова туку дека на повидок била нова војна. Македонското прашање во Егејска Македонија и понатаму било потиснувано, а теророт кој се вршел врз Македонците од ден на ден станувал се пожесток и понеподнослив.[98]

Случувањата во Југославија каде што македонското национално прашање за Македонците од Вардарска Македонија било решено со формирањето на Народна Република Македонија, дополнително го разгорувало гневот и отпорот кај Македонците од Егејска Македонија кон власта во Грција.[99]

По одлуките за расформирање на ЕЛАС и другите воени формации кои биле насочени кон политиката и подршката на Советскиот сојуз, по британската интервенција во Грција како и враќањето на монархијата, формирањето на органи на власта, полиција и армија која ја подржувала политиката на кралот, силниот терор што се вршел врз политичките неистомисленици и секој оној кој

[98] Исто, стр.194
[99] В. Брезоски, "Ослободителната војна во Македонија... стр.92

претставувал "опасност" за власта, не можеле, а да не предизвикаат реакција кај населението, посебно кај Македонците, кај поранешните борци на ЕЛАС и македонските организации.

Повторно како и пред самата војна, КПГ-ЕАМ била онаа која постепено започнала да ги согледува можностите и да бара начин како да се спротивстави на монархофашистичката контрареволуционерна буржоазија. Со одржувањето на бројни манифестации, митинзи, демонстрации кои биле масовно посетени од самото население, потоа преку многуте организации и здруженија кои постепено застанале и ја давале нивната подршка на КПГ, таа ја согледала можноста дека сепак има сојузник во населението со кој може да му се спротивстави на новиот режим во Грција. Комунистичката партија на Грција која ја предводела антифашистичката борба, но и целата левица во Грција броела повеќе од 400 000 членови, со силен партиски актив и организациона структура односно силни партиски организации. Огромното мнозинство на работниците и на селанството биле организирани на најразличен начин: синдикати, работнички организации, земјоделски задруги и слично сите под силно влијание на КПГ.[100]

Македонците од егејскиот дел на Мекедонија, ставени под силното влијание на промените што настанале на Балканскиот полуостров поради случувањата од Втората светска војна, но и со импресии поради создавањето на Република Македонија во склоп на Југославија, следејќи го примерот на Македонците од Вардарскиот дел на Македонија, се определиле на страната на левицата, притоа надевајќи се дека преку заедничка борба со нив ќе успеат и тие да се изборат за да ги реализираат своите идеи.[101]

Грчката левица предводена од КПГ и покрај ударите претрпени во декември 1944 година, претставувала најмасовна и најорганизирана политичка сила во Грција и по договорот во Варкиза, а како таква таа и понатаму претставвала непосредна опасност за десницата која во Грција дошла на власт благодарение

[100] Р. Кирјазовски, "Демократски и антифашистички партии... стр.179
[101] Р. Кирјазовски, "Македонците и односите на КПЈ и КПГ... стр.93

на политиката на големите сили и на политичките грешки на раководството на отпорот односно на самото раководство на грчката комунистичка партија (КПГ). На повидок била отворена војна помеѓу десницата и левоцата во Грција, а Македонското население како да било ставено на средината во целата таа ситуација. За осуетување на една таква можност, атинскиот режим презел секако со помош на Англичаните низа мерки кои имале за цел да се пресметаат со силите на левицата која претставувала сенародна политичка сила, идеа и практика.[102]

## 2. Македонското прашање во 1945 година и формирањето на Тајната ослободителна македонска организација (ТОМО)

Придобивките по завршувањето на Втората светска војна што ги добиле Македонците од Вардарскиот дел на Македонија, не можеле, а да немаат влијание кај Македонците од Егејскиот дел, особено во период кога во Егејскиот дел царувале теророт, притисокот и катастрофите предизвикани од монархофашизмот. Од друга страна пак, демократските сили на Грција успеале да го издржат првиот удар од страна на десницата, а ниту британската интервенција не успеала да го потчини народно револуционерното движење и да му го одземе народнодемократскиот карактер и во исто време да го изолира од народните маси.[103]

Развојот на настаните во Грција укажувал дека Грција нема да го следи демократскиот развој и внатрешното прашање одело во насока на решавање по пат на сила односно со воена пресметка помеѓу двете противнички страни. А за тоа, веднаш по договорот од Варкиза и двете страни започнале да се подготвуваат. Десницата се подготвувала по секоја цена да се задржи и да ја зацврсне својата позиција на власт, притоа за да го ликвидира силното

[102] В. Брезоски, "Ослободителната војна во Македонија... стр.98

[103] Ташко Мамуровски, "Македонците во Егејска Македонија 1945-1946" Скопје, 1995г. стр.36

демократско движење започнала еднострана граѓанска војна. Левицата пак одлучила на ист начин да и се спротивстави на десницата.[104]

Поради ваквата затегната состојба помеѓу двете страни во Грција, македонското ослободително движење морало да ги прилагодува својата стратегија и тактика. Целокупната ситуација која што настанала не само на Балканот туку и во самата Грција, како и перспективата за развојот на настаните претставувала основа кај Македонците од Егејска Македонија да преовладее убедувањето дека биле создадени соодветни услови за започнување на одлучна борба преку која не само што би му се спротивставиле на терроризирачкиот поход врз Македонците од страна на десничарската влада, туку и дека би можеле да се реализираат македонските национални права.[105]

По расцепот и повлекувањето на македонските единици во Вардарскиот дел на Македонија во октомври 1944 година, била формирана Политичка комисија за територија на Егејска Македонија која имала за задача да раководи со борбата на македонскиот народ, да преговара со претставници на КПГ-ЕЛАС-ЕАМ за отстранување на меѓусебниот конфликт како и за да успее да се избори да овозможи вклучување на македонските единици во борбата против реакцијата и англиската интервенција. Оваа политичка комисија испратила свои претставници во Грција со задача да го објасни пред македонското население расцепот меѓу КПГ и македонските единици, како и да ги објаснат целите и перспективите на борбата.[106]

Испратените активисти од политичката комисија, со цел за поуспешно водење на борбата, пристапиле кон формирање на локални македонски организации. На пример во Костирската област ја обновиле организацијата СНОФ, во Леринско СОФ, а во Воденскиот округ била формирана нова организација – Тајна ослободителна македонска организација-ТОМО.

[104] Зоран Тодоровски, “Политичката опозиција во Македонија по Втората светска војна”, Историја, XXXVI/1-2, Скопје 2000, 43-49.
[105] Р. Кирјазовски, "Македонците и односите на КПЈ и КПГ... стр.96
[106] Бранко Петровиќ, "Историја Југославије – Народноослободилачки рат и револуција" книга I, Београд, 1988г. стр.210

ТОМО била формирана на 20 јануари 1945 година, а нејзин иницијатор бил Вангел Ајтовски-Оче.[107] Организацијата била како што кажува и самиот назив, тајна и делувала строго илегално, бидејќи била прогонувана од КПГ. При конституирањето на организацијата било избрано раководство во состав: Вангел Ајтовски-Оче кој бил поставен за раководител на организацијата, Марика Самаренчева, Туши Керамитчиев, Ташко Хаџијанев и Вангел Шамарданов.[108]

Основни организации на ТОМО биле организирано по селата, градските реони, а покрај окружното раководство биле формирани градски одбор и реонски одбори.

Организацијата како основна цел за која ќе се бори ја поставила борбата за издвојување на националните права на Македонците и борбата против силите што се спротивставувале на овие стремежи на македонското население, посветеност за нормализирање на односите со КПГ и другите грчки прогресивни сили за успешно водење на борбата против офанзивата на реакцијата.[109]

Иако постоела релативно краток временски период, од 20 јануари до 23 април 1945 година, ТОМО водена од своите принципи и цели успеала да развие значајни активности и да постигне видни резултати за правилна ориентација на Македонците за борбата која што следувала во наредниот период, како и да постигне резултат во развојот и зацврснувањето на македонската национална свест, а пред се успеала да го подготви теренот во Егејска Македонија за формирање на нова организација – НОФ.[110]

Една од најзначајните активности на ТОМО било нејзиното настојување да издејствува од КПГ да го смени ставот кон стремежите на Македонците и да ја натера КПГ да застане во пружање на помош за нивно реализирање. Но, оваа

---

[107] В. Ајановски Оче "Егејски бури... стр.74

[108] Исто, стр.76

[109] Р. Кирјазовски „Македонски национални институции... стр.98

[110] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт... стр. 188

активност на ТОМО не вродила со плод како последица на непопустливоста на КПГ.[111]

И покрај ваквото негативно однесување од страна на КПГ, членовите на ТОМО заземале учество во секаков вид на манифестации што биле организирани од страна на КПГ како и од другите демократски организации против терористичкиот поход од страна на власта, но и од разбојничките банди.

Со цел да го заштити македонското население од теророт и од физичкото уништување, раководството на ТОМО покрај легалните форми на отпор како протести и слично, имала формирано вооружени групи за самоодбрана. Овие вооружени групи нешто подоцна прераснале во одред кој извршил акции против предавниците и мачителите на македонскиот народ, терористичките и разбојничките банди, а притоа успеал да се издигне како цврст и сигурен заштитник на македонското население во Воденскиот округ.[112]

Но, секоја преземена акција за пружање на вооружен отпор како форма на самоодбрана од страна на ТОМО се спротивставувала со ставовите на КПГ во поглед на формата за водење на борба, па од тие причини КПГ ја окфалификувала активноста и дејноста на ТОМО како антипартиска и саботерска.[113]

Во март 1945 година се одржала средба помеѓу претставници на КПГ и раководството на ТОМО со цел да се постигне заеднички начин на дејствување и да се изврши усогласување на ставовите од двете страни. Но, оваа средба не резултирала со позитивен резултат, бидејќи КПГ барала од ТОМО да се расформира како организација, а во исто време да го разпушти и партизанскиот одред кој бил под нејзина управа. За ова барање, КПГ понудила како објаснување дека формирањето како на самата организација, така и на партизанскиот одред не

[111] Исто, стр. 190
[112] Т. Мамуровски, "Македонците во Егејска Македонија... стр.47
[113] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт... стр. 190

се совпаѓал со политиката, стратегијата и тактиката на КПГ. Секако овие барања не биле прифатени од страна на претставниците на ТОМО.

По неуспешните преговори како и одбивањето на барањата од страна на ТОМО, КПГ ја засилила кампањата против ТОМО. Но, и покрај сите напори да се обвини и да се претстави ТОМО пред населението како негативна, сепак таа во очите на македонското население и понатаму останала како организација која дејствува за да го заштити населението од грабежите и теророт на бандите, а и да се избори за остварување на националните и социјалните права и слободи.

## 3. Формирањето на Народноослободителниот фронт – НОФ на Македонците од Егејска Македонија

Самата ситуација во Егејска Македонија и случувањата во тој период сами по себе ја наметнале потребата од создавање на една организација која ќе се бори за заштита на населението и остварување на правата и слободите. Таква иницијатива презела Политичката комисија за Егејска Македонија која што на 23 април 1945 година го одржала основачкиот состанок и ја формирала Националноослободителната организација – Народноослободителен фронт на Македонците од Егејска Македонија.[114]



*Жени борци во редовите на АФЖ*

На основачкиот

[114] Исто, стр.192

состанок присуствувале делегати од сите делови на Егејска Македонија. Како тема на состанокот меѓу другото било и анализирањето на внатрешната и надворешната состојба во која се нашла земјата, како и местото на македонското национално прашање во сите случувања. Исто така било избрано и раководство на НОФ кое го сочинувале: Паскал Митровски како секретар и Михаило Керамитчиев, Џоџо Урдов, Атанас Коровешов, Павле Раковски како членови на раководството.[115]

На овој основачки состанок, покрај НОФ биле формирани уште и Народноослободителниот младински сојуз – НОМС и Антифашистичкиот фронт на жените – АФЖ на Егејска Македонија. Интересно е што за овие организации не биле формирани посебни раководства, туку тие биле под директна управа на раководството на НОФ.[116]



***Македонски борци од НОФ***

Може да се каже дека НОФ се родила како последица на копнежот, идеолошко-политичките насоки и желбата на македонскиот народ да се создаде и да се зајакне една ваква цврста организација која би застанала на чело на таа борба на самиот народ и ќе го поведе решително народот да се спротивстави на националниот и класниот непријател претставен во ликот на грчката десничарска влада, односно да се избори како победник во борбата за физичка егзистенција и опстанок.[117]

[115] Р. Кирјазовски, "Македонски национални институции... стр.51
[116] В. Ајановски Оче "Егејски бури... стр. 70
[117] Х. Андоновски, "Македонците под Грција... стр.81

Самиот НОФ како организација настојувала да ги прилагоди и да ги конкретизира своите цели и задачи во борбата на Македонците од Егејска Македонија. Тие цели доаѓале до израз од целиот македонски народ, кој во еден даден момент претставувал организација, борбена, демократска и сојузничка сила на грчкиот демократски народ, борба насочена против монархофашизмот и американските и англиските интервенции, борба за слобода, демократија, независност, национална рамноправност и право на сопствено самоопределување на Македонците.[118]

Но, со текот на времето и со случувањата на политички план дошло до одредени измени во поглед на целите на НОФ. За тоа зборува и официјалното напуштање на ставот на самоопределување во 1946 година, бидејќи тој не бил во согласност со ставот на КПГ во поглед на македонското национално прашање, прашање кое на Македонците им признавало само малцински права во рамките на грчката држава. Со цел да го задржи борбеното единство со грчкиот народ, НОФ морал да ги прилагодува своите цели и интереси и да ги усогласува со целите и стратегиите на КПГ.[119]

Ваквото преадаптирање на НОФ се гледало и во програмата која што била усвоена на првиот конгерс на НОФ каде што биле дефинитивно определени целите на македонското движење. Според оваа програма како главна цел на НОФ било предвидено НОФ да застане на чело на македонскиот народ водејќи го во борбен сојуз со грчкиот народ да се борат за спасување на македонскиот народ од физичко угнетување, односно во борба за свој физички опстанок.[120]

Како втора и основна цел на НОФ било предвидено издвојување на национална рамноправност и признавање на национални права на македонскиот

---

[118] Во еден од прогласите на Главниот одбор на НОФ кој бил упатен до Македонците, Грците и Власите од 1945 година меѓу другото е запишано: „ ...Борете се: за леб и за подобар живот, за слобода, за демократски права, за братска слога и рамноправност меѓу Грците, Македонците и Власите... заеднички борете се и барајте да се признаат националните права на македонскиот народ, да му се дадат вистински демократски слободи и национална рамноправност... „
- ДАРМ –Скопје, Збирка „Егејска Македонија во НОБ 1945-1949„ а/е 338/45

[119] Р. Кирјазовски „КПГ и Македонското национално прашање... стр.112

[120] Р. Кирјазовски, "Македонски национални институции... стр.51

народ во рамките на демократска Грција што би значело обезбедување на соодветни услови за одржување и развивање својата национална култура, својот јазик, отворање на училишта во кои би се учело на мајчиниот јазик, продолжување на своите обичаи и традиции, еднакви политички права и ред други поволности. Реализацијата на оваа цел НОФ ја гледал единствено преку нераскинливо единство помеѓу самиот македонски народ за што и се залагал со сите сили.[121]

Според НОФ единството и заедничката борба на македонскиот и грчкиот народ претставувала најголема гаранција за заедничка победа и можност да се реализираат заеднички сите планови и намери, а како пример била наведена заедничката борба на македонскиот народ во Вардарска Македонија кој заедно борејќи се со Србите и другите народи од Југославија успеал да се избори за своите права и слободи. [122]

За да се реализираат споменатите цели на НОФ, се согледала потребата дека пред се треба да се сруши монархофашистичкиот режим во Грција и да се воспостави нов демократски режим. Тоа можело да се постигне само преку вооружен отпор и да се реализира преку вооружените единиците на НОФ. Кон крајот на 1946 година единиците на НОФ се обединиле со единиците на ДАГ и продолжиле да дејствуваат преку организирани акции на ДАГ, па од тие причини, НОФ масовно ги вклучил своите единици во борбените редови на ДАГ и сестрано ја помагал нејзината борба.[123]

## 4. Зацврстување на власта на десницата во Грција

Со потпишување на договорот во Варкиза на 12 февруари 1945 година помеѓу Англиската влада од една страна и КПГ од друга страна, претставувало крај за ЕЛАС и обновување на предвоената власт во Грција. И покрај

[121] Исто, стр. 63
[122] А. Литовски, "Македонската национално-ослободителна платформа... стр.142
[123] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт... стр. 196

реализираната британска интервенција во декември 1944 година, не биле постигнати очекуваните резултати за зацврснување на десницата на власт.[124]

Десницата била подпомогната со интервенција на Англија, која настојувала по секоја цена да дојде на власт во Грција. Владата во Грција предводена од генералот Николаос Пластирас, иако поставена на власт со помош на англиските притисоци, не давала некоја голема гаранција дека ќе успее да се избори со силната левица предводена од КПГ, па поради тоа на 07 април 1945 година, владата на Пластирас ставена под притосокот на десницата и Англија, била принудена да поднесе оставка. Генералот Пластирас бил заменет со адмиралот Петрос Вулгарис, човек кој во грчката историја бил познат по жестоките пресметки со демократското движење на грчката армија во Египет во април 1944 година.[125]

Народноослободителното движење сеуште покажувало отпор кон новата влада која и покрај повеќето обиди не успеала да го потчини под своја управа и контрола, затоа со цел да ја зацврсти својата власт и да се избори ова движење да го стави под своја контрола започнала да спроведува мерки на физички и правен терор, така што монтираните обвинителни акти, незаконските апсења, прогонувањето и затворањето на демократските весници, убиства и измачувања на припадници на отпорот, формирање на вооружени банди кои убивале и измачувале станале секојдневна пракса на власта. [126]

Теророт што се вршел врз припадниците на отпорот станал засилен дополнително со издавањето на наредба и за кривично гонење на борците.

Теророт што се применувал врз македонското население во Грција имал елементи на класичен геноцид. Целиот државен апарат составен од 9 750 жандари, 8 800 припадници на III брдски полк и на "Светата чета" 40 баталјони на

---

[124] Т. Чепреганов, "Политиката на САД и на Велика Британија... стр.197

[125] Исто, стр.198

[126] Органот на работничката партија на Англија, весникот „Дејли Харалт,, од 20 маерт 1945 година за настаните во Грција напишал: „Нападите против ЕАМ продолжуваат. Сите познати припадници на ЕАМ систематски се гонат од своите работни места. Таа ситуација не се оправдува ниту како средство за одмазда, ниту како разбунтување на чувствата. Тоа е еден вид подготовка за изборите што им ги ветија и кои десницата намерава да ги добие со сите пожелни и непожелни средства, па дури и со насилство,,.

националната стража и 166 грчки вооружени банди биле вклучени во целиот тој немилосрден физички и правен терор.[127]

Колку силен терор се вршел врз населението зборува податокот кој се однесува на периодот од потпишувањето на договорот во Варкиза на 12 февруари 1945 година[128] до крајот на 1945 година каде постојат податоци за: 1 192 убиени лица, 6 413 ранети, уапсени 75 500 лица, силувани 165 жени и девојки.[129]

Ваквото тероризирање на населението, властите го оправдувале и објаснувале со наводен обид на левицата за насилно соборување на легалната власт што произлегло од договорите во Либан и во Казерта, со колежите од страна на ЕЛАС, во декември 1944 година како и со наводното подготвување на КПГ за едно ново трето по ред востание.[130]

Покрај другите мерки за да си ја осигура власта, десницата во Грција наместо после војната да формира армија составена од регрути чии политички убедувања би биле почитувани, во согласност со договорот од Варкиза, таа формирала армија врз основа на политичките убедувања на офицерите и борците, односно армија која слепо би им служела на интересите на грчката влада, армија составена претежно од припадници на квислиншките баталјони, на националистичките организации, ЕДЕС и приврзаници на десницата.

Со теророт кој бил применуван од страна на владата во Грција врз населението со формирањето на најразлични единици и формации во служба на владата, силниот притисок над населението, се создал само уште поголем револт

[127] Л. Пановска, "Теророт во егејскиот дел на Македонија... стр.108

[128] Според весникот "Лаики фони" (Народен глас) од 12 февруари 1946 година во периодот од потпишувањето на договорот во Варкиза до денот на изборите на 31 март 1946 година односно до денот кога КПГ смета дека започнал вооружениот отпор на демократските сили на Грција и Егејска Македонија било забележано дека биле убиени 1.289 лица, родени 6.671 лице, малтретирани 31.632 лица, уапсени 84.931 лице, ограбени и уништени 18.767 куќи, обид за убиство над 509 лица, силувани 165 жени и девојки, прогонувани 200.000 лица, а вкупно од убиените лица во околината на Костурско, Леринско и Соровичко 98% биле македонско население.

[129] ΤΟ ΚΚΕ ΕΠΙΣΗΜΑ ΚΕΙΜΕΝΑ, ΤΟΜΟΣ ΕΚΤΟΣ 1945-1949. ΣΥΓΧΡΟΝΗ ΕΠΟΧΗ, ΑΘΗΝΑ, 523

[130] "Трето востание" затоа што Грчката десница за прво востание или прв круг го сметала отпорот што бил организиран од страна на КПГ во текот на окупацијата, а за втор круг односно второ востание се сметале настаните во декември 1944 година.

кај населението кој што се противел на владата, а ситуацијата од ден на ден одела во се полоша ситуација.

Теророт на владата особено бил насочен кон македонското население, а како мотив за ваквата политика на десницата било тоа што Македонците својата политичка и идеолошка определба ја насочиле кон демоктатските сили во земјата, а пред се борбата за национални права против режимот што била поведена веднаш по договорот во Варкиза.

Целокупните случувања во Грција во тој повоен период кога политиките во соседните земји, но и во цела Европа се насочувале кон обнова и подобри услови, во Грција јасно се чувствувало дека предстои пресметка помеѓу левицата и десницата, а дека во таа пресметка, македонското население ќе одигра значајна улога.



***Момент од потпишувањето на договорот во Варкиза, 12 февруари 1945 година***

Но, за да го реши македонското прашање, а во исто време и да го направи македонското население безопасно за спроведување на својата политика, десницата односно грчката власт започнала да спроведува најразлични форми, методи и средства за реализирање на тие цели. Започнало масовно обвинување, затворање и судење, масовно малтретирање, тепање, силување, ограбување на населението, конфискација на имоти од Македонци, палење на имоти, но и на цели села во кои во поголем број од населението биле Македонци, морално-политички притисок, уништување на

човековото достоинство и протерување и иселување на Македонците надвор од границите.[131]

За да добие законска основа овој антимакедонски поход, владата донела повеќе закони, уредби и декрети како и ред други прописи со кои Македонците масовно биле изложени на судско гонење од страна на власта во Грција.[132]

## 4.1. Теророт врз населението во текот на 1945 година

Со цел да го сузбие македонското население, грчката реакционерна власт ги претставувала Македонците како опасност за својата политика, па со примена на најразлични мерки на терор врз населението во голем процент бил изменет националниот состав на населението во Егејска Македонија. Пред своите подржувачи, власта го претставувала македонското население како Бугари, комити, соработници на окупаторот, автономисти, население кое е опасно за самата безбедност и интегритет на Грција.[133]

За постигнување на ваквата цел бил ангажиран цел пропаганден и државен апарат, официјални власти вршеле затворање на Македонци кои биле обвинувани преку монтирани обвинителни акти, осудувани на масовни смртни казни, а терористички банди секојдневно вршеле напади низ македонските села притоа убивајќи невино население, со еден збор се вршело масовно прогонување на македонското население, апсење и обвинување, затворање и осудување, грабење на жива стока и покуќнина, а нешто подоцна и напад со артилериско оружје врз цели села, економска блокада со која била дадена забрана за Македонците да одат во најблиските градови и да ја пласираат својата стока на пазарите, било воведено ограничување на работното време за работа по земјоделските полиња, како и ограничување на движење при секојдневно мигрирање од едно во друго село или град, вршење на политички и економски притисок, протерување на

[131] Л. Пановска, “Теророт во егејскиот дел на Македонија... стр.115
[132] Р. Кирјазовски, "Македонското национално прашање... стр.134
[133] Т. Чепреганов ,,Историја на македонскиот народ... стр. 296

населението преку граница со употреба на сила, присилено вовлекување на македонското население во физичка бесплатна работа при изградба и обнова на воени објекти, пруги, патишта, биле зголемени даноците посебно за македонското население.[134]

Покрај теророт, масовното прогонување, физичко малтретирање и ред други средства со кои се вршел притисок против македонското ослободително движење предводено од НОФ, дамашната и странската реакција се обидела во Егејска Македонија да создаде автономистичко движење притоа вкрстувајќи ја терористичката ВМРО предводена од Ванчо Михајлов. Како платформа на тоа движење било создавање на автономна Македонија под заштита на Англија и САД. Главните организатори на ова движење имале за цел:

- да се оправдаат прогоните против македонското население,
- да се наруши единството помеѓу самиот македонскиот народ, но и помеѓу македонскиот и грчкиот народ,
- да се даде повод за да се наклевети и да се удри антифашистичкото и демократско движење под изговор дека ги продава националните интереси на Грција,
- да се наруши мирот и спокојството на самиот Балкан (ако може да се зборува за мир и спокојство после војна, кога сеуште многу работи не се дојдени на свое место, кога сеуште владее незадоволство кај ,,поразените,, кога економијата, стопанството и другите останати гранки сеуште постепено закрепнуваат и се обидуваат да ја надминат повоената криза во одредени држави), односно да се создадат прашања и расправии меѓу трите балкански земји во поглед на решавање на македонското национално прашање.[135]

[134] Фана Мартинова – Буцкова, "И ние сме деца на мајката земја... "Скопје, 1998, стр. 53
[135] Р. Кирјазовски, "Македонското национално прашање... стр.148

Се со цел што полесно да ја обезбеди контролата над македонското население, но и полесно да го спроведува целиот тој терор, грчките власти во своја контрола имале покрај официјалните служби како војската и полицијата и вооружени банди кои во најголем број случаи биле формирани од соработниците на окупаторот предводени од Николаос Коларас, Андреас Пападопулос, Андонис Фостеридис и ред други добро познати злосторници кон населението.[136] Покрај нив биле формирани и селски вооружени терористички и пљачкашки банди, а во секое населено место имало развиен "шпионски апарат" кој бил составен од две до три лица кои имале улога на еден вид тајни агенти кои имале како главна задача да го следат секое движење и активност на македонското население и да ги известуваат властите за истите активности за што биле плаќани од страна на власта.[137]

Грчките власти имале формирано посебна комисија која со помош од добиените дојави и известувања од лицата кои биле задолжени за шпиунирање на македонското население, поднесувала огромен број на масовни тужби до јавното обвинителство, притоа клеветејќи ги Македонците како соработници на окупаторот, автономисти и слично.

Не може, а да не се спомене и целиот оној физички терор, грабежи и убиства што го вршеле терористичките групи врз самото население ширум територијата на цела Егејска Македонија. Во периодот од 12 февруари до 12 април 1945 година само во централниот и источниот дел на Егејска Македонија биле убиени 29 лица, а затворени 3. 100 граѓани од кои во најголем процент биле Македонци.[138]

Во текот на месец април 1945 година од страна на вакви банди биле нападнати селата: Добролишта, Изглеби, Загоричани, Брештани, Чуриново, Галишта, Тиквени, Старичани, Лудово, Марковски, Песјак каде што биле убиени 11 лица, 390 биле уапсени, над 20 жени и девојки биле силувани, голем број

[136] Ф.Мартинова, “И ние сме деца на мајката земја... “Скопје, 1998, стр. 65
[137] ДАРМ, Збирка „Егејска Македонија.. К-69, а/е 96/45
[138] Р. Поплазаров, “Грчката политика спрема Македонија... стр.162

брутално тепани и малтретирани, над 1. 200 куќи биле ограбени, а во тие грабежи не бил заборавен ниту добитокот, односно над 25 000 глави добиток бил однесен од овие села. Голем дел од ова население останало без покрив над глава, а со присила од страна на вандалските групи биле принудени да заминат надвор од границите на својата татковина.[139]

Ништо поразлична не била состојбата и со македонското население во останатите делови на Егејска Македонија. Низ затворите биле затворани голем број Македонци учесници во отпорот кои биле обвинувани за најразлични причини, осудувани или на доживотна робија или на смрт.

Во периодот кој следувал, насилството, грабежите, убиствата и присилното иселување на цели македонски семејства, обвинувањето и затворањето на Македонци осудувани на доживотна робија или на смрт не стивнувало, туку спротивно земал се поголем интензитет и поголема жестокост.


*Николаос Захаријадис*

По потпишувањето на договорот во Варкиза односно на 01 март 1945 година раководството на КПГ и ЕАМ повторно се вратило во Грција и продолжило да раководи со политичката борба на левицата. Токму во овој период се очекувало дека во Грција би започнал период на нормален развој и обнова како во останатите земји ослободени од окупаторот, но во Грција се случило спротивното. Како последица на незрелоста на грчките лидери и силното надворешно влијание на големите сили, се покажало дека времето по потпишувањето на договорот во Варкиза бил преоден период од една вооружена пресметка како што биле настаните во декември 1944 во друга пресметка односно Граѓанската војна која следувала.[140]

[139] ДАРМ, Збирка „Егејска Македонија.. К-69, а/е 96/49
[140] Р. Поплазаров, "Грчката политика спрема Македонија... стр.169

Настанатите услови, внатрешни и надворешни му налагале на раководството на ЕАМ да се определи за нормален демократски развиток, притоа објаснувајќи дека факт е дека само така може да се опстане.

Но, десницата за да ја зацврсти и да ја зачува својата власт, требала да го прошири режимот на насилство, бидејќи нормалниот демократски развиток не и го осигурувал тоа.

На 29 мај 1945 година, по неколкугодишен престој во концентрационен логор, во Атина се вратил Николаос Захаријадис.[141] Членството на КПГ како и нивните симпатизери очекувале од него дека ќе добијат соодветно објаснување но, и елиминирање на грешките кои придонеле за пораз на борбата, потоа целосна обнова на раководството на КПГ, како и спас за самата КПГ од сплетките кои следувале во наредниот период. Но, вложените очекувања во Захаријадис не вродиле со плод. Целата политичка структура на КПГ на некој начин била изневерена од Захаријадис бидејќи тие очекувале критика на политичката линија, стратегија и тактика во најсудбоносниот период. Но, се случило спротивното, односно Захаријадис во целост ја оправдал партиската линија во периодот на Втората светска војна. За поразот на ЕЛАС односно на НОВ тој го обвинил надворешниот фактор, односно англиската интервенција во Грција.[142]

## 5. Економската и политичката состојба во Грција по завршување на Втората светска војна и влијанието на големите сили

По завршувањето на војната, во текот на целата 1945 година, Грција се соочила со големи економски проблеми и тешкотии, а тоа се должело пред се на големите катастрофи што ги претрпела во текот на окупацијата и воените дејствија, на стопанската заостанатост како и на погрешната политика што ја воделе владите. Надворешната трговија била запрена, печатењето на пари без

[141] Р. Кирјазовски, "Македонското национално прашање... стр.154
[142] Р. Кирјазовски „Македонците и односите на КПЈ и КПГ... стр.98

покритие придонело за зголемување на инфлацијата и рапидно зголемување на цените на производите.[143]

Како едно од основните и најбитни прашања во текот на 1945 година било прехранувањето на населението, а за негово решение значајна улога одиграла YNRRA – UNITED NATIONS RELIF AND REHABILITATION ADMINISTRATION, формално организација на ООН, но во позадина стоеле САД. Оваа организација од 01 април 1945 година ја заменила британската организација која до тогаш ја снабдувала Грција со прехранбени продукти.[144]

И покрај напорите што ги вложувала UNRRA за успешно да се справи со закрепнувањето на Грција и да постигне резултати на полето на земјоделието, здравството и социјалната заштита, не успеала да се избори и да го подигне стопанството. За таа цел, грчката влада побарала решение во надворешната политика и во април 1945 година од САД побарала кредит. Но, ова барање било одбиено од страна на САД со објаснување дека стопанското заздравување и развиток можат да се постигнат не со обезбедување на надворешни кредити туку преку воведување на најразлични внатрешни мерки за штедење и реформи воведени од страна на грчките власти.[145]

Ваквиот предлог на САД бил прифатен од страна на грчката влада, но обидот за воведување на мерки и реформи за подигање на стопанството резултирал со неуспех. Ваквиот неуспех, тешката економска состојба како и последиците од неа биле причина британската влада да ја стави под контрола стопанската политика во Грција. А за да го реализира тоа, британската влада испратила во Грција стопанска советодавна мисија, предлог што бил доставен и до САД со барање да се формира заедничка стопанска мисија и да се испрати во Грција, но овој предлог бил одбиен од страна на САД.[146]

---

[143] Ј. Марјановић, "Други светски рат 1939-1945"...стр.311
[144] Т. Чепреганов ,,Историја на македонскиот народ... стр. 299
[145] Т. Чепреганов, "Политиката на САД и на Велика Британија... стр.199
[146] Исто, стр.202

Во текот на 1945 година, политиката на Велика Британија, САД и СССР кон Грција се нашла во дијаметрална спротивност. Западните сили Велика Британија и САД како своја цел си поставиле по секоја цена да го спречат доаѓањето на власт на комунистичкото уредување во Грција со што би се отворило пат за директно влијание на СССР. За да го спречат токму ваквото случување, САД и Велика Британија со сите расположливи сили се залагале за зацврснување на десницата на власт во Грција.

Интересот на овие две држави кон Грција како и интересирањето да се застане зад десницата, се должел пред се на значењето што и се давало во заштитата на своите политички и економски позиции и интереси во Грција, на Средниот и на Блискиот исток. Грција претставувала единствена земја на Балканскиот полуостров во која не победил и не бил воведен комунистичкиот режим, а со тоа автоматски било слабо и советското влијание. Според САД, Грција претставувала мост меѓу југоисточна Европа и Средниот исток, а според двете десничарски земји, токму Грција го контролирала излезот од Дарданелите и го гарантирала морскиот сообраќај за Суец и Индија. Но, доколку Грција би се нашла под советско влијание, на опасност би биле изложени Турција и Средниот исток и би се нашла загрозена безбедноста на Западна Европа како и дел од Африка. Покрај стратегиско-политичките интереси, западните сили во Грција и Турција гледале и економски интереси, односно како клуч за обезбедување на суровини.[147]

Како едно од поактуелните и позначајни прашања кои требало да бидат решени во најбрзо време и кои ја преокупирале Велика Британија во поглед на нејзината политика кон Грција веднаш по завршувањето на војната било легализација на власта што ја наметнале преку силата на оружјето. Тоа прашање можеле да го решат преку организирање на парламентарни избори и плебисцит, а на тоа, Велика Британија била обврзана со договорот во Варкиза и Кримската конференција. Не изостанувал ниту внатрешниот притисок, но и меѓународниот

[147] Исто, стр.208

исто така кој се однесувал на тоа дека актуелната власт во Грција е наметната со примена на сила и се сметала за нелегитимна.[148]

Со цел да им се даде целосен и неоспорен легалитет како на изборите, така и на плебисцитот, Велика Британија предложила изборите да бидат одржани под контрола на големите сили, факт што бил предвиден со договорите во Варкиза и на Кримската конференција. За реализација на оваа идеја и предлог, на 16 јуни 1945 година Велика Британија се обратила до владата на САД со барање да се произнесе со мислење за ова прашање. [149]

Одговор на ова прашање, САД понудила на 05 јули 1945 година со искажување на согласност на предлогот од Велика Британија, притоа сметајќи дека сојузничката контрола би придонела за порегуларно одржување на изборите и побарала во таквата контрола да земат учество Франција и Советскиот сојуз.[150]

На овој повик од страна на САД и Велика Британија, СССР одговорил дека нема да учествува и да испрати свои набљудувачи на изборите во Грција, притоа изјавувајчи дека таквата мерка не била во согласност со принципите на државниот суверенитет и на независноста на Грција. Исто така во одговорот на СССР било наведено дека не било возможно да се одржат слободни избори во Грција како и тоа дека испраќањето на набљудувачи на изборите во Грција од страна на големите сили просто претставувало прикривање на фалсификување на изборите и дека главната цел на сојузниците би требало да биде обезбедување на предуслови за одржување на слободни и правични избори и дури тогаш кога би се обезбедиле такви услови, не би имало потреба од испраќање на набљудувачи.[151]

Од друга страна пак може да се каже дека Советскиот сојуз не прифатил да учествува во контролата на изборите во Грција не само поради фактот што не можеле да го спречат нивното фалсификување, кое систематски и плански било подготвувано од страна на Велика Британија и Грција, туку и поради тоа што со

---

[148] М. Пешевска, "Меѓународните односи... стр.75
[149] Исто, стр. 81
[150] Исто, стр.88
[151] Т. Мамуровски, "Македонците во Егејска Македонија... стр.94

прифаќање на вакво учество се отварала можност за создавање на пракса односно би се нашле принудени да прифатат контрола на избори во земјите под свое влијание, а тоа е нешто што воопшто не се совпаѓало со политиката на Советскиот сојуз.[152]

На 20 август 1945 година владата на САД се изјаснила дека ќе прифати да испрати своја мисија во Грција за набљудување на изборите, со што официјално го презентирала своето влијание во политиката во Грција.[153]

На 19 септември 1945 година, САД и Велика Британија изјавиле дека изборите во Грција ќе се одржат и тоа пред одржувањето на плебисцитот, а не спротивно како што било предвидено во договорот од Варкиза.[154]

КПГ во новонастанатата ситуација, своето учество во предстојните избори го условила дека таа би земала учество во изборите само доколку би се формирала нова влада составена од сите партии. Но бидејќи не биле прифатени нејзините барања, во август 1945 година, КПГ ги повлекла своите претставници во комисиите за ревизија на изборните списоци и ја претставила својата намера дека официјално нема да учествува на предстојните избори.[155]

Комунистичката партија, Лабуристичката, Социјалистичката, Земјоделската партија и некои помали партии во Грција барале изборите да се одложат поради теророт што се спроведувал од страна на десницата, а бил подпомогнат од страна на државните власти. Популистичката партија на Грција не се согласувала со ставовите и мислењата на овие неколку партии и ја подржувала идејата избрите во Грција да се одржат во што пократок рок.

На 05 октомври 1945 година, владата во Грција предводена од Вулгарис соопштила дека изборите ќе се одржат на 20 јануари наредната 1946 година. На овој став на владата, значително остро се спротивставиле КПГ и останатите

[152] Р. Кирјазовски, "Демократски и антифашистички партии... стр.121
[153] Исто, стр.122
[154] Р. Кирјазовски, ,,Македонското национално прашање и граѓанската војна... стр.92
[155] Исто, стр.95

партии кои сакале да се одложат изборите, па поради реакциите, на 09 октомври 1945 година, владата на Вулгарис си поднела оставка.[156]

Повторно на помош пристапила Велика Британија со чија помош на 22 ноември 1945 година била формирана нова влада предводена од лабуристот Софулис, а составена од претставници на граѓанските демократски партии. Новоформираната влада ја суспендирала одлуката на предходната влада на Вулгарис во поглед на одредувањето на датумот на одржување на изборите и решавањето на тоа прашање го оставила за подоцнежниот период.

Покрај случувањата во Грција, сојузничките десничарски сили САД, Велика Британија , Франција и Ирска не останале рамнодушни во решавањето на датумот за одржување на изборите во Грција. Наскоро била формирана заеднича мисија од овие четири држави која заеднички одлучила дека изборите во Грција треба да се одржат на 31 март 1946 година. [157]

Иако зависна од помошта на овие земји, сепак грчките власти се спротивставиле на ваквата одлука на сојузничката мисија за датумот на изборите со објаснување дека сеуште не биле создадени потребните предуслови, односно не била реализирана никаква промена во внатрешната ситуација и дека ревизијата на изборните списоци не била започната. Одлагањето на изборите се барало пред се за да се создадат услови во Грција за апсолутна победа на десницата на изборите.

Со страв дека одложувањето на денот на изборите во Грција би можело да предизвика значајни дипломатски проблеми, САД извршиле притисок врз грчката влада со цел изборите да се одржат на веќе одредениот датум од страна на сојузничката мисија, односно на 31 март 1946 година. Дури се заканиле дека ќе ја одложат економската помош што се испраќала во Грција доколку изборите се одложат. Историчарите ја сметаат оваа интервенција за прво непосредно мешање на САД во грчката политика и како почеток на политичкиот притисок надополнет

[156] Р. Кирјазовски, "Демократски и антифашистички партии... стр.128
[157] Т. Чепреганов, "Политиката на САД и на Велика Британија... стр.200

со уценување за укинување на економската помош од која Грција во тој период и те како била зависна.[158]

КПГ излегла со ставот дека избирачките списоци биле фалсификувани и дека тие треба детално да бидат контролирани и поставила како услов за нејзино учество на изборите да се воведе воспоставување на засилен јавен ред и безбедност. Но, по согледувањето на фактот дека нејзините барања воопшто нема да бидат исполнети и дека изборите ќе бидат одржани по секоја цена, на нејзиниот пленум кој се одржал на 12 февруари 1946 година, КПГ дефинитивно го изнела ставот дека се откажува од учество со свои претставници на изборите. Исто така КПГ го прифатила решението на ЦК на ЕАМ од 7 февруари 1946 година во врска со изборите во кое меѓу другото, се вели: ,, ...Централниот комитет на ЕАМ раководејќи се од националниот интерес, уште еднаш ја потенцира својата определба за правични избори. Меѓутоа, такви избори можно е да се одржат под следните услови:

- претставничка демократска влада, со широко учество на партиите на ЕАМ,
- прекин на теророт, вистинско расформирање и обезоружување на терористичките организации, воспоставување на редот и рамноправноста во целата земја,
- општа политичка амнестија на борците на националниот отпор,
- генерално и гарантирано пречистување на избирачките списоци
- отстранување од армијата, од службата за безбедност и воопшто од апаратот, барем на сите оние што служеа во баталјоните за безбедност или отворено соработуваа со непријателот[159]

Наскоро следејќи го примерот на КПГ, коалицијата на партиите на ЕАМ, Социјалистичката партија и некои други помали партии исто така го откажале учеството на изборите.

158 Р. Кирјазовски, "Демократски и антифашистички партии... стр.130
159 Р. Кирјазовски ,,Македонското национално прашање и граѓанската војна... стр.97

На 31 март 1946 година во услови кога веќе започнала граѓанска војна во Грција биле одржани парламентарни избори, а тие биле набљудувани од американски, англиски и француски групи.[160]

Од вкупно 2 195 950 гласачи кои биле запишани во избирачките списоци, на изборите излегле на гласање 1 117 379 гласачи, што пресметано во проценти изнесувало 45% апстиненција на изборите. Но, во официјалниот извештај на меѓународната набљудувачка мисија од 11 април 1946 година се тврдело дека изборите во Грција биле регуларни и дека апстиненцијата изнесувала само 9,5%.[161]

Со издавањето на официјалниот извештај на набљудувачката комисија составена од претставници на трите земји, на некој начин се пристапило кон легализација на режимот во Грција кој бил создаден со помош на англиската интервенција во декември 1944 година.[162]

КПГ овие избори ги прогласила како фалсификувани и го оспорила нивниот легалитет, при што побарала да бидат поништени.

Но, никој не се огласил во поглед на барањата на КПГ, туку спротивно, парламентот со својата работа веќе започнал со работа на 13 мај 1946 година.

Ниту новоформираната влада не ја сменила политиката кон македонското население. Прогонот, теророт и насилството кое што се вршело врз населението не се намалило во текот на 1946 годину, туку наоротив заземало се поголем замав. Било повеќе од јасно дека граѓанската војана ќе прерасне со поголеми размери и дека македонското население што побрзо треба да реагира притоа организирајќи го својот отпор кон власта.[163]

---

[160] Р. Кирјазовски, "Демократски и антифашистички партии... стр.132
[161] Р. Кирјазовски, ,,Македонското национално прашање и граѓанската војна... стр.103
[162] Т. Чепреганов, "Политиката на САД и на Велика Британија... стр.202
[163] Р. Поплазаров, "Грчката политика спрема Македонија... стр.171

## 6.Почеток на граѓанската војна во Грција 1946 година

И покрај физичкиот и правниот терор кој што го вршела владата врз населението кое што се спротивставувало и не го прифаќало наметнатиот режим, сепак влијанието што го имала КПГ и ЕАМ сеуште било силно и доста прифатено кај пошироките народни маси.

На 05 април 1945 година бил одржан XI пленум на ЦК на КПГ каде што бил направен обид да се приспособат партиските активности кон настанатата ситуација. На овој пленум меѓу другото била дадена оценка и за политиката на партијата во периодот на националноослободителната борба, односно била дадена позитивна оценка за однесувањето на организацијата и развојот на движењето на отпорот.

На 17 јуни 1945 година по иницијатива на Захаријадис била објавена нацрт-програма на народната демократија со што левото движење се стекнало со конкретни, но нереално програмски цели. Оваа нацрт-програма на народната демократија била одобрена и на XII пленум на ЦК на КПГ кој се одржал на 25 и 26 јуни 1945 година. На овој пленум меѓу другото била усвоена и резолуција за организација на масовна народна самоодбрана за спротивставување на владиниот терор. Примената на масовна народна самоодбрана со сите средства претставува доказ дека грчкото раководство се ориентирало кон вооружена форма на борба за што била донесена одлука на второт пленум кој се оддржал од 12 до 15 февруари 1946 година. Пред да ја донесе таквата одлука, КПГ остварила повеќе меѓународни контакти со намера да добие сојузници за акцијата која се планирала.[164]

Во декември 1945 година делегација на ЕАМ реализирала неколку посети и средби во Лондон, Париз и Москва. Целта на овие посети била да се запознаат надлежните, односно претставниците од раководствата на комунистичките партии од овие земји со ситуацујата во Грција и да се побара мислење и поддршка од меѓународното јавно мислење. Членот на делегацијата М.Парцалидис го изнел

[164] Р. Кирјазовски, ,,Македонското национално прашање и граѓанската војна... стр.109

пред соговорниците ставот дека работите во Грција неминовно одат кон вооружена пресметка и дека во секој момент може да дојде до почеток на граѓанска војна. Во исто време тој побарал и нивен совет односно предлог според нив што требало да направи КПГ за да се подобри ситуацијата во Грција. Како одговор тој добил совет дека КПГ треба да остане на политичката сцена во Грција и преку дејствување од таму да се труди по мирен пат да се промени ситуацијата односно да се одбегне решавањето на проблемите по пат на војна.[165]

На 18 јануари 1946 година Парцалидис имал средба со Баранов, Петров и Змиков во Москва. И покрај настојувањата не успеал да се сретне со Сталин и Молотов. Како и на претходните средби и во Москва тој го изнел мислењето за состојбата во Грција и повторно побарал совет. Одговорот на советското раководство не бил поразличен од предходните: "Сега да учествувате на изборите. Во зависност од развитокот на ситуацијата, центарот на тежината ќе можете да го фрлите кога на легалните форми на борба кога на вооружената борба."[166]

И покрај препораките од големите сили да не се започнува со вооружена борба, туку да се дејствува легитимно учествувајки во власта, што се подразбирало и учество на предстојните избори во 1946 година, ЦК на КПГ на оддржаниот II пленум од 12 до 15 февруари 1946 година сепак донел одлука за неучество на изборите и започнување на вооружена борба. Во политичката резолуција на Пленумот било потенцирано дека ЕАМ требало веднаш да ги преземе сите соодветни мерки кои ќе му овозможат на народот да се спротивстави на убиствениот владин терор и да ги осуети фашистичките планови на неговите експлоататори. Првиот чекор насочен во тој правец била можноста населението со сите расположливи средства да спроведе масовна самоодбрана и да застане пред неговите убијци за да го запре уништувачкиот терор што го вршеле разбојничките банди и државните органи.[167]

---

[165] Р. Кирјазовски, "Демократски и антифашистички партии... стр.137

[166] Исто, стр. 138

[167] Р. Кирјазовски, ,,Македонското национално прашање и граѓанската војна... стр.124

Оценките на раководството на КПГ дека во Грција постоела револуционерна ситуација, потоа одлуката за апстиненција од претстојните избори како и определбата за вооружена борба биле погрешни. Анализирајќи ги дотогашните настани, како и настаните што следувале произлегува фактот дека во Грција неможеле да дојдат на власт комунистите ниту преку вооружена борба ниту преку парламентарен пат. По договорот во Варкиза непостоела веќе револуционерна ситуација. Борците на ЕЛАС, учесниците на движењето на отпорот и народните маси по четири години борба не биле готови повторно да војуваат. Тезата на КПГ дека Грција се наоѓала под англиска окупација како и тоа дека борбата ќе има националноослободителен карактер небила сосема убедлива. Населението ја познавало Велика Британија како член на антихитлеровската коалиција и како сојузник од кој се очекувало помош за санирање на последиците од војната. На тој начин елиминирањето на англиското влијание во Грција било можно со политички притисок, просветување на народот и на меѓународните услови, а не националноослободителна војна каква што ја наметнала германската окупација.[168]

КПГ кога се одлучила за превземање на чекори за вооружена борба како да го подзаборавила влијанието на надворешните сили, но и сето она што го имале направено во изминатиот период за Грција. Велика Британија се залагала за воспоставување на предвоените државни граници, материјално ја помагала, ја финансирала обновата на административната и воената власт. Велика Британија, а нешто подоцна и САД цврсто стоеле позади ставот дека во Грција во никој случај нема да дозволат да дојдат на власт комунистите , односно земјата да биде изложена на дирекно влијание на СССР. Советскиот сојуз од друга страна не бил подготвен заради грчките комунисти да влегува во војна со Англија.[169]

Соодносот меѓу силите на левицата и десницата во времето кога била донесена одлуката на КПГ за започнување на вооружена борба изнесувал: владини сили – 44 баталјони на националната стража со вкупно 30 000 лица, 800

[168] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт... стр. 198
[169] Р. Поплазаров, "Грчката политика спрема Македонија... стр.175

офицери и војници на Брдската бригада и на Светата чета кои дошле од Средниот исток, жандермерија која броела 27 000 луѓе од кои 14 000 биле распоредени во егејскиот дел на Македонија. Покрај овие регуларни биле организирани и парадржавни воени формации МАИ - единици за заштита на внатрешноста, МАД – единици за гонење со вкупна бројка од 35 000 луѓе.[170]

Во исто време на целата територија на земјата дејствувале и 166 вооружени терористички монархофашистички банди под управа на десницата. Во периодот февруари – март 1946 година десничарската влада располагала со вкупно 180 000 луѓе, а на нивна страна биле и две британски дивизии и бројна британска воена мисија.[171]

Во истиот тој период левицата располагала со многу мал број на сили, јадрото на партизанската армија што требало да ја формира Захаријадис, односно армијата со која требало да започне вооружената борба ја сочинувале борците и активистите на Движењето на отпорот кои бегајќи од теророт се нашле во планинските предели. Тие биле организирани во помали групи, но подоцна кога бројно зајакнале и почнале да се вооружуваат биле именувани како групи на вооружени демократски борци. Според официјалните податоци на власта, во март 1946 година на територија на целата земја имало околу 2500-3500 избегани борци, организирани во околу 200 групи [172] Покрај овие групи во ДАГ се приклучиле и борците и активистите на движењето на отпорот кои во мај 1945 година побегнале во Југославија, како и македонците од егејскиот дел на Македонија кои по договорот од Варкиза пребегале во НР Македонија.

На 31 март 1946 година, односно на денот на изборите во Грција, покрај апстинирањето од истите, вооружена партизанска група од левицата, извршила вооружен напад во Литохоро на Олимп, напад кој и официјално го означил почетокот на вооружената борба од страна на левицата.[173]

---

[170] Р. Кирјазовски, „Македонското национално прашање и граѓанската војна... стр.115
[171] Исто, стр.116
[172] Р. Кирјазовски, „Македонското национално прашање... Стр.107
[173] Исто, стр.111

Во наредниот период потоа, се почести биле судрите помеѓу вооружените групи на левицата и силите на власта. Поради недостигот на став за масовно вооружено востание, регрутацијата на нови воени сили се вршела доброволно. До јули 1946 година партизанските групи дејствувале самостојно и неповрзани помеѓу себе. Веќе во август 1946 година започнале првите обединувања во поголеми групи и одреди. Независно од партизанските единици и формации што биле формирани од КПГ, во подрачјето на Вичо, Грамос, Пајак и Кајмакчалан дејствувале македонските партизански единици формирани и раководени од НОФ на Македонците од егејскиот дел.

На 28 октомври 1946 година бил формиран Главен штаб на партизанската војска од левицата со што се постигнало обединување на борците под единствена команда, а на 27 декември истата година со негова наредба партизанската војска била преименувана во Демократска армија на Грција – ДАГ.[174]

Но, и покрај оваа положба, било тешко да се определи во која насока размислувало раководството на левицата и КПГ, односно која борба треба да ја смета за главна: дали вооружената или политичката војна иако КПГ не била во парламентот, бидејќи таа сметала дека ќе се случи поништување на изборите и ќе се одржат нови. [175]



***Борци во редовите на ДАГ***

Од сите случувања може да се заклучи дека сепак политичката борба на КПГ се сметала за водечка, а вооружениот отпор се сметал како средство со кое се вршел притисок врз десницатаза да се согласи на компромис. Ваквиот заклучок може да се извлече од фактот што

[174] Исто, стр.120

[175] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт... стр. 199

вооружената борба на КПГ била препуштена да ја води кадар кој е прогонуван, без притоа да се почувствува влијание на КПГ. Исто така овој факт го надополнува и тоа што воените дејствија на ДАГ во текот на зимата 1946-1947 година биле ограничени поради тактиката на КПГ вооружената форма на отпор да се користи само како средство за самоодбрана од нападите на владините сили и начин преку кој би се извршил притисок врз десницата за мирољубиво решение на грчкото внатрешно прашање.

## 6.1. Теророт над населението во текот на 1946 година

За ликвидирање на партизанското движење, покрај преземените воени операции, владиниот режим во Атина ги засилил физичкиот и правниот терор врз населението.



***Жени Македонки на пазар во Воден и покрај ограничувањата од страна на грчките власти за двиѓење на македонското население***

Теророт особено врз македонското население се засилил и бил зајакнат од страна на власта во периодот на месец март 1946 година, односно пред, за време и по парламентарните избори кои се одржале на 31 март 1946 година, а причина за тоа била масовната апстиненција на Македонците при учество на изборите и гласањето. Како пример за теророт од овој период е случувањето од 18 март 1946 година кога во селото Сетина,

Леринско биле уапсени 8 Македонци, кои уште следниот ден се нашле пред суд обвинети за ,,предавство,, и биле осудени од 8 до 12 години затвор.[176]

На 04 мај 1946 година со декрет стапил на сила закон од 1924 година врз чија основа во секој округ била формирана комисија за безбедност со различни ингеренции меѓу кои и правото да поставува привремени жандари и на островите да интернира лица осомничени за соработка со партизаните.[177]

Не бил мал бројот на примери кои укажуваат дека македонското население било апсено и затворано поради банални работи. Еден таков случај настанал на 10 јуни 1946 година кога жандермеријата во селото Бесвина, Леринско уапсила 40 мажи и жени Македонци, обвинувајќи ги дека во текот на Велигденските празници пееле македонски песни и играле македонски ора. По апсењето биле сило тепани и веднаш однесени во Леринскиот затвор.[178]

Дваесетина дена подоцна, односно на 30 јуни истата година, властите за да го оправдаат своето однесување и тероризирање кон македонското население, во Негуш бил исцениран напад на градот од страна на партизаните, а веднаш потоа започнало апсење на над 100 граѓани. Истиот ден во градот Бер биле уапсени 15 активисти на демократските организации. Во текот на месец јуни во Еница Вардар биле уапсени вкупно 96 граѓани од кои 3 починале од тешките измачувања.[179]

Од 15 јули 1946 година бил донесен и стапил на сила посебен закон за јавна безбедност, односно Закон број 453 и Законот ТОД кој се однесувал на разбојништвото. Според овие закони за разбојник се сметало:

- Лице кое што учествувал во вооружена група составена од најмалку 3 члена;
- Лице кое што учествувало во приватна организација која располагала со оружје, рачни бомби, експлозивен материјал или секаков вид воен материјал;

[176] Л. Пановска, “Теророт во егејскиот дел на Македонија… стр.118
[177] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт… стр. 200
[178] ДАРМ, Збирка „Егејска Македонија во НОБ,, а/е 633
[179] Исто, а/е 635

- Лице кое според Комисијата за безбедност се сметало за опасност за јавната безбедност;[180]

Меѓу другите казни, било предвидено секое лице кое со помош на оружје ќе се спротивстави на државна сила или орган да биде казнето со смрт, а непосредно со прогласување на лицето за разбојник, биле интернирани неговите најблиски членови од семејството и роднини, како и оние кои што му помагале.[181]

На 17 јули 1946 година грчкиот парламент го прифатил декретот "Г" со мерки кои се однесувале на јавниот ред, мир и безбедност, според кој лицата обвинети за учество во било каква организација која дејствувала за цепење на грчката држава или дел од истата биле осудувани на смрт, а со вакви пресуди не биле изоставени ниту лицата кои учествувале во напади врз жандарите.[182]


*Мирка Гинова*

На 01 јули 1946 година започнале да функционираат првите вонредни преки судови од кои 8 биле на територијата на егејска Македонија, а веќе на 16 истиот месец во Солун биле извршени првите егзекуции на граѓани. На 26 јули 1946 година во Ениџе-Вардар биле стрелани шест лица меѓу кои и секретарот на Окружниот комитет на АФЖ, Мирка Гинова како и Ѓорги Пројов, Петре Поп Димитров и други. Според нецелосни податоци, до средината на август 1946 година биле изречени и извршени 33 смртни пресуди и пресуди за доживотна робија, биле интернирани 573 лица, а нивниот број до крајот на октомври истата година се

[180] Меѓу повеќето закони донесени од страна на грчката влада биле: Законот број 453, Законот ТОД од јуни 1945 година, за „остварување на јавна безбедност,, потоа Законот 509/1945 за јавен ред и разбојништво, Законот 543/45 донесен против „организации и лица кои дејствуваат за отцепување на грчки територии,, и ред други. – ДАРМ, Скопје збирка ,,Егејска Македонија во НОБ 1945-1949,, а/е 200/45, 133/46, 447/146.
[181] Р. Кирјазовски "Македонските национални институции... стр.187
[182] Исто, стр.188

издигнал на 3 250 лица од кои во најголем број биле Македонци обвинети за автономистичка дејност.

Во Костурско биле осудени 109 Македонци, од кои дел на доживотна робија, од Гуменџиско биле интернирани во логорот Ескице 57 Македонци, а на 12 август во Солун биле стрелани 8 Македонци од Воденско.[183] Исто така биле издадени 600 обвинителни акти со околу 5 000 обвинети, додека од селото Хрупишта биле осудени 160 Македонци од кои 130 биле во редовите на ЕЛАС и ЕАМ. По нивното осудување, им биле одземени имотите, а семејствата на осудените биле протерани.[184]

Со исти такви обвиненија во Бер биле обвинети и повикани на судење 800 Македонци.[185] На 17 јули воениот преки суд во Бер осудил на смрт 12 Македонци, а на 05 август во Ениџе-Вардар биле осудени 35 антифашисти од Негуш со најстроги казни, додека 70 Македонци од западниот дел биле интернирани на пустите грчки острови.



***Бегалци кои земајќи ги само најосновните работи се упатиле далеку од своите домови во потрага за мир.***

На 13 август започнало судењето на 20 Македонци од селото Капикани, Мегленско кои биле обвинети за учество во вооружен напад врз жандермериската станица. На 05 септември 1946 година

[183] Солунскот весник „Лаики Фони„ (Народен глас) од 22 јули 1945 година објавил статистички податоци за теророт во Кукушко.Според весникот од потпишувањето на договорот во Варкиза на 12 февруари 1945 година до 21 јули 1945 година во Кукушко биле убиени 110, уапсени 400, гонети 2 500 и преку 1 000 лица пребегани во Југославија

[184] Весник „Лаики фони„ (Народен глас) од 22 јануари 1946 година

[185] Исто, од 18 јануари 1946 година а/е 39/46

жандермериски единици го опкплиле македонското село Смрдеш, Костурско при што биле уапсени 21 Македонец, а како повод за нивното апсење било наведено тоа што од 200 бирачи колку што имало селото, на плебисцитот кој се одржал на 01 септември 1946 година за кралот гласале само 6 бирачи.[186]

На 18 ноември владините воени единици извршувајќи операции за чистење на маедонското население ги запалиле селата Лагерја и Леково, Мегленско, а населението од овие села за да се спаси побегнало кон планините.

На 20 ноември истата година бил извршен еден од најжестоките и најмасовните напади од страна на грчките вандалски банди врз населението. Бандата предводена од Вунтуванис и Лазик го нападнала селото Серсемли, Кукушко притоа убивајќи и ранувајќи 50 мажи, жени и деца, а целосно изгореле 20 куќи.[187]



***Конвој на бегалци од Костурско***

На 29 декември со наредба број A.II-2484,50/2488 и A.II, 700 од страна на грчките власти, а реализирана од грчката владина армија и полиција биле запалени и изгорени селата со претежно македонско население, Н'те и Тушин, Мегленско.[188]

Во периодот од 12 февруари 1945 до 12 февруари 1946 година биле убиени 1 300, ранети 6 413, фатени 75 000 од кои 28 889 жестоко малтретирани и тепани,

[186] Р. Кирјазовски "Македонските национални институции... стр.191
[187] Исто, стр.193
[188] Според солунскиот партиски весник „Лаики фони„ во периодот од 31 март до 31 декември 1946 година биле убиени 111 демократски граѓани, со пресуда на Воениот преки суд во периодот од јули до декември биле стрелани 109 граѓани,затворени 3 516 граѓани, во период од октомври до декември 1946 година биле интернираи 5 817 граѓани, а низ затворите поминале околи 120 000 граѓани.

20 000 затворени, 265 силувани жени и девојки, 6 567 уништени и ограбени куќи, 100 000 лица гонети од страна на службите на власта. А во тој период на целата територија вооружено делувале над 10 000 вооружени бандити групирани во 166 терористички банди.[189]

Покрај жандермеријата, полицијата, војската и организираните банди кои го тероризирале населението, активно биле ангажирани и сите десничарски весници и информативни средства. Како пример за тоа служи натписот на весникот ,,Неа алитеја,, (Нова вистина) од Солун со наслов ,,Нашите Судети,, каде што Македонците биле претставени и оквалификувани како Судети, а како такви требало да бидат ликвидирани и протерани од територија на Грција со цел за поголема безбедност како на самата Грција, така и за Балканот во целина.

Во Костурскиот, Леринскиот, Воденскиот и Ениџе-Вардарсккиот округ со сумирање на податоците од страдањата на целокупното население што живеело во окрузите во периодот од 1945-1946 година се добила следната состојба: убиени 400 лица, затворени 8 145 лица, осудени 7 424 лица, интернирани 2 172 лица, млатретирани 13 529 лица, силувани жени и девојки 440, изгорени куќи 1 291, а во Воденскиот округ дури целосно изгорени 6 села, ограбени 80 села, ограбени 1 605 семејства, целосно иселени 45 села, иселени 1 943 селски



*Група на борци, мажи и жени од редовите на НОФ*

[189] Исто,

семејства, а вкупно 13 838 иселени лица, пребегани во НР Македонија до крајот на 1946 година преку 20 000 Македонци.[190]

Од сумираните податоци се забележува дека недостасуваат податоците за страдањата и состојбата на македонското население во источните делови околу Солунско, Кукушко и другите краеви, а како причина за тоа не е дека таму теророт бил со послаб интензитет или дека го немало, напротив, во одредени делови дури бил и пожесток од колку во западните делови на Егејска Македонија, но токму поради посилниот терор НОФ развил послаба активност во тие краеви, а од тие причини недостигаат и подетални податоци од тие краеви.

## 7. Односите помеѓу НОФ и ДАГ

Како што погоре е изнесено, појавата, формирањето и дејствувањето на НОФ била крајно непријателски дочекана и од левицата и од десницата во Грција. Десницата од веќе разбирливи причини и цели дејноста на НОФ ја прогласила за предавничка, автономистичка и опасна за интересите на Грција, додека сите приврзаници на НОФ биле жестоко прогонувани, затворани и осудувани за велепредавство. Левицата пак ја осудувала НОФ и не ја прифаќала како организација поради повеќето разлики кои се наоѓале помеѓу нивните ставови во врска со решавање на повеќе прашања како на пример македонското национално прашање, ситуацијата за начинот и формата на борба (вооружена или политичка) што требало да се води во Грција и слично.[191]

Но, негирањето и непризнавањето на НОФ од страна на левицата траело се додека КПГ се залагала за решавање на проблемите по мирен пат. Но, откако се уверила дека десницата е непопустлива во остварување на своите цели, како и тоа дека мирниот начин на решавање на проблемите е илузорен, КПГ започнала да го менува својот став и однос кон НОФ, односно ја признала како демократска и антифашстичка организација.

---

[190] ДАРМ-Скопје, Збирка „Егејска Македонија... а/е 142/47

[191] Р. Кирјазовски "Македонските национални институции... стр.198

Како што веќе е споменато во погоре изнесениот текст, на одржаниот II пленум на ЦК на КПГ од 12 февруари 1946 година со донесената одлука за вооружена борба, на некој начин сама по себе се наметнала и потребата за обединување на сите сили во еден демократски фронт, а токму тука можат да се пронајдат и причините за промена на ставот на КПГ кон НОФ која како организација со својата масовност, организациона и воена подготвеност како и револуционерна доследност, претставувала најважниот сојузник на народнодемократската револуција во Грција.[192]

Ваквото признавање на НОФ од страна на КПГ наишло на позитивно прифаќање меѓу редовите на НОФ, но сепак не изостанувала претпазливоста. И покрај веќе изнесеното признавање, судирите и различните погледи не изостанале. Кога НОФ јавно се декларирала дека се бори за самоопределување на македонскиот народ, КПГ реагирала остро и со противење на ваквиот став. [193]

Но, со случувањата во наредниот период, како ориентација кон вооружена борба, се поголемото зацврстување и масовност кај НОФ, решителноста кај атинската влада да ја разгори граѓанската војна и да се справи со отпорот и преку најбрутален начин да се пресмета со демократското движење, се предизвикало КПГ и НОФ да превземат заеднички дејствија.[194]

Ориентацијата кон вооружена борба наложувала обединување на силите на левицата во еден борбен фронт. Македонскиот народ организиран преку НОФ представувал една од најорганизираните и одани сили на револуцијата во Грција, а токму како таков, тој бил потребен на страната на КПГ. Комунистичката партија на Југославија веќе ја имала согледано состојбата во Грција и се залагала за обединување на македонскиот народ воден од НОФ со КПГ се со цел за полесно остварување на нејзините целите. Со таа цел одговорното лице на НОФ за егејска Македонија, Паскал Митревски по налог на ЦК на КПЈ-КПМ илегално во мај 1946

---

[192] Исто, стр.205

[193] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт... стр. 203

[194] В. Ајановски Оче "Егејски бури... стр.137

година се сретнал со Захаријадис во Солун, при што било дискутирано за принципите за промени на НОФ под раководство на КПГ, а македонските партизански единици да поминат под командата на ДАГ.[195]

На 22 август 1946 година Паскал Митровски се вратил во Скопје и поднел извештај за средбата во Солун. Врз основа на тој извештај, кон крајот на август во Беглрад бил одржан состанок на кој присуствувале Александар Ранковиќ, Милован Ѓилас, Лазар Колишевски, Цветко Узуновски-Абас и Паскал Митровски, а на тој состанок дефинитивно била донесена одлука македонскот ослободително движење во Егејскиот дел на Македонија предводено од НОФ да помине под раководство на КПГ.[196]

Во тој контекст, на 14 октомври 1946 година бо Белград на ниво на ЦК на КПЈ и КПГ била постигната спогодба која во историјата останала забележана како "Спогодба за обединување" според која како најважни точки биле издвоени: политичките организации на НОФ, НОМС и АФЖ да ја продолжат својата активност под раководството на ДАГ, а организациите на КПМ-КПЈ да се расформираат и нивното членство да навлезе во редовите на ДАГ.[197]

Реализацијата на одлуките од Спогодбата започнала во октомври 1946 и веќе наредниот месец била завршена.

## 8. Текот на војната во 1947 година

Со преземањето на се почести воени напади, се наметнала потребата за се поголема мобилизација на борци во редовите на ДАГ. Мобилизацијата најголем успех имала за внатрешноста на Егејска Македонија каде што најголем број од мобилизираните борци биле Македонци. Пример за тоа е бројот на борците на ДАГ во февруари 1947 година во југозападниот дел кој изнесувал 2 221, а само

[195] Ристо Кирјазовски, „Петте судбоносни години во Егејска Македонија (1945-1949)„ Здружение на деца бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2009г. Стр.41
[196] Исто, стр.46
[197] Р. Кирјазовски, "Македонците и односите на КПЈ и КПГ... стр. 29

два месеци подоцна односно до април истата година изнесувал 6 235 борци или вкупно 23 500 борци колку што броела ДАГ во септември 1949 година од кои 16 550 биле од Егејскиот дел на Македонија од кои 10 500 од западниот дел, 1 500 од централниот и 4 500 борци од источниот дел на Македонија.[198]

Интересно што треба да се напомене во овој период е помошта што КПГ ја добивала од КПЈ. Раководството на КПЈ редовно одговарало со позитивни одговори на секое барање од страна на КПГ и ДАГ, а и самиот Јосип Броз – Тито редовно бил известуван за текот на случувањата на самата територија во Грција и целосно ја одобрувал определбата на ДАГ и на КПГ со револуционерни методи да се пресмета со политичката десница во Грција.[199]



***И жените биле активно вклучени во воените дејствија, во лекување на ранетите, копање на ровови, разнесување на информации и обезбедување на храна и облека за војниците***

Додека во овој период КПГ добивала помош од соседна Југославија, монархофашистичката ројалистичка влада помош барала од своите веќе добро познати заштитници, Велика Британија и САД. Со цел да не бидат загрозени нивните цели, како помош САД донела одлука за доделување на 400 милиони долари како воена и економска помош на Грција и Турија, а таа

[198] Гласник на ИНИ, XXIX, 1-2, Скопје 1985, 244-245
[199] Р. Кирјазовски, "Македонците и односите на КПЈ и КПГ... стр. 39

одлука била донесена од американскиот претседател Труман кој на 22 мај 1947 година го потпишал указот за доделување на помошта. Овој документ останал познат во историјата како "Труманова доктрина".[200]

Обединетите македонски и грчки партизански единици кои биле зајакнати со новомобилизираните борци превземале постојани акции против владините сили и успеале да ги принудат владините полициски и воени сили да напуштат поголем дел од подрачјето во внатрешноста на Македонија. Веќе во пролетта 1947 година била создадена слободна територија која воглавно се простирала во Егејскиот дел на Македонија.

Во истиот период, владините сили ја спровеле операцијата за чистење наречена "Термину" насочена против силите на ДАГ, притоа започнувајќи од Румели, потоа Аграфа, Коњане, Цумерка, Хаша Антикаша во Олимп, Пиерија и на Грамос. Целта на оваа акција била да се ликвидира ДАГ или да ја принудат да се повлече во соседните земји. Но, оваа операција не ја постигнала предвидената цел, туку едноставно нанела само поголеми загуби на единиците на ДАГ.[201]

## 8.1. Присилно преселување на селаните во градските средини и формирање на "мртви зони"

Како составен дел од планот на грчките власти за уништување на ДАГ, претставува и присилното преселување на населението од селата во внатрешноста на градските центри. Таа операција исто така започнала пролетта 1947 година во рамки на веќе споменатата офанзива " Терминус". Преку ваквата операција било предвидено да се создаде празнина околу партизанските единици, односно да се прекине изворот на регрутација на нови борци, снабдување со храна, информации и слично.

[200] М. Пешевска, “Меѓународните односи... стр.96
[201] Р. Кирјазовски, ,,Петте судбоносни години... Стр.59

Според нецелосни податоци бројот на прислно иселени лица во овој период изнесувал околу 700 000 до 800 000 лица.[202] Поради тоа што во Егејскиот дел на Македонија ДАГ имала развиено најголема дејност, поголем дел од иселеното население било токму од тој крај, односно од бројот од 800 000 иселени лица, 450 000 биле од таа област, а од тие 28 000 лица биле Македонци.[203]



***Иселување на населението кое со себе ги носи само најосновните работи како резултат на обидот на грчките власти за формирање на "мртвите зони"***

И 1947 година поминала во знакот на војната. Во текот на целата година воените активности продолжувале со речиси ист интензитет, а примирје или пак целосно решавање на проблемот и постигање на заедничко решение било сеуште далеку. Владините сили го продолжувале теророт врз населението, кое барајќи спас, излез гледало во заминување и иселување од родниот крај, а најчесто соседните земји биле првите кои ги прифаќале овие бегалци. Силите на ДАГ и понатаму се држеле до наредбите на КПГ за вооружена борба и отпор кон владиниот режим.[204]

[202] ДАРМ – Скопје, збирка „Егејска Македонија во НОБ„ а/е 166/48

[203] Покрај огромните материјални и економски штети кои биле нанесени за македонското население, како една од поголемите и потешките последици за истото е тоа што и по завршувањето на Граѓанската војна, на поголем дел од населението не му било дозволено да се врати назад во своите родни краеви и во своите домови. И оваа мерка се смета како една од повеќето мерки во политиката на грчката влада за етничко чистење на Егејскиот дел на Македонија.

[204] Виктор Цветановски, "Голготата на Македонците во Грција", Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2009 стр.49

## 8.2. Евакуација на децата од Егејска Македонија

И наредната 1948 година воените дејствија не стивнувале. Но, пролета двете страни, ДАГ и силите на атинската влада, подготвувајќи ги плановите за предстојните пресметки во текот на годината, успеале да реализираат може да се каже еден заеднички план. Имено, биле одземени десетици илјади деца од нивните семејства, претежно од македонското население во Егејскиот дел и организирано биле однесени надвор од границите на државата, а дел во внатрешноста на Грција и на грчките острови.[205]



*Група на деца евакуирани од територија на Егејска Македонија*

И двете страни како оправдување за ваквиот чин тврделе дека оваа акција имала хумани причини и била превземена со цел да се спасат од виорот на Граѓанската војна, а на местата каде што биле евакуирани на децата ќе им бидат создадени услови за да се стекнат со образование и подоби услови за живот.[206]

Всушност во позадина на оваа акција се крие добро смислена, уште подобро организирана и реализирана акција од страна на грчката левица и десница. Непобитен факт е дека со таа евакуација голем број на невини деца биле спасени од ужасите на војната, но од друга страна се извршило етничко чистење на голем број Македонци.

[205] Ф. Мартинова, "И ние сме деца на мајката земја... стр.78

[206] Мишо Китановски, Ѓорѓи Доневски, "Деца бегалци од Егејска Македонија во Југославија", Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2003 стр.62

Една од причините на ДАГ за да се одлучи на ваков чин е решавањето на проблемот со резервниот број на борци во редовите на армијата, бидејќи со тоа што децата биле евакуирани, родителите биле ослободени од грижата за нив, а во исто време се овозможила тотална мобилизација на нови борци за предстојните решавачки битки во западниот дел на Македонија.

Во текот на летото 1948 година, целата територија на Егејска Македонија на некој начин била претворена во работилница на ДАГ во која учествувало целото население. Биле формирани екипи на жени кои биле задолжени за пренесување на ранетите војници, за пренесување на оружје, копање на ровови, обезбедување на храна за војската и слично.[207]



***Група на евакуирани дечиња со "мајките" од редовите на АФЖ***

Акцијата за евакуација на децата била сепак добро испланирана и организирана, а за нејзино реализирање биле вклучени сите политички организации како на пример НОФ, АФЖ, народната милиција, народните одбори, како и единиците на ДАГ. Биле формирани посебни комисии и собирни центри, со обезбедена исхрана и слично.

На секоја група од 20-25 дечиња била одредена по една придружничка наречена "мајка" која имала за задача да се грижи за дечињата и овие

[207] Раде Гогов – Црноречки, "Лекување на борци на ДАГ во Македонија", Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2010 стр.58

придружнички одиграле голема улога во згрижувањето и намалувањето на траумите кај самите деца.[208]

Евакуацијата на децата започнала кон крајот на февруари 1948 година и траела се до јуни месец истата година. Според предвидениот план за евакуација, децата од Епир и дел од Костурската област требало да бидат испратени во Албанија, од западна и централна Македонија во Југославија, а од источна егејска Македонија и Тракија да се испратат во Бугарија.[209]

Голема улога за прифаќање на децата кои преминувале на територија на Југославија имал југословенскиот црвен крст. На територија на Југославија, односно во тогашната НР Македонија биле отворени и организирани прифатни пунктови во Битола, Скопје и Белград во Србија.



***Македонци во напуштање на селото Струпино***

Според нецелосни податоци од 30 март 1948 година кога во Белград пристигнале првите групи на децата – бегалци, па се до септември 1949 година во земјите на народната демократоја биле транспортирани 14 028 деца, а во Југославија биле згрижени околу 10 – 11 000 деца, од кои околу 4 800 во НР Македонија. Но, многу брзо се дошло до утврдување на вкупниот број на децата, бидејќи од првичниот број на деца кои пристигнале во Југославија, дел од нив биле преместени во други

[208] Ф. Мартинова, "И ние сме деца на мајката земја... стр.86
[209] В. Цветановски, "Голготата на Македонците во Грција... стр.72

земји, децата кои од грција заминале на 16-17 годишна возраст по една две години престанале да бидат водени на детските списоци.[210]

## 9. Поразот на ДАГ и крајот на Граѓанската војна

И двете страни учеснички во војната не успеале во текот на 1948 година да ги реализираат своите планови за да го победат противникот. Владините сили во офанзивата на Грамос не успеале да ја принудат ДАГ на капитулација и со тоа да стават крај на нејзиниот постоење, а ДАГ не успеала да го истошти непријателот, да изврши контранапад и да постигне пресврт на настаните во своја корист. ДАГ била принудена во текот на офанзивата на Грамос да се повлече во Вичо, а владините сили по неуспехот во Малимади во септември се откажале од понатамошно уништување на ДАГ во 1948 година.[211]

По овие случувања, и двете страни се насочиле кон подготовки за решавачки пресметки во следната 1949 година. Според одлуките од јануарскиот пленум на КПГ, ДАГ во текот на зимата 1949 година презела повеќе воени акции со цел да се справи и да го реши недостигот на борци и да овозможи поголема мобилизација на борци, како и да ја прошири слободната територија притоа превземајќи силни удари врз непријателските владини сили со кои ќе го онеспособи непријателот и ќе му оневозможи превземање на позначајни офанзивни потфати.

Акциите на ДАГ во Воден, Негуш, Сботско, Карпениси и Лерин ги дале очекуваните резултати. Овие акции само дополнително придонеле за поголемо истоштување на ДАГ и стеснување на слободната територија која била под нејзина контрола. По овие неуспеси, силите на ДАГ се насочиле кон Вичо каде раководството на КПГ донело одлука во 1949 година да ја реализира решавачката битка со владините сили.

[210] Р. Кирјазовски, ,,Петте судбоносни години...Стр.146
[211] Стојан Киселиновски, "Етничките промени во Македонија (1913-1995)" Скопје, 2000, стр.116

Изборот на Вичо како место за решавачка битка подоцна се покажало како погрешна одлука. ДАГ преставувала партизанска војска која се нашла на Вичо, мала планина која била непогдна за партизанска војна во која како противник стоела вистинска регуларна армија која ги имала сите современи воени средства.[212]

На 10 август 1949 година започнала конечната офанзива на владините сили против единиците на ДАГ на планината Вичо. Во офанзивата учествувале 3 владини пешадиски дивизии, една дивизија за гонење, лесни пешадиски полкови, 6 баталјони на националната гарда, 7 артилериски полкови, 3 тенковски единици и 90 авиони, или вкупно 80 000 војници.

Силите на ДАГ кој се наоѓале на планината Вичо биле X-та и XI-та дивизија, помали резервни единици и офицерската школа на ДАГ. Уште во текот на првиот ден владините сили успеале да ја скршат одбранбената линија на ДАГ и да го поделат фронтот на два дела. На 13 август ГК на ДАГ им наредила на единиците да го напуштат Вичо, а на 17 август биле повлечени последните единици на ДАГ од планината. Дел од нив се повлекле во Албанија, а дел во Југославија. Според непотполни податоци, ДАГ во оваа офанзива која траела од 10 до 16 август 1949 година имала вкупно 800 мртви и 600 заробени војници, а не бил мал бројот на загубениот воен материјал. Заедно со единиците на ДАГ се повлекувало и населението од територијата што ДАГ ја имало под своја команда.[213]

На 24 август 1949 година 4 владини дивизии, 4 пешадиски лесни полкови, 5 полкови полска артилерија, 1 извиднички полк и речиси цела борбена авијација тргнала во пресметка со 5 бригади, неколку позициони единици, мал број брцки топови, како и неколку противавионски топови и единиците на X-та и XI-та дивизија на ДАГ која се спасила на планината Вичо, притоа на брзина реорганизирани во Албанија и повторно вратени во Грција, на планината Грамос. Единиците на ДАГ по четири дена тешки борби неможеле да го издржат

[212] Н. Пејов, "Македонците и Граѓанската војна... стр.89
[213] Р. Гогов, "Лекување на борци на ДАГ... стр.72

притисокот на далеку посилниот непријател и во ноќта на 29 наспроти 30 август 1949 година го напуштиле Грамос и навлегле во Албанија.[214]

Како и во битката на Вичо, и овде загубите на ДАГ биле огромни, со стотици загинати, ранети и заробени. Со овој пораз и повлекување на ДАГ речиси престанала и воената активност на ДАГ. Само мал број на отсечени групи и помали единици испратени од раководството на КПГ да ја продолжат герилската активност се наоѓале во различни активности на Грција и Егејска Македонија. Според податоците на ЦК на КПГ од 18 ноември 1949 година силите на ДАГ броеле 18 000 војници кои се повлекле од фронтовите и навлегле во Албанија, Југославија и Бугарија.[215]

Ова претставувало крајот на вооружената борба на ДАГ, односно на македонскиот и грчкиот народ. Според нецелосни податоци, народноослободителното движење на Грција и Егејска Македонија во текот на граѓанската војна имало околу 55 000 жртви, а околу 88 000 ги напуштиле своите домови и емигрирале во источно европските земји, огромен број на села, куќи и имоти биле уништени, а големи загуби претрпело и стопанството. Последиците за македонците од егејскиот дел биле катастрофални. Покрај големиот број на затворени, осудени, интернирани околу 50 000 биле принудени да ги напуштат своите домови, со што згаснале голем број на македонски села.[216]

На 7 октомври 1949 година по наредба на ГШ на ДАГ органите за безбедност на ДАГ по претходна добиена согласност од надлежните албански органи и од претседателот на албанската влада Мехмед Шеху, во Бурели, Албанија ги уапсиле раководителите на НОФ на македонците од Егејска Македонија: Паскал Митровски, Павле Раковски, Минчо Фотев, Вера Николова, Уранија Пировеци, Михали Маљов, Ташо Хаџијанов, Ламбро Чолаков, Христо Коленцев-Кокинос, Лазо Поп-Лазаров и Темистокли Зиовски-Лаократис.

[214] Р. Кирјазовски, "Македонски национални институции... стр. 158
[215] Р. Гогов, "Лекување на борци на ДАГ... стр.87
[216] Р. Кирјазовски, "Македонското национално прашање... стр. 303

Ваквата акција превземена од страна на грчкото раководство на која и претходеле ред други добро смислени и плански реализирани акции, имала за цел да го оформи "обвинувањето" кон организацијата НОФ на македонците од Егејска Македонија и да ги прогласи како виновници за поразот на демократското движење во Грција. [217]

Се сметало дека на тој начин би се добило или изнудело признание од раководството на НОФ и со "доказниот" материјал би се реализрале монтирани судски процеси со лажни изјави од поединци, а раководството на НОФ да се стави на обвинителната клупа со цел да се "докаже соработката" со монархофашистичката Грција односно за ликвидирањето на ДАГ и ослободителното движење на грчкиот и македонскиот народ.[218]

Последиците од граѓанската војна во Грција која траела нешто повеќе од 3 и пол години и која завршила со поразот на демократските сили во Грција биле огромни. Биле разурнати десетици македонски села, а голем дел од нив биле разредени. Десетици илјади емигранти се нашле на пат кон не само соседните држави туку и кон сите други источно европски и преку океански земји. Грчките владини војски при прогонувањето на силите на ДАГ чие основно јадро го сочинувале Македонците имале за задача до темел да ги разурнат македонските села со цел да го заплашат населението и да го принудат на иселување.

[217] С. Киселиновски, "Етничките промени во Македонија...стр.129

[218] Р. Кирјазовски „Народно Ослободителниот Фронт... стр.215

# ГЛАВА ТРИ

# ИСЕЛУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА И НЕГОВОТО НАСЕЛУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА НР МАКЕДОНИЈА

## 1. Причини за почеток на иселувањето на Македонците од Егејска Македонија

Причините за почетокот на иселувањето на Македонците од Егејска Македонија претставуваат последица на Втората светска војна која продолжила со Граѓанската војна во Грција, а Македонците одиграле значајна улога во тие случувања. Предводени од желбата за национално единство со целиот македонски народ тие се бореле за реализација на своите планови и цели, а дополнителен предизвик биле случувањата со Македонците од Вардарскиот дел на Македонија кои сепак, иако во склоп на Југославија, добиле своја држава.



*Група на бегалци од Воденско*

Токму поради тие причини Македонците од Егејска Македонија во текот на граѓанската војна застанале на страната на КПГ. Поразот на ДАГ, а со тоа и на

КПГ во граѓанската војна го срушил сонот на Македонците за остварување на своите национални права и слободи. [219]

Последиците од оваа војна најсилно ги почувствувале токму Македонците. Изложени на силен терор, грабежи, физичко измачување уште во текот на војната биле принудени да ги напуштат родните краеви.



***Група бегалци жени и деца во Егејска Македонија***

Извршениот попис во Грција од 1951 година во споредба со резултатите од пописот во 1940 година дава јасна состојба за бројот на македонското население во Костурско и Леринско. Според податоците од овој попис бројот на Македонците изнесувал 37 372 жители помалку во споредба со резултатите од пописот во 1940 година. Значително намалување на македонското население било забележано во останатите македонски околии, особено во Мегленската, Гуменџиската, Демирхисарската, Серската, Драмската и други. Се смета дека бројот на убиените и побегнати Македонци во периодот од 1941-1949 година е над 95 000.[220]

Грчките власти покрај физичкиот и правниот терор кој што го спроведувале врз македонското население, започнале и еден процес на присилно преиманување на населените места, топонимите и микротопонимите со цел да ја избришат македонската нишка и постоењето на Македонците во Егејска

[219] С. Киселиновски, "Етничките промени во Македонија...стр.138
[220] Тодор Симовски, Населените места во Егејска Македонија, книга 1, ИНИ, Скопје,1978,стр 28

Македонија. Така на пример градот Воден бил преименуван во Едеса, потоа селото Владово во Аграс, селото Русилово во Ксантогија, Црковјани во Еклисохорион, градот Костур во Касторија, Лерин – Флорина, Гуменџе во Гумениса, Солун – Тесалоники, селото Плевна во Петруса и уште многу други.[221]

Втор процес на грчките власти за тотално уништување на Македонците бил силениот притисок за иселување. Така Македонците комплетно биле иселени и престанале да постојат голем број на македонски села. Денес, за тоа сведочат разурнатите куќи и имоти во селата Багран, Баница, во близина на селото Д'мбени, Билевец, Горно Стенско, Горно Сливени, Долно Вишомо и други.

## 2. Почеток на иселувањата на Македонците од Егејска Македонија

Бегајќи од грчките власти, Македонците се упатувале да бараат спас надвор од границите на Грција. Први којшто ги дочекале бегалците и им понудиле помош биле соседните Бугарија, Албанија и Југославија. Според француски официјални извори, Македонците од Егејска Македонија кои пребегале во Југославија броеле околу 35 000 лица од кои 25 000 на територија на НР Македонија.

Првата емиграција настанала во октомври 1944 година кога според француски сознанија 5 000 македонски партизани преминале во Македонија, а втората емиграција се случила во декември 1944 година и продолжила се до 1949 година. Македонците од Егејскиот дел кои пристигале во НР Македонија во најголем дел биле сместувани во прифатните центри, а дел од нив спасот продолжиле да го бараат во источноевропските земји, а дел од нив од источноевропските земји заминувале во прекуокеанските Австралија и САД, но не бил мал ниту бројот на бегалци кои останувале во прифатните центри.[222]

---

[221] Исто, стр. 31

[222] С. Киселиновски, "Етничките промени во Македонија...стр. 183



***Група на деца бегалци од Егејска Македонија во прифатниот центар во Битола***

Вакви прифатни центри биле отворени во Скопје и Битола. Во тие центри биле прифаќани рециси цели семејства на старци, жени и деца на кои им била пружена помош во храна и облека. Од овие прифатни центри, Македонците бегалци биле сместувани во цела Македонија и главно околу градовите во внатрешноста на земјата, а пред се во Скопје и околината каде биле сместени 1800 лица, Велес 3500, Штип 2500, Радовиш 2000, Кочани 1660, Тетово 2000 лица.[223]

Центрите за сместување оправдано не ги сместувале бегалците во пограничните градови, па од таму и бројот на сместени лица по овие градови е сосема мал како на пример во Охрид 100 лица, Гевгелија 200, Струмица 200, Гостивар 500 итн. Сите македонски бегалци го изгубиле правото на грчко државјанство, а од југословенските власти се стекнале со југословенски документи.[224]

Што се однесува до сместувањето и положбата на бегалците на почетокот тие биле релативно лоши, но со подобрувањето на организацијата условите постепено се подобрувале. Најголем дел од Македонците бегалци живееле со надеж дека нивниот престој во соседните земји е само привремен и дека по завршувањето на војната тие повторно ќе се вратат во своите огништа во Егејска

[223] ДАРМ - Скопје, фонд: Министерство за социјални грижи Скопје (1945-1955г), к.7 а/е45
[224] Исто, а/е 47

Македонија, но за жал барањата за одобрување на повторно враќање во Грција дефинитивно биле забранети од грчките власти.

## 3. Доселување на првиот бран на македонски бегалци во Штип

### 3.1. Градот Штип по крајот на втората светска војна

Градот Штип како центар на Штипската околија претставувал важен политички, стопански, културно-просветен и здравствен центар на поголемиот дел од Источна Македонија. По завршувањето на војната, градот продолжил да се движи во насока на обнова и реставрација на воените рушевини, развој на земјоделието, стопанството, образованието како и обнова на секојдневниот живот на граѓаните.

Периодот од 1947 до 1952 година бил карактеристичен по преземањето на првите чекори за развојот на стопанството, за создавање на материјална основа во општествениот сектор и слично. Создавањето на материјалната основа во општествениот сектор била извршена со примена на сите тогашни револуционерни форми кои се состоеле во ликвидирање на капиталистичките елементи. Тоа се постигнало со конфискација, национализација, експропријација и аграрна реформа.[225]

### 3.2. Прием на првиот бран бегалци

Првиот поголем бран на бегалци во Штип бил дочекан во 1945 година. Првите доселеници од Егејска Македонија воглавно биле од селата на Воденскиот округ, Саракиново, Тресино и Родево. Бидејќи во градот не бил приспособен соодветен објект кој би можел да ги прими бегалците, на состанок на Одборот на

[225] Виолета Ачкоска, "Задругарството и аграрната политика во периодот 1945-1955 година" Скопје, 1994, стр.55

градот Штип била донесена одлука бегалските семејства да се сместат во домовите на оние граѓани кои имаат помал број на членови во семејствата, а располагаат со поголеми куќи и поголем број на простории. Исто така во Штип бил формиран Одбор за грижа на бегалците од Егејска Македонија кој требало да се погрижи за обезбедување на сместувалишта за бегалците, обезбедување на простории во кои ќе се овозможи настава на децата и слично.[226]

Според извештај на Окружниот Комитет на КПМ од Штип од 13 септември 1945 година стои забележано дека во градот Штип и околината биле доселени 382 лица бегалци од Егејска Македонија. За сите нив била обезбедена храна организирана во кујните низ градот, а останатите продукти се купувале со собраните пари од доброволни и останати прилози на Околискиот народен фронт.[227]

Во извештајот меѓу другото е наведено дека лицата се сместени по семејните куќи на штипското население, но дека тоа сместување станува се поголем притисок бидејќи не се располагало со соодветни станови во кои би се сместиле бегалците. Поради недостигот на соодветни станови се појавил и проблемот околу хигиената. Здравствените установи преземале најразлични мерки за решавање на проблемите за да се спречи појава од различни болести. Исто така стои запишано дека поголем дел од мажите бегалци веќе се ангажирани во градежните работи за изградба на мостови, куќи и слично, а дел биле задолжени за разнесување на разни стоки.[228]

На крајот на извештајот стојат запишани задачите кои партиските организации требало да ги преземат околу грижата на бегалците како на пример:

1. да се осигура приход за издржување – по можност преку власта

2. да се направат преместувања и сместувања на бегалците по станови

[226] ДАРМ-Штип,фонд Околиски комитет на КПМ-Штип 1945-1952, к.2 а/е13
[227] Исто, а/е16
[228] ДАРМ - Штип, фонд: Народен одбор на општина Штип (1945-1960г.) к.4, а/е28

3. да се обезбедат со огревни материјали за претстојната зима и

4. да се обезбедат бегалците со облека[229]

Бројот на бегалците кои биле населувани во Штип од ден на ден се повеќе растел, а со тоа дополнително се отежнувале напорите и трудот на градските власти да обезбедат соодветни услови за нивно сместување.

Дека бројот брзо растел може да се заклучи од извештајот на Окружниот Комитет на КПМ за Штип од 25 септември 1945 година каде што е забележано дека веќе во градот има 485 бегалци од Егејска Македонија. Тоа би значело дека за неполни 15 дена бројот на бегалци во градот Штип се зголемил за 100 лица. Како и во претходниот извештај, така и овде е изнесена состојбата во која се наоѓале бегалците како и преземените мерки за укажување на соодветна помош. Народната власт била ставена во една тешка положба и требало да донесе одлука какви мерки да се преземат за што побрзо обезбедување на простор за живеење на бегалците кој би ги исполнувал условите за нормален живот и добри хигиенски услови.[230]

Во извештајот стои дека градскиот одбор формирал комисија која била задолжена да го разгледа, да го истражи и да го реши станбеното прашање на бегалците.

Исто така стои известување дека за жените бегалци биле организирани курсеви за шиење кои се одржувале три пати во неделата, а нив ги посетувале околу 30 жени. Бил отворен и курс на кој се објаснувале и разгледувале политички теми. Жените од бегалците, заедно со автохтоното население, се вклучувале во помошта на војската како перење на облека, шиење и изработка на нови униформи, подготвување на храна и леб и слично.[231]

Бројот на бегалците од Егејска Македонија кои што биле доселувани во Штип продолжил да се зголемува и во текот на наредната 1946 и 1947 година.

[229] ДАРМ-Штип, "Околиски комитет на КПМ..., к.3 а/е 1/1
[230] Исто, к.3 а/е 11/53
[231] Исто, к.3 а/е 11/58 11/59

Пристигале бегалци од селата: Тресино, Цакони, Родево, Пожарско, Бизово, Струпино, Саракиново, Ранци, Жупаништа, Плевна, Зрново и многу други. Како и во другите градови низ државата, така и во Штип, Црвениот крст преку Одделот за социјални грижи делел помош на дојденците.

## 4. Анализи и извештаи на Општинските комисии на КПМ - Штип за состојбата со бегалците во Штип од 1948 – 1949 година

**4.1**. Во соопштение од Сreскиот комитет на КПМ - Штип до Централниот комитет на КПМ од 19 октомври 1948 година може да се види состојбата со бројот на бегалците сместени во градот Штип. Во овој извештај стои дека вкупниот број на семејства изнесувал 144 со вкупен број на жители 547 од кои 239 мажи и 308 жени. Работоспособни мажи над 18 години – 67, а жени – 134. Работоспособни деца од 14 до 18 години вкупно 41. Вработени мажи со постојана работа како земјоделски работници имало 18, а двајца биле вработени во рудникот “Злетово” во Пробиштип, во претпријатието "Камени коцки” - двајца работници, а во административна државна работа - еден. Сезонски општи работници во државното стопанство “Црвена Ѕвезда” - 18 мажи, сезонски ѕидарски работници со склучен договор со управата за изградба на кооперативни домови 24 мажи. Запослени жени со постојана работа – две, сезонски работнички кои во овој период биле невработени – 132. Деца машки и женски на возраст од 14 до 18 години кои во периодов биле незапослени – 41. Од извештајот може да се заклучи дека вкупно биле вработени 240 лица што претставувало една половина од вкупниот број на доселени лица.[232]

**4.2.** Според анализата на Сreскиот комитет на КПМ - Штип, испратена до Обласниот комитет на КПМ, од 6 октомври 1949 година е забележано дека сите бегалци биле сместени во добри хигиенски места и дека во поголем број биле земени на работа во стопанството “Црвена Ѕвезда”, а едно семејство имало во СРЗ. Исто така во анализата стои запишано дека редовно и без некои поголеми

[232] Исто, к.3 а/е 29/123 и 29/125

тешкотии се обезбедувало храна и облека. Во поглед на политичката работа, со нив, како и за останатото население, биле одржувани политички предавања. Бројот на домаќинствата изнесувал 133 со 518 членови.[233]

Состојбата со бегалците, нивниот број и сместување во Штип и Штипско исто така може да се види од информацијата на Комисијата при Обласниот комитет која била донесена на 30 октомври 1949 година по предходното истражување на членовите на комисијата директно на теренот.

Штипската околија и градот имале вкупо 291 семејство од кои 75 семејства биле сместени во Државното стопанство "Црвена Ѕвеза", а останатите биле сместени во околните населби и села. Сместувањето во селата било во релативно лоша состојба, бидејќи бегалците биле сместени во стари и запуштени куќи, кои биле без добар покрив, без прозорци и без доволно светлина, а општите хигиенски услови не биле на соодветно ниво. Како пример е наведено сместувањето во селото Лезово каде што било сместено 10–члено семејство во мала напуштена куќичка. Во иста ситуација било затекнато и едно 9–члено семејство во селото Гајранци сместено во една соба без осветлување, а од истото семејство само еден член бил вработен. Во информацијата е наведено дека во слична состојба биле затекнати и останатите семејства сместени во селата Гујновци, Трогерци, Врсаково и Криви Дол.[234]

Во поглед на вработувањето стои запишано дека сите работоспособни членови биле вработени во рудникот "Злетово" како и во градежното претпријатие "Плачковица". Во селата Врсаково и Криви Дол, жените биле вработени во здружените домови и шталите во СРЗ, а дел од нив во стопанството "Црвена Ѕвезда". Исклучок како невработени биле само мајките со многу мали деца.

[233] Веројатно овие податоци се однесуваат на состојбата на семејствата на бегалците кои биле сместени во Штипското градско подрачје, притоа несметајќи го бројот на бегалците населени во околината на Штип.- Исто, к.3 а/е 98/351 и 98/352

[234] ДАРМ - Штип, фонд: Околиски народен одбор Штип (1945-1955г.), к.6 а/е 2/37

Исто така стои запишан и проблемот околу снабдувањето со облека, дрва и огревни материјали, како и проблемот околу обезбедувањето на печки за производство на леб, каде меѓу другото е наведено дека активно се работи на полето да се обезбедат облека за сместените лица преку разни доброволни акции, донации и слично, а се правеле силни напори исто така да се обезбедат и потребните печки за производство на леб.[235]

Во поглед на образованието е забележано дека сите деца биле опфатени во основното училиште, а гимназијалците посетувале редовна настава во штипската гимназија.

Во поглед на политичката активност кај бегалците се посветувало посебно внимание за да се активираат што поголем број на лица во политички активности. Но, политичката работа со бегалците во извештајот е опишана дека се наоѓа во лоша состојба, па затоа бил даден предлог за организирање на состаноци на кои пред населението би им била објаснета политичката ситуација. На предлогот од страна на Комисијата населението да се зачлени во СРЗ, тоа го одбивало тој предлог со изговор дека нивниот престој во овие населени места бил привремен и дека наскоро тие ќе си заминат во своите родни краеви. Забележано дека е само едно семејство сместено во селото Крупиште било член на СРЗ.[236]

Состојбата со Егејците во стопанството “Црвена Ѕвезда” била релативно добра, решена така што секое семејство имало стан со големина во зависност од бројот на членовите во семејството, а во информацијата е наведено дека становите не биле во добра состојба, но со препорака дека наскоро таквата состојба ќе се промени. Состојбата со снабдување прехранбени продукти била релативно добра. Како и во селата, така и овде стоел проблемот околу снабдувањето со огревни материјали. Политичката работа и во стопанството била во лоша состојба односно многу мал број на бегалци биле зачленувани во политичките организации.[237]

---

[235] Исто, к.6 а/е 2/39
[236] ДАРМ-Штип, "Околиски комитет на КПМ..., к.4 а/е 3/15
[237] Исто, к.4 а/е 3/16

На крајот од информацијата стои дадениот предлог од страна на комисијата каде што е наведено:

- За да се намалат недостатоците во животот на бегалците во оваа област да се одржат состаноци со одговорните лица од околиските комитети;
- Да се направи план за снабдување со огревни матријали, печки, ќебиња и слично;
- Да се постапи правилно при решавање на проблемите во државните стопанства;
- Да се зачленат сите Егејци во СРЗ во текот на месец ноември;
- Масовно да се зачленат сите членови кои ги исполнувале условите за членство во масовните организации;
- Среските комисии да извршат заживување на политичките и идеолошките работи со бегалците;
- Од страна на околиските комисии да се посвети посебно внимание за да се овозможи образование на децата во стручни училишта по завршувањето на основното образование и
- Околиските комисии да бидат внимателни и да преземат активности за вработување во текот на претстојната зима на луѓе кои имаат повеќе деца.[238]

**4.3.** Кон крајот на 1949 година, во една анализа за сместувањето, бројот на семејствата, бројот на членовите, материјалната положба и политичката работа со бегалците од Егејска Маледонија во Штипската област, доставена до Обласниот комитет на КПМ, е забележано дека на територијата на Штипската област имало населено 1359 семејства со вкупен број од 6321 член. Сместувањето на бегалците било решено со доделување на станови за семејствата, со напомена дека сместувањето на семејствата не е подеднакво

[238] ДАРМ – Штип,фонд Градски народен одбор на КПМ – Штип, 1945-1951, к.6 а/е 43/143-146

решено во целата област. Како пример е дадена Кочанската околија каде што сеуште бил присутен проблемот околу сместувањето на бегалците.

Во однос на снабдувањето на семејствата на бегалците со потребните продукти е наведено дека е позитивно реализирано со тоа што на почетокот на секој месец им биле доделувани купони со чие приложување можеле да се снабдат со потребните продукти. Од страна на околиските народни одбори биле преземани акции за обезбедување на огревни матријали.[239]

Идеолошко-политичката работа со бегалците била решена на тој начин што сите работо способни членови од семејствата што се во производен процес редовно ги посетувале синдикалните конференции, политичките предавања, марксистичките кружоци и слично. Додека кај останатите членови од семејствата кои не биле во работен однос, стари лица, жени, мајки идеолошко политичката работа се реализирала преку најразлични активности на АФЖ. Младинците биле опфатени во активностите на народната младина и со нив се работело на политичко и стручно издигнување.[240]



***Жените дојденки од Егејска Македонија на работа во виновите насади во стопанството "Црвена Ѕвезда"***

Прашањето за политичката работа со бегалците од Егејска Македонија не било подеднакво спроведувано низ градовите и селата. Конференциите и политичките предавања кои се одржувале во селата биле масовно посетувани,

[239] ДАРМ-Штип, "Околиски комитет на КПМ..., к.5 а/е 1/19
[240] Исто, к.5 а/е 1/21

но кај населението не постоела желба за масовно зачленување во политичките организации.[241]

Во оваа анализа, за прашањето околу образованието на децата стои забележано дека биле опфатени сите деца во селските и градските училишта со исклучок во Кавадаречката околија каде во селото Дуброво децата кои требало да бидат запишани на училиште немале настава поради недостиг на кадар, па од тие причини децата посетувале настава во селото Висинци кое било прилично далеку од селото Дуброво.[242]

Околу вработувањето на бегалците е наведено дека во претходниот период имало поголема невработеност што придонесувало за потешки услови, но по преземаните мерки за вработување се овозможило вработување на еден до два члена од семејство. Бегалците кои што живеат во градовите биле вработувани во институции, претпријатија, рудници и слично, додека бегалците кои биле сместени по селата биле вклучувани во работата на селските работни задруги таму каде што ги имало.

Политички интерес се јавил кај бегалците сместени во Свети Николската околија, а во останатите околии интересот бил далеку послаб.[243]

| околија | Бр. семејства | Бр. членови | мажи | жени | Раб.спос (р.с) | Стари лица (р.с.) | Деца од 17 год. | Деца од 18 год | ученици | вработени | Невработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Штип | 179 | 668 | 148 | 183 | 283 | 123 | 237 | 100 | 143 | 215 | 26 |
| Штипск-а ок. | 112 | 323 | 118 | 154 | 207 | 70 | 294 | 52 | 72 | 204 | 5 |
| Св.Ник-оле | 498 | 2180 | 729 | 641 | 783 | 587 | 349 | 461 | 467 | 725 | 58 |

241 Исто, к.5 а/е 2/13
242 Исто, к5 а/е 7/9
243 Големиот број на семејства и членови на истите кои што се споменати во оваа анализа се должи на тоа што оваа анализа се однесува на целата Штипска област, но во овој период треба да се потсети дека Штипската област опфаќала поголем број на градови со околните села како на пример Штип, Св.Николе, Струмица, Гевгелија, Кавадарци, Кочани, Пробиштип, Берово, Делчево, Кратово, Радовиш. Доколку се исклучат останатите градови и се пресмета само бројот на Македонците бегалци од Егејска Македонија кои биле сместени на територијата на градот Штип и околните села тој број би бил далеку помал од бројот кој што е наведен во гореспоменатата анализа.

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Струм-ица | 8 | 53 | 16 | 16 | 20 | 6 | 22 | 5 | 11 | 26 | / |
| Гевгел-ија | 35 | 153 | 61 | 51 | 111 | 2 | 39 | 1 | 21 | 67 | 24 |
| Кавада-рци | 39 | 208 | 83 | 72 | 138 | 17 | 53 | / | 14 | 122 | 16 |
| Кочани | 310 | 1338 | 369 | 353 | 554 | 168 | 513 | 101 | 228 | 434 | 121 |
| Берово | 28 | 143 | 45 | 32 | 72 | 5 | 60 | 6 | 35 | 33 | 34 |
| Делче-во | 2 | 12 | 5 | 3 | 7 | 1 | 2 | 1 | 2 | 5 | 2 |
| Крато-во | 82 | 448 | 121 | 95 | 187 | 29 | 189 | 43 | 81 | 181 | 6 |
| Радо-виш | 78 | 343 | 106 | 86 | 175 | 17 | 140 | 11 | 76 | 116 | 59 |
| Вкупно | 1371 | 5869 | 1801 | 1686 | 2537 | 1025 | 1898 | 781 | 1150 | 2128 | 351 |

**Табеларен преглед на населените бегалци во Штипската околива во месец октомври 1949 година.**[244]

## 5. Анализи и извештаи на Општинските комисии на КПМ - Штип за состојбата со бегалците во Штип од 1950 – 1951 година

**5.1.** Од извештајот испратен од Обласниот комитет на КПМ – Штип до Централниот комитет на КПМ на 27 април 1950 година може да се види состојбата и бројот на семејствата на Македонците бегалци од Егејска Македонија во Штипката област.

Во извештајот е забележано дека бројот на семејставата на територијата на ОК Штип во штипска околија имало 132 семејства со 523 члена, од кои работоспособни биле 259 лица и истите биле вработени и немало некои поголеми проблеми за нивно вработување. На политички план немало некоја посебна

[244] ДАРМ - Штип, фонд: Народен одбор на...к.8 а/е 33

активност, а во политичките предавања бегалците биле вклучени исто како и останатото население. Социјалната помош редовно била доставувана до бегалците и е запишано дека 13 семејства добиваат вкупно 13 000 динари.[245]

Во градот Штип имало 185 семејства со 861 член од кои 608 биле работоспособни мажи и жени кои биле вработени. Како и во Штипската околија, така и во градот Штип се работело на политички план со бегалците преку одржување на различни конференции кои биле масовно посетени. Како членови на партијата на КП биле примени 5 лица, а 7 лица биле кандидати за прием, при што во извештајот е запишано дека работата околу зачленувањето на Егејците во партијата е слабо разработено.

Во поглед на социјалната помош стои запишано дека 14 семејства примале вкупно 14 000 динари како помош.[246]

---

[245] ДАРМ-Штип, "Околиски комитет на КПМ..., к.5 а/е 6/29

[246] Во продолжение на извештајот е дадена состојбата со Егејците бегалци кои што се населени во останатите градови кои што спаѓале под Штипската област. За **Делчево** и **Струмица** во извештајот стои дека има само по 3 семејства со вкупно 30 члена во двете општини, дека политички се работи како и со останатото население и дека приемот на нови членови во партијата е релативно слаб.

За **Беровската општина** има запишано дека во неа се населени вкупно 24 семејства со 134 жители од кои работоспособни биле 65 члена и дека жените биле вработени во расадник, а мажите како градежници и мајстори. На политички план состојбата била не поразлична од останатите општини.

Во **Кавадарци** имало сместено 74 семејства со 404 членови, а од нив 260 работоспособни лица вработени во стопанството "Црвени Брегови" и "Дуброво".

Во **Титиов Велес** имало сместено 220 семејства со вкупно 926 членови од кои 480 биле работоспособни. И овде не изостанува да се спомене дека подеднакво се работи на политички план, дека оддржуваните предавања се масовно посетени но дека интересот за зачленување во партијата е слаб.

Во извештајот за територијата на **Свети Николе** стои запишано дека има 401 семејство со 1803 члена од кои работоспособни биле 950 лица кои во најголем број биле вработени во стопанствата ,,Мездра,, и ,,Ерџелија,,. Социјала помош добивале 72 семејства во износ од 97 100 динари.

Во **Кочанската општина** имало населено 296 бегалски семејства со 1217 члена од кои работоспособни биле 680 лица. Политичката работа со Егејците не била во задоволителна мерка и било реагирано до ОК да го разгледа прашањето за поактивна политичка работа со бегалците, да се организираат предавања со цел да се предизвика нивно вклучување во СРЗ. Меѓу бегалците како невработени лица се среќавале во селата Мојанци, Горни Подлог, Оризари, Тркање, Облешево и Чифлик и дека се работи на разгледување за нивно вработување.

Во **Радовиш** имало 125 семејства со 527 членови од кои работоспособни биле 311 лица. Во оваа општина социјална помош примале само 25 семејства со вкупен износ од 31 100 динара.

**Гевгелија**, иако била пограничен град, сепак биле населени 35 семејства на бегалци со 153 члена. ОК на партијата немал направено план на кој начин и како политички да ги организира бегалците односно дека не се работело на посебен план со бегалците туку на организираните политички предавања биле присутни и тие. Во оваа општина немало проблем околу вработување на бегалците и дека нема семејство кое што прима социјална помош.

**5.2.** Во 1948 година грчките власти, со цел да го реализираат планот за негирање на македонското население, а ДАГ да обезбеди што полесно мобилизирање на борци во своите редови, организирано го реализирале планот за евакуација на децата од Егејска Македонија, испраќајки ги ширум светот. При таа евакуација на децата, според Маркос Вафијадис во извештајот до Јанис Јоанидис е забележано дека од Леринскиот округ ќе бидат евакуирани 2500 деца, од Костурско 3500 деца, а дека бројот на децата кои што треба да се евакуираат од Коница и Загорја, Епир се уште недостасувал. Тој во истиот извештај наведува број од околу 10 000 деца.[247]

Од првата половина на 1948 година, реки, поточно колони од мали и нејаки деца почнале да се движат од Егејска Македонија и да влегуваат во НР Македонија, а оттаму во југословенските републики и другите земји. Со децата покрај нив биле и назначените “мајки” од редовите на АФЖ кои ги жртвувале своите животи за да ги заштитат слабите дечиња, да ги спасат од секојдневниот терор во родните места и да ги донесат во слободните земји каде што ги сместувале во домови и интернати.

На територија на НР Македонија се навлегувало преку суводолици и планини од каде се упатувале кон Битола и Браилово, а од таму кон Скопје, Белград, Гаково, Бела Црква, Црквеница, Стара Гора и многу други места.

Македонската народна власт заедно со Црвениот крст активно се вклучила во акцијата за прифаќање на децата, во пружање на помош преку храна и облека, лекарска грижа и се обезбедувало нивно сместување и понатамошно образование.

Од Македонија најголем број на деца-бегалци, откако им била пружена здравствена грижа, храна и облека биле испраќани во останатите градови ширум Југославија.

---

ДАРМ-Штип, фонд: Градски народен одбор на КПМ... k.6 а/е 100/391 - 396

[247] Ристо Кирјазовски, "Документи за егзодусот на децата од Егејска Македонија", сп.Историја,1991, стр.175

Во првата половина на 1948 година, во НР Македонија имало околу 5 000 деца-бегалци, а поради пристигнување на нови бранови на деца-бегалци од Егејска Македонија, Црвениот крст на НР Македонија и Министерството за социјални грижи, биле принудени да отвораат нови домови и прифатилишта, како што биле домовите во Матка и селото Петровец кај Скопје.[248]

До крајот на 1948 и во почетокот на 1949 година, по приемот и по лекарските прегледи што задолжително се вршеле над нејаките деца, истите биле распоредувани во неколку отворени прифатилишта и детски домови и тоа во: Прилеп, Куманово, Валандово, Љубојно, Струга, Браилово и Битола.[249]

Сакајќи да ги спасат своите деца голем број на родители биле разделени од децата. Но, не поминало многу време од евакуацијата на децата, кога и родителите тргнале во потрага по своите деца надвор од границите на Егејска Македонија.

Околискиот комитет на КПМ – Штип на 13 декември 1951 година испратил до Централниот комитет на КПМ во Скопје извештај за бројот на семејствата од бегаците кои се населени во Штип и Штипско, а имаат деца кои што им биле одземени при споменатата евакуација од 1948 година во Грција и се однесени во Бугарија, Романија, Албанија, Полска, Унгарија и други земји.

| Ред. Бр. | Држава во која се наоѓаат децата | Број на фамилии | Број на деца | Примиле државјанство | | Не примиле државјанство | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Бр. На фамили | Бр. На деца | Бр. На фамилии | Бр. На деца |
| 1. | Германија зона СССР | 1 | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 2. | Полска | 30 | 58 | / | / | 30 | 58 |
| 3. | Чехословачка | 12 | 19 | / | / | 12 | 19 |
| 4. | Грција | 12 | 13 | 1 | 2 | 11 | 11 |

[248] ДАРМ - Скопје, фонд: Министерство за социјални грижи ... к.9 а/е 76
[249] Мишо Китановски Ѓорги Доневски, Децата бегалци од Егејска Македонија во Југославија, Скопје, 2003 год. Стр. 203

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Романија | 3 | 6 | / | / | 3 | 6 |
| 6. | Албанија | 1 | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 7. | СССР | 15 | 16 | / | / | 15 | 16 |
| 8. | Унгарија | 1 | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 9. | САД | 1 | 1 | / | / | 1 | 1 |
| 10. | Непознато | 4 | 4 | / | / | 4 | 4 |
| | Вкупно | 80 | 120 | 1 | 2 | 79 | 118 |

**Табеларен приказ на семејства од бегалците кои имале деца кои се однесени во европските држави и број на семејства со број на членови кои примиле и не примиле државјанство.[250]**

**5.3**. Кон крајот на април 1951 година Околискиот комитет на КПМ – Штип испратил извештај до Централниот комитет на КПМ – Скопје во кој дава информација за состојбата на Егејците кои се населени во Штипска околија.[251]

Во извештајот е наведено дека се населени 127 семејства со вкупно 576 лица, од кои 106 семејства биле населени во државното земјоделско стопанство "Црвена Ѕвезда" а останатите семејства биле населени во селата Долни Балван, Пишица, Карбинци, Крупиште, Гујновци и Врсаково.[252]

Покрај другото е забележано дека од работоспособните лица во најголем број биле вработени, со исклучок на повозрасните лица и жени – мајки на мали деца. Од 130 работоспособни мажи во текот на изминатата зима невработени биле само 10 лица, а од 168 жени невработени биле 61. При вработувањето на лицата се водело сметка од секое семејство да има барем едно вработено лице. Проблемот со оние семејства кои неможеле да се издржуваат со својата заработувачка (стари, болни и неспособни за работа лица), од страна на ОНО бил решен со доделување на парична помош во вредност од 16 081 динари на девет семејства.

[250] ДАРМ-Штип, фонд: Градски народен одбор на КПМ... k.6 а/е 101/398 - 399

[251] Извештајот е испратен на 26 април 1951 година. ДАРМ-Штип, фонд: Околиски комитет на КПМ – Штип, 1945-1952год, к.7 а/е 85/316

[252] Исто, к.7 а/е 87/321

Семејствата кои биле населени во другите села со исклучок на Врсаково и Гујновци биле зачленети во СРЗ и учествувале во здружената работа. На вработените лица во државното земјоделско стопанство “Црвена Ѕвезда” и во СРЗ им било доделено место за окукница[253] чија површина била веќе обработена и посеана со пролетни култури. Обработката на земјоделските површини најчесто се вршела со запреги од државното стопанство, а во задругите со задружни запреги. Од споменатите семејства, 24 биле сместени во зградите на стопанството на “Црвена Ѕвезда”, а биле вработени во градежното претпријатие “Плачковица”. На овие семејства не им била доделена окукница со објаснување дека поради тоа што не се вработени во стопанството, нема да го добијат истото.[254]

Во поглед на развојот на културно – просветната работа помеѓу Егејците во стопанството “Црвена Ѕвезда” бил формиран културно – просветен одбор кој бил задолжен за организирање на оваа работа. За истата намена била формирана и една играорна и една пејачка група за изведување на настап.[255]

Околу политичката работа со Егејците е напоменато дека бил формиран актив на предавачи кој го раководел Околискиот Комитет и биле одржувани предавања според претходно подготвен план од страна на ОК.

Децата кои биле во школска возраст посетувале настава во основните училишта во селата, а 20 ученици посетувале настава во гимназијата во градот Штип, од кои 12 деца биле со интернатско сместување и од страна на ОНО им била одобрена стипендија.

Кон крајот на извештајот стои забелешка дека и покрај политичката работа со егејците, таа се уште се смета за слаба и незадоволителна. Може да се заклучи дека и во овој период бегалците се уште размислувале за повторно враќање назад во Егејска Македонија за што во јануари 1951 година од страна на

[253] Окукница – се мисли на земјиште кое се наоѓало во непосредна близина на домовите во кои биле населени бегалците и било наменето за одгледување на градинарски и житни култури. а/е 85/317
[254]: ДАРМ-Штип, фонд: Градски народен одбор на КПМ... k.6 а/е 103/403
[255] Исто, к.6 а/е 104/404

три семејства биле поднесени барања за заминување. Но, по укажувањето дека нема да наидат на подобра ситуација во Грција, тие се откажале од таквата намера. Во овој период имало појава од повеќе семејства кои барале да се преселат во другите градови низ НР Македонија како на пример во Битола, Прилеп, Кавадарци и други со изговор дека во тие градови дознале дека имаат нивни блиски роднини. [256]

**5.4.** На 25 јуни 1951 година била испратена редовна анализа од страна на Околискиот Комитет на КПМ – Штип за животот и работата на бегалците од Егејска Македонија населени во градот Штип и неговата околина. Во оваа анализа е дадена слика за нивниот политички живот, економската положба, вработувањето, културно–просветната работа, социјалната помош како и проблеми околу подобрувањето на нивниот живот во ФНР Југославија.

**- Организација на работа на бегалците во градот Штип**

Уште со нивното доселување на територија на НР Македонија, од страна на народната власт биле преземани мерки за нивно соодвето населување. Во прво време бегалците биле населувани во станови во градот Штип. Бил формиран и Образовен одбор од бегалците кои работел за организирање на работа како и за спроведување на директиви и ширење на политичката активност. Со помошта на овој одбор и народната власт во градот биле решавани повеќе прашања како на пример вработувањето, материјалната помош и сместувањето на бегалците. Исто така бегалците биле вклучувани во Народен фронт на Југославија при тоа учествувајќи во сите масовни организации како: синдикати, младински организации, АФЖ и друго.[257]

Преку овој одбор се вршело вработување на бегалците во задругите, во државните институции и разни други организации. Меѓу другото преку овој одбор се решавале најактуелните прашања помеѓу бегалците, а одборот бил во

[256] Исто, к.9 а/е 85/318
[257] ДАРМ - Штип, фонд: Народен одбор на општина Штип... к.9 а/е 140/484

постојана комуникација со органите на народната власт од каде што се добивало помош.

**- Организација на работа на бегалците во Штипската околија**

Во селата околу градот Штип е наведено дека бегалците од Егејска Македонија имале организиран живот на задоволително ниво. Во секое село бил формиран Одбор чии членови биле од бегалците. Одборот имал за задача да се грижи за животот на бегалците, за нивното сместување, вработување, социјална помош, издигнување на политичко ниво, како и да се грижи околу нивното образование. Овие одбори биле поврзани со органите на Народната власт на ОНО – Штип со кои се консултирале околу некои проблеми кои што неможеле самите да ги решат.

Овие селски одбори одржувале состаноци еднаш во седмицата и на нив се разгледувале сите прашања настанати помеѓу бегалците, се разгледувале можните решенија, а се разгледувала и политичката состојба. Преку овие одбори бегалците активно се вклучувале во најразлични организации во селото како што биле Народен фронт, АФЖ, младински синдикати и слично.[258]

**- Проблеми околу станбеното прашање**

Во градот Штип биле населени 187 семејства на бегалците со вкупен број на членови од 744 лица. На почетокот од нивното доселување се појавил проблем при обезбедувањето на соодветни простории во кои требало да бидат сместени. Најчесто тие биле сместувани во несоодвети куќи, додека пак оние куќи кои што имале барем малку подобри услови биле пренаселени при што се појавил проблем околу хигиената.[259]

Народната власт проблемот околу сместувањето на бегалците на почетокот го решила на тој начин што била донесена одлука семејства на бегалци да бидат сместени низ домовите на граѓаните во градот Штип се додека не се изградат соодветни простории во кои би можеле да се населат бегалците. Овој проблем

[258] Исто, к.9 а/е 140/486
[259] ДАРМ - Штип, фонд: Народен одбор на...к.8 а/е 38

многу брзо бил решен, па така во извештајниот период стои забележано дека проблемот околу сместувањето на бегалците во најголем процент е решено и дека тие се сместени во соодветни простории и дека хигиената е на здоволително ниво.

Бегалците кои биле сместени во околината на градот Штип, односно во околните села во најголем број случаи на почетокот биле сместени во релативно лоши услови. За решавање на тој проблем, народната власт донела одлука за изградба на нови станбени згради кои биле наменети за бегалците од Егејска Македонија. Вакви станбени згради имало изградено во кругот на државното стопанство "Црвена Ѕвезда" во селото Три Чешми и Караорман.[260]

**- Економска положба**

Со доселувањето на Егејските бегалци во градот, народната власт им пружила економска и материјална помош. Во доделувањето на соодветна помош активно учествувала и меѓународната организација на Црвениот крст, при тоа обезбедувајќи помош во храна, облека, лекови и друго. Исто така била доделувана и парична помош на некои семејства кои што не биле во можност да бидат вработени и да заработуваат самостојно.[261]

Во извештајот стои дека Народната власт ги имала во предвид маките и страдањата на Македонците од Егејскиот дел на Македонија и дека имала разбирање кон нивната одлука да го напуштат своето родно огниште при тоа оставајќи ги своите домови како и целата покуќнина со цел да се спасат од теророт кој што ги снашол во Грција. Од тие причини, општинските власти кон бегалците доселени во градот и неговата околина се однесувала под еднакво како со граѓаните на ФНР Југославија.

По прашањето за економската положба на бегалците кои биле сместени по околните села, во извештајот е запишано дека тие се наоѓаат во добра економска состојба. Голем број од бегалците биле вклучени во СРЗ и државните стопанства

[260] ДАРМ - Штип, фонд: Градски народноослободителен одбор...к.9 а/е 141/490
[261] Исто, к.9 а/е 141/481

од каде што имале можност да заработуваат, а со тоа да ја подобрат својата економска состојба.

Доставувањето на прехранбени продукти се вршело редовно во селата. За подобрување на економската состојба низ селата, од вкупниот број на 139 семејства, на 123 им била доделена окукница на која можеле да се одгледуваат прехранбени земјоделски продукти.[262]

**- Вработувањето во градот Штип и околината**

Вработувањето на работоспособните лица во најголем број било во земјоделски и општи работи. Бидејќи населението и пред почетокот на егзодусот во Грција најчесто се занимавало со земјоделие односно со одгледување на памук, тутун и разни земјоделски култури, од тие причини најчесто и биле вработувани во земјоделските работи, потоа во државните стопанства и слично. Оние лица кои имале работно искуство во градежни работи биле вработувани во градежните претпријатија, а малиот број на лица кои имале повисоко образование биле вработувани во државна служба. [263]

Не бил мал ниту бројот на вработени работоспособни жени, кои заедно со младинците биле вработувани во најразлични претпријатиа.

Вработувањето на бегалците од околината на градот најчесто се одвивало на тој начин што тие биле ангажирани во најразлични земјоделски гранки. Како најчесто место каде што биле вработувани било државното стопанство “Црвена Ѕвезда”, а нивната работа и работна посветеност во стопанството може да се опише како посветена и добра и пред се редовна. Третата група на бегалци од Егејска Македонија која била населена во околината на градот во најголем број била приклучена во СРЗ.

Кога се зборувало за вработување на лицата од бегалците Егејци не е забележана некоја разлика помеѓу граѓаните и нив. Анализирајќи ја состојбата околу нивното вработување, учеството во културно-просветната работа,

[262] Исто, к.9 а/е 140/487
[263] Исто, к.9 а/е 140/488

државната управа, СРЗ и другите државни стопанства се гледа дека бројот на лица кои биле поставувани на одговорни работни места е релативно мал. На пример во околината на градот биле вработени: 1 агроном, 1 учител, 2 службеници, 1 поштар, 1 евидентичар, 7 бригадири, 2 одборници итн.[264]

**- Културно-просветна работа**

Културно-просветната работа како и во градот така и во неговата околина се движела во добра насока. Бил формиран културно-просветен одбор кој организирал најразлични културно-просветни настани. Покрај другото, одборот посветувал и внимание околу обезбедувањето на солидни услови за образование на населението. Во најголем број децата посетувале настава во основните училишта, а средношколците посетувале настава во Штипската гимназија, додека бројот на ученици кои посетувале стручни училишта е многу мал.[265]

## 6. Формирање на новата населба Три Чешми

Населбата Три Чешми, како една од поновите населби настаната по завршувањето на Втората светска војна во близина на градот Штип, претставува една од населбите во која во најголем број биле населувани Македонците бегалци од Егејскиот дел на Македонија. Населбата своето име го добило по трите чешми што се наоѓале на местото каде што се формирала населбата, а како патоказ течеле низ овој предел во предградието на градот Штип, наоѓајќи се во близина на селата Криви Дол, Врсаково и Сарчиево. Карактеристично за оваа територија било тоа што теренот претежно бил пустелив без некоја развиена природа.[266]

Според пописот од 1947 година, Овчеполската околија под која спаѓале Штипската и Св.Николската општина имала вкупно 119 села. Населбата Три Чешми во овој статистички податок не се споменува како населба.

[264] Исто, к.9 а/е 140/492
[265] Исто, к.9 а/е 140/495
[266] Марија Воденска, "Преседани Македонците од Егејскиот дел на Македонија во селото Три Чешми", Штип, 1990год. Стр.13 стр.4

Градските власти во Штип со цел да го решат проблемот околу сместувањето на бегалците од Егејска Македонија донеле одлука токму на тој простор да започне да се раѓа една нова населба во која ќе биде сместено населението, а во исто време ќе се овозможи и раздвижување и заживување на тој простор. Со таква цел, започнала изградбата на две приземни долги згради кои биле наменети за сместување на бегалците. Изградбата на овие згради била завршена до крајот на месец јуни 1948 година, кога биле сместени првите семејства на бегалци во оваа населба.[267]

Семејствата Гогови, Гацови, Гркови, Бангиеви, Чокови, Литеви, Костадинови, Пеливанови сите од Воденскиот крај биле првите семејства кои биле доселени во Три Чешми.[268] Првата група, а по неколку дена и втората група на бегалци, грчко-југословенската граница ја преминале на 30 мај 1948 година. Повеќето од нив биле старци, жени и деца.[269]

По доселувањето на првите семејства во оваа населба, не требало да помине многу време за да започне изградбата на предвидените стотина куќи кои биле исто така наменети за сместување на бегалците. Во близина на споменатите чешми биле изградени две штали, еден магацин, како и менза, пекара и касапница. Градската управа претставена преку ликот на Одделот за згрижување на бегалците, била сместена меѓу магацинот и мензата.[270]

Надојденото население од Егејска Македонија, носејќи ги траумите и маките од страдањата во родниот крај, многу бргу успеале да се вклопат и да се зближат со населението од околните села: Долно Трогерци, Сарчиево, Врсаково, Криви Дол, Судик, Доброшани и други. Уште во првите денови по доселувањето, дојденците започнале да бараат работа на околните селски полиња со намера да спечалат некој денар колку за прехрана на семејствата. Тие започнале да работат во најблиските села кај приватни лица жнеејќи и работејќи секакви полски работи, а за многу кратко време градските власти започнале со нивно вработубање низ

[267] ДАРМ - Штип, фонд: Градски народноослободителен одбор... к.6 а/е 29
[268] М. Воденска, "Преседани Македонците од Егејскиот дел... Стр.13
[269] Исто, стр.15
[270] Исто, стр.19

државните стопанства. Оние кои што се чувствувале поспособни се вклучиле во работните задачи на штотуку формираното стопанство “Црвена Ѕвезда” како и во изградбата на заедничките простории во кои се одгледувал добитокот. [271]

Самата локација на населбата, како што веќе споменав, била во еден пустелив предел, кој по доселувањето на бегалците започнал да го менува својот лик и постепено да оживува, а тоа се должело на активноста на населението и нивниот труд и залагање во развој на земјоделие. Покрај земјоделието, населението продолжило да се занимава и со сточарство.

При развојот на населбата како и помошта околу доселените бегалци, свој допринес дале: Црвениот крст кој го помагал населението обезбедувајќи храна, облека и лекови преку разни хуманитарни акции и други активности, потоа Градските власти претставени во ликот на повеќе Одбори, кои за краток временски рок ги обезбедиле потребните дозволи и материјали за да се започне изградбата на населбата во која ќе бидат сместени бегалците од Егејска Македонија.[272]

Во време кога на просторот на тогашна Југославија во чиј состав била и Македонија, главната политичка улога ја имала КПЈ, односно КПМ се подразбира дека се давало значаен придонес и активно се работело од страна на КПМ да им се помогне на бегалците од Егејска Македонија кои се доселувале на овие простори, а секако и истите тие политички да се активираат помеѓу членството на КПМ.

Според евиденцијата на Околиски народеноослободителен одбор – Штип, Регистар за бежанските фамилии во Македонија, од 1944 до 1948 година, книга 5 повеќето од доселените лица биле жени и деца, а најмногу старци или од вкупно 97 лица, 45 биле родени до 1900 година од кои повеќе од половина имале над 60 години, потоа 26 деца на возраст од 1 до 15 години, а само 26 лица од кои 8 мажи и 18 жени биле работоспособни.

[271] М. Воденска, "Преседани Македонците од Егејскиот дел... стр.20
[272] Исто, стр.22

Според Книга 5[273] како први во населбата Три Чешми биле запишани доселениците од селата околу Воденскиот крај **Саракиново, Тресино и Родево**:

1. Пеливанов Димитар Христо (род.1900г.) од с.Саракиново со сопругата Марија (род.1900г.), и синовите Методи (род.1938г.) и Ташо (род.1935г.) додека синот Мици (род.1932г.) кој бил партизан им се придружил откако во 1949 година со група младинци работел на Маврово и синот Кољо кој во 1957 година успеал да се врати од Чехословачка.

2. Чоков Стојанов Вангел (род.1873г.) од с.Тресино со сопругата Велика (род.1873г.), синот Костадин бил загинат во 1949 година, а снаата Риса Чокова (род.1913г.) со дечињата Ристе (род.1937г.), Трајо (род. 1939г.) и Колчо (род.1946г.) границата ја поминале на 23 март 1948 година.

3. Николова Ристова Риса (род.1875г.) од с.Родово со ќерката Тина (род.1898г.) и нејзините деца Пена (род.1933г.) и Димитар – Мици Заивчето (род.1929г.).

4. Лазаров Донев Ристо (род.1898г.) од с.Тресино со сопругата Анастасија (род.1900г.) и ќерката Марија (род.1930г.)

5. Бангиев Јован (род.1878г.) од с.Тресино со сопругата Велика (род.1880г.), заедно со снаата Јованка (род.1918г.) и внукот Костадин (род.1947г.). Со нив била и ќерката Хрисанта (род.1926г.). Синот на Јован, Јанко (род.1916г.) се доселил кај семејството по крајот на Граѓанската војна во 1949 година, а неговата ќерка Ефтимија (род.1939г.) се вратила од Чехословачка во 1956 година. Во 1950 година, ќерката на Јован и Велика, Хрисанта се омажила за Доне Дервишов и заедно се вратиле да живеат во с.Трсино.

6. Диова Јованова Вангелица – Гица (род.1900г.) од с.Тресино, вдовица. Нејзините две ќерки Виша (род.1935г.) и Софија (род.1940г.) од домовите во Чехословачка се вратиле во 1956 година. Синот Ѓорги (род.1929г.) останал да живее во Воден.

[273] Книга 5 од евиденцијата на Околискиот народноослободителен одбор во Штип каде биле евидентирани бегалците кои биле доселувани на територијата на градот Штип, но и во околните населени места, притоа евидентирајќи го целокупниот број на членови од семејствата, со година на раѓање и други лични податоци за лицата, давајќи една можност да се погледне подетално кон целокупниот број на бегалци кои биле населени во Штип и Штипско.

7. Манојлов Ѓоргиев Димитар – бај Мици П'шката (род.1883г.) од с.Саракиново со сопругата Риса (род.1885г.), ќерката Тодора (род.1923г.) и внуката Цанка (род.1945г.).

8. Самаров Николов Марко (род.1879г.) од с.Тресино со сопругата Риса (род.1873г.), снаата Велика (род.1913г.) вдовица, со синот Марко (род.1941г.), а другиот син Јани (род.1938г.) се вратил од Чехословачка во 1956г.

9. Петров Јанев Ѓорги – Гајдаџијата (род.1870г.) од с.Тресино со сопругата Злата (род.1871г.). Доселениците во населбата Три Чешми долго го паметеле и раскажувале за него кој во текот на празниците и неделите свирел на гајда која со себе ја донел од родниот крај, а на неговите звуци се развеселувале голем број на луѓе, кои барем во тие мигови заборавале на тажните сеќавања.

10. Гогова Василева Софија (род.1913г.) од с.Тресино, со ќерките Лефтерија (род.1938г.), Хрисанта (род.1940г.) и синот Атанас (род.1943г.). Софија била ќерка на бај Ѓорги гајдаџијата и во 1950 година заедно со децата се вратила во с.Тресино кај нејзиниот сопруг кој по завршувањето на војната останал во родното село.

11. Диов Мицов Ристо (род.1904г.) од с.Тресино со сопругата Петра-Пена (род.1904г.) и неговата мајка Трна (род.1873г.), синот Петре (род.1942г.). Синот Мици (род.1934г.) загинал во текот на војната во 1948година, а децата Василка (род.1936г.) и Јани (род.1938г.) од домовите во Чехосовачка се вратиле во Три Чешми во 1956 година.

12. Туфекчиски Никола (род.1918г.) од с.Долно Родево, со сопругата Пена (род.1920г.) и мајка ми Маца (род.1878г.).

13. Костадинов Ристов Димитре (род.1909г.) од с.Долно Родево со сопругата Лена (род.1918г.) и ќерката Риса (род.1945г.), а ќерката Марија (род.1939г.) од Полска се вратила во 1956 година.

14. Карајов Ристо (род.1881г.) од с.Саракиново со сопругата Лена (род.1883г.) и ќерката Драгана (род.1915г.) и внууците Тодора (род.1944г.) и Ристо (род.1945г.).

15. Гацова Ташева Бада (род.1903г.) од с.Тресино со децата Риса (род.1934г.) синовите Ристо – Ичо (род.1936г.) и Ѓорги (род.1946г.) и свекрвата Нуша (род.1873г.)

16. Гогова Петрова Тодора (род.1900г.) од с.Тресино, вдовица со ќерката Тина (род.1930г.) и синот Трајо (род.1936г.)

17. Бинова Ѓорѓева Катина (род.1898г.) од с.Тресино со снаата Александра-Цанда (род.1920г.), Ѓорѓе (род.1945г.), ќерката Марија (род.1921г.). Синот на Катина, Ташо-берберинот границата ја поминал на 19 мај 1949 година и се пристигнал кај семејството, наредната 1950 година му се родила ќерката Неша, прво дете родено во населбата Три Чешми од семејствата на доселените Македонци од Егејска Македонија.

18. Апочов Николов Доне (род.1888г.) од с.Саракиново со сопругата Велика-Виша (род.1898г.). Нивните три деца биле дел од децата кои што биле евакуирани од Егејска Македонија и однесени низ земјите од источна Европа. Во 1956 година, синот Ване се вратил од Чехословачка кај семејството, а ќерките останале во Романија и Русија каде што и се омажиле.

19. Костадинова Јованова Шина (род.1902г.) од с.Саракиново со свекорот Ристо (род.1871г.) и свекрата Марија (род.1873г.). Нејзиниот син Ристо се вратил од Полска во 1956 година, а ќерката Марија останала во Полска каде што и се омажила.

20. Дервишов Димитри (род.1888г.) со сопругата Марија (род.1898г.) од с.Родево. Имале син Ѓорги (род.1940г.) кој се вратил од дом во Чехословачка во 1956 година.

21. Гинов Јованов Димитар (род.1875г.) од с.Саракиново, со снаата Вангелица (род.1916г.) и нејзините деца Димо (род.1940г.) и Андигона (род.1947г.). Другите две деца Борис (род.1943г.) и Мице (род.1938г.) се вратиле од Полска во 1956 година. Сопругот на Вангелица загинал во граѓанската војна.

Вангелица Гинова била подалчена роднина на првоборецот Мирка Гинова, од с.Русилово, Воденско. Вангелица била родена во селото Теово во 1916 година, како ќерка на учителот Мици Милунаев кој учителствувал во селата Волкојаново, Гугово и Теово. Нејзиниот брат Јани бил исто така учител во Солун, бил шпиуниран и убиен во заседа во 1944 година на пат кон Воден.

Вангелица како ќерка од понапредно семејство била омажена за Вани Гинов од село Саракиново во 1936 година. Се родиле децата Мици, Димо, Борис и Андигона. Нејзиниот сопруг загинал во 1947 година како партизан во близина на селото Пожарско. Селото Саракиново го напуштила со нејзиното семејство по опожарувањето и прогонот на селаните во други села кон крајот на 1946 година. Во 1948 година на 25 март биле дел од евакуираните деца – бегалци од Грција и преку Романија биле однесени во Полска. На 30 мај 1948 година Вангелица заедно со Димо и Андигона ја преминале границата кај Мрежичко и во Неготино останале до средината на јуни, од каде со воз биле донесени во Штип, а оттаму со распоред од страна на Одборот за прифаќање на бегалците од Егејска Македонија, Вангелица со семејството била распоредена во населбата Три Чешми.[274]

Од наброените лица кои биле населени во Штип и околината односно во населбата Три Чешми споменати се само мал број на доселеници. Нивниот број секако бил уште поголем.

Како доселеници од селото Пожарско и Струпино во Штип, а потоа во Три Чешми првите бегалци пристигнале кон крајот на 1948 и почетокот на 1949 година:[275]

**Пожарско:**

1. Пецов Ристе со сопругата Гица и децата Марија, Тина и Доне. Другите две деца Менка и Алексо од домовите во Полска во Три Чешми се вратиле во 1956 година.

[274] М. Воденска, Преседани Македонците од Егејскиот... Стр.36

[275] Исто така и за доселениците од овие краеви (селата Пожарско, Струпино, Цакони) податоците се извадени од Книга 5

2. Јолев Кољо – пајтонџијата, со сопругата Риса и децата Елпиники – Ница, Марија и Ристе. Од Ташкент во 1956 година се вратиле синовите Мијо и Ташо и ќерката Проја.

3. Јанева Стојанка со синот Ристе и ќерките Марија, Риса и Лена.

4. Кудев Димков Трајко (род.1888г.) со сопругата Тода, ќерките Ѕана и Тина, снаата Митра и внуките Тодора и Ѕана, а сопругот на Митра, Ристо се враќа од Грција по завршувањето на војната каде што подоцна им се родиле децата Љупчо и Тина.

5. Јанев Стојан Трајко (1895г.) со сопругата Марија и ќерките Менка, Тодора и Лена, а синот Атанас од Ташкент се вратил кај семејството во 1953 година.

**Струпино**:

1. Калошев Ѓорги, вдовец со неговата мајка Проја, како и неговите деца Мици, Муша, Виша, Лена и Ристе.

2. Бојчев Ташо со сопругата Ѓурѓа и синот Атанас, а во 1956 година од дом во Полска се вратил и синот Ристе.

3. Лазаров Јован со сопругата Марија и децата Ристо, Мице, Пени и Риска. Границата ја преминале во 1947 година и по неколку преселби пристигнале во Гаково – Војводина каде што останале се до 1950 година кога заедно со родителите на Јован се вратиле во селото Три Чешми.

4. Лазарова Руса, вдовица со мајка си Софија и нејзините деца Маијка, Ристе, Риса и Виша.

5. Бојчева Трајанка (род.1912г.) со свекорот Ристо (род.1882г.) и децата Ристо, Муша, Ѓорѓи – Гоци, тодора и Виша.

6. Лазарова Пена, родена во селото Цакони и мажена во село Струпино од каде што во 1950 година со нејзините две деца Риска и Ичко се доселиле во населбата Три Чешми.

**Цакони:**

Селото Цакони било оддалечено околу 2 километри од С'ботско во Мегленската област. Со законот за промена на имињата и топонимите во Егејска Македонија, селото Цакони било преименувано во Хриса. Во 1947 година, пред да биде насилно протерано населението, селото броело 90 семејства со чисто етничко македонско потекло. Бидејќи ова село преставувало извор на врските и храна за партизаните, грчките власти им наредиле на селаните во најкраток рок да го напуштат селото. До крајот на 1949 година границата ја преминале 38 семејства од ова село.[276]

Во населбата Три Чешми семејствата од селото Цакони започнале да пристигнуваат во втората половина на 1949 година, а во продолжение според книга 5 ќе бидат споменати дел од нив:

1. Бисеров Трајов Никола (род.1896г.) со сопругата Фила и ќерката Лена

2. Белташев Петрев Ванѓел (род.1902г.) со сопругата Митра (род.1906г.) и децата Тана, Мици, Марија и Пена

3. Чапов Петрев Јован со сопругата Јордана и децата Костадин и Трајанка

4. Трпчев Ристов Иван со сопругата Стојна и децата Ефтим, Неша. Мица, Лика и Ристо

5. Марков Костадинов Димитар (бај Миц) со ќерката Крста, зетот Атанас и внуците Мици, Дона, Наци и Фила

6.Велигденова Маркова Риса со децата Ристо, Цана, Томо и Пенка. Сопругот Атанас Велигденов во 1950 година се вратил кај семејството.

7. Бисеров Трајов Петре со сопругата Велика и децата Пројче, Ване и Саве, а во Цакони им останале ќерката Биса и синот Гоци

8. Аџиев Дини со сопругата Муша и децата Стојче, Дона и Цина

---

[276] Т. Симовски, "Населените места... стр.56

9. Поп-Димитров Методи со сопругата Гуца и синовите Димитар (Мице учителот) и Вани и ќерката Неша

10. Хаџиева Гоци Трајанка со нејзината мајка Фила и децата Петре, Ристо, Фила, Парашкева (Шина) и Лазо, а најстариот син Доне во 1947 година бил однесен во Војводина, за да во 1949 година се врати кај своето семејство.

11. Долева Сава со золвата Пена и ќерката Софија.

12. Марков Тани Ристо со неговиот брат Вани

13. Цакончев Вангел-агрономот, сопругата Крста, децата Лазо, Гоци и штотуку родената ќерка Македонка.

14. Лицов Лазо со сопругата и ќерките Ќија, Гица, Цана и Цвета.

15. Лашев Кољо со сопругата Неда и децата Гоци и Риска.

**Бизово, Воденско**

Македонските бегалци од селото Бизово, Воденско започнале да се доселуваат во Штипската околија односно во населбата Три Чешми есента 1949 година:




***Семејството Саракинови од село Бизово доселени во населбата Три Чешми***

1. Саракинов Глигоров Ристо со сопругата Риса и децата Петре, Марија и Кирил.[277]

2. Мергов Николов Ристо со сопругата Лена а од домот во Полска во 1956 година се вратиле децата Гица и Лаки

3. Саракинов Глигоров Димитре со сопругата Јованка и децата Софија, Ѓорги, Василка, Алексо,

[277] Фотографијата е во лична сопственост на Аргира Саракинова Гогова, дете бегалец од војната, која денес живее во населбата Три Чешми.

Ефтимија и Трифун, А нешто подоцна од Полска се вратил и синот Ристе.

4. Кијаева Ристова Марија со синовите Димитар (мици) и Методи, а во 1956 година од домовите во Полска се вратиле ќерките Тина и Риса

5. Бочваров Димитров Петре со сопругата Димитра и ќерките Менка и Ленка

6. Мергов Николов Петре со сопругата Злата, снаата Менка и внукот Петре7.Саракинов Глигоров Васил со сопругата Славка и децата Софија, Михали, Аргира (Гила), Петре (Пени бумбата) и Атанас (Наци).

8. Рисафов Колов Ристо (род.1901г.) со сопругата Марија и синот Кољо, а синот Дини се вратил од Полска во 1956 година.

9. Јованов Георгиев Ристо со сопругата Тодора од с.Тресино.[278]

Македонците бегалци од Леринско и Костурско во најголем број биле распоредувани во селата Крупиште, Пишица, Гајранци, Лезово, а најмногу од нив во селото Драгоево.

## 7.Саракачаните во населбата Три Чешми

Саракачаните биле народ од посебна етничка група со посебно грчко номадско потекло. Во стар Епир постоела област наречена Сарак (Сара – жолт, жолто и Качан – беган, избеган). Според преданијата на племето од тој крај, тие биле проречени вечно да талкаат низ Балканот и да запираат низ планините и рамнините. Тие биле номади кои одгледувале исклучиво црна овца. Од таму со нивното пристигнување во Македонија биле преименувани во Каракачани (Кара – црн и Качан – беган, избеган).[279]

Со поделбата на Македонија, овој народ со номадско потекло од стариот Епир останал во тие краеви кај што го затекнала поделбата, летото во 1913 година. Една од поголемите тајфи собрана од повеќе планински места, зимата

[278] М. Воденска, Преседани Македонците од Егејскиот... Стр.51
[279] Исто, стр.56

1948/49 година ја поминале во колибите кај Ачикот во близина на Дојранското езеро. Пролетта 1949 година номадските семејства пристигнале на Осоговските планини.

Со спроведувањето на национализацијата на овците како мерка на државата во аграрот, на Саракачанските семејства им биле национализирани стадата, а на нив им било понудено вработување во државното стопанство “Црвена Ѕвезда” во чија сопственост преминале и нивните стада.[280]

Со нивното вработување во стопанството, голем број од нив се доселиле во населбата Три Чешми. И покрај брзата адаптација на новите услови за живот, тие сепак ги задржале своите традиции, обичаи, песни и ора. Вкупно 31 семејство со 247 членови од Саракачаните биле сместени во куќите во населбата Три Чешми, а како соседи на дојденците од Егејска Македонија не им претставувало некаква тешкотија да се прифатат меѓу себе. Иако зборувале на различен јазик, Саракачаните говореле на стар архаичен грчки јазик, а Македонците Егејци на дијалектичен македонски јазик карактеристичен за поднебјето на Егејска Македонија, сепак успеале да имаат заеднички соживот. Во продолжение ќе биде дадена листа од повеќе семејства на Саракачаните кои во октомври 1949 година биле доселени во населбата Три Чешми:



***Дел од секојдневието на Саракачаните***

[280] Исто, стр.62

1. Апостолов Штерјо Димитар со сопругата, два сина и пет ќерки.

2. Апостолов Штерјо Јано со сопругата, две ќерки и четири сина.

3. Апостолов Ташо Штерјо со две ќерки и еден син.

4. Апостолов Јано Апостол со сопругата, една ќерка и четири сина.

5. Апостолов Ташо Јано со мајка си, два сина и три ќерки.

6. Апостолов Васил Ѓорѓи со сопругата, татко си, еден син и пет ќерки.

7. Апостолов Штерјо Ташо со сопругата, татко си, два сина и една ќерка.

8. Апостолов Ташо Ѓорѓи со сопругата Зуица, шест сина и четири ќерки.

9. Апостолов Штерјо Шпиро со сопругата, две ќерки и еден син.

10. Јанов Дросо Јано со сопругата, три сина и четири ќерки.

11. Апостолов Штерјо Никола со сопругата, три сина и една ќерка.

12. Апостолов Јано Штерјо со сопругата, два сина и три ќерки.

13. Кочов Вангел Ѓорги со сопругата, една ќерка и два сина.

14. Кочов Вангел Никола со сопругата, татко си, два сина и една ќерка.

15. Трендафилов Михаил со сопругата, три ќерки и четири сина.

16. Димитров Вангел Глигор – барбакот со сопругата, еден син и две ќерки.

17. Такшаров Никола со сопругата, три сина и две ќерки.

18. ВангеловВанѓел – коларот со сопругата, еден син и две ќерки.

19. Вангелов Атанас – Бруфа со сопругата, два сина и четири ќерки.

20. Кочов Ѓорги – Јурика со синот Васил и ќерката Ташула.

21. Димитров Вангел Апостол со сопругата, три сина и три ќерки.

22. Апостолов Штерјо Ристо со двата сина и двете ќерки.

23. Васил главата со сопругата, три ќерки и три сина.

24. Фармаков Штерјо со сопругата, една ќерка и три сина.

25. Дадов Костов Димитар со сопругата, две ќерки и два сина.

Саракачанските жители во населбата Три Чешми останале да живеат се до 1962 година кога постепено започнале да се иселуваат и да заминуваат во Грција, а последните Саракачански жители се иселиле во 1966 година.[281]

Денес, од Саракачанските семејства има останато едно колено. Апостолов Димитар син на Апостол и Костанда, кои со другите нивни деца во 1966 година заминале за Солун. Димитар е оженет со Елефтерија и имаат два сина. Неговото семејство денес живее во Штип, а работел како директор во Стопанска банка во Пробиштип.

## 8. Земјоделско – сточарското стопанство "Црвена Ѕвезда" - Три Чешми

Со Акт на Владата на НР Македонија број 15331 во месец февруари 1948 година, од претходно формираните земјоделско и сточарско стопанство било формирано Земјоделско – сточарско стопанство "Црвена Ѕвезда" со седиште во Три Чешми.[282]




***Таблата на зградата на Државното стопанство "Црвена Ѕвезда" во населбата Три Чешми***

По неговото оформување уште во текот на 1948 година се започнало со интензивно градење на објекти за потребите на стопанството како штали, магацини, управна

[281] Исто, стр.65
[282] ДАРМ - Штип, фонд: "ЗИК Црвена Звезда" к.1 а/е 6

зграда, а веќе следната 1949 година биле изградени пекара, касапница, менза и пошта додека за работниците кои пристигнувале од Егејска Македонија биле изградени две подолги приземни згради кои во тој момент биле најпотребни.

Во месец јануари 1949 година во стопанството работеле 102 работинци дојденци од Егејска Македонија, кои живееле во населбата Три Чешми, а нивниот број веќе во 1953 година се зголемил на 148 работници.[283]

Во стопанството иако биле тешки условите за работа, сепак се водела некаква грижа за вработените. Сместувањето на работниците било една од примарните задачи на раководниот кадар и на општествено – политичките организации. Во населбите Три Чешми и Нов Караорман забрзано се граделе станови за работниците, посебно за новодојдените од Егејска Македонија кои претходно биле сместувани низ околните села.

Од основањето во 1948 до 1953 година, стопанството успеало да ги обезбеди основните услови на работниците. За исхрана на работниците стопанството имало свои кујни и мензи, продавници, пекари и мали касапници кои биле од затворен тип и услугата била наменета воглавно за вработените.[284]

Отворањето на стопанството "Црвена Ѕвезда" било од големо олеснување и во голема мерка помогнало при решавањето на проблемот околу вработувањето на Македонците доселени од Егејска Македонија, кои во најголем број во прво време биле вработувани токму во стопанството, а како нивни вработени лица ги исполнувале и условите за обезбедување на соодветни простории за живеење, со што во исто време се вршело и помагање при решавањето на проблемот околу нивното сместување.

## 9. Памучна индустрија "Македонка" - Штип

Во мај 1950 година се започнало со изградба на најголемиот објект од текстиланата индустрија во нашата држава – Памучната индустрија "Македонка" -

[283] ДАРМ - Штип, фонд: "ЗИК Црвена Звезда" к.8 а/е 59
[284] Исто, к.15 а/е 18

Штип. Изградените, а нешто подоцна и доградуваните објекти во склопот на првиот погон – предилница имале своевидна целина во тој комплекс.[285]

Од почетната фаза – обработка на сиров памук, па се до финален производ ткаенини со широк асортиман, модерни (за своето време) облеки, раскошен избор на постелнини биле одраз на осовременувањето на технологијата и усовршување на стручноста.[286]

Во 1952 година во редовна употреба бил пуштен и погонот предилна, а многу бргу во овие простории се нашле млади работнички и работници од Македонците Егејци доселени во населбата Три Чешми кои се вклучиле во производствените процеси. За брзо време следувал и втор бран на вработување во овие простории.



Работнички во погон на ПИ "Македонка"

Како и стопанството "Црвена Ѕвезда" така и ПИ "Македонка" во голема мерка придонела за вработување на Македонците егејци и нивно обезбедување за понатамошна егзистенција.

## 10. Образование и културен живот

Новата средина, адаптацијата за сосема нов начин на живеење, потоа прифаќањето на нови култури, повеќе народности со различен говор, јазици, обичаи, погледи и однесувања сето тоа претставувало една нова слика во која новодојдените Македонци од Егејска Македонија требало самостојно да се сместат во неа.

[285] ДАРМ - Штип, фонд: ТК "Македонка" к.1 а/е 5
[286] Исто, к1. а/е 8

За првите две училници во населбата Три Чешми во учебната 1949/50 година била преадаптирана една мала приземна зграда во сопственост на стопанството ,,Црвена Ѕвезда,,. Зградата имала влез на средината и две подолги простории од левата и десната страна. Во просторијата од левата страна биле сместени учениците од прво одделение, а во просторијата од десната страна биле сместени учениците од второ и трето одделение. За сите ученици имало само една учителка, Вера Милева.[287]

Во прво одделение биле запишани 58 деца кои воопшто не биле писмени, а биле на возраст од 7 до 12 години. Во другите две одделенија биле запишани деца кои претходно веќе посетувале училишна настава (во грчките училишта низ Егејска Македонија). На некои од учениците во второ и трето одделение поради возраста и зрелоста во учењето им било овозможено истата година да завршат и четврто одделение.[288]



***Децата ученици во училиштето во населбата Три Чешми***

Од следната генерација која завршила четврто одделение во учебната 1951/52 година, дел од учениците своето образование го продолжиле во гимназијата во Штип, а дел од нив во средното техничко текстилно училиште, медицинското училиште и средното економско училиште, како и во земјоделското училиште за лозари во Свети Николе.[289]

[287] М. Воденска, Преседани Македонците од Егејскиот... Стр.70
[288] Исто, стр.71

Следните генерации на деца своето образование го завршувале во училиштето во населбата Три Чешми каде што била изградена нова училишна зграда и бил оспособен наставнички кадар.

Долги години кај учениците во оваа населба не се појавил интерес за продолжување кон повисоко образование односно факултет бидејќи по завршувањето на средното училиште фабриката “Македонка” ја “голтала” младата работна сила.[290]

Културно-забавниот живот во првите години по доселувањето на жителите од населбата Три Чешми останал запаметен помеѓу населението. Секоја недела биле приредувани игранки во тогашниот ресторан на “Црвена Ѕвезда”. Културно-уметничкото друштво “Црвена Ѕвезда” приредувало настапи како во населбата така и во соседните села, а во Три Чешми чести настапи имале културн-уметнички друштва од други градови. Стопанството располагало и со свој оркестар кој ги исполнувал народните ора и песни.[291]



***<u>Деца облечени во традиционална носија, членови на играорното друштво во населбата Три Чешми</u>***

Често биле организирани екскурзии низ територијата на тогашна Југославија, биле посетувани значајни културно-историски споменици и слично.

[289] Исто, стр.72
[290] Исто, стр.77
[291] ДАРМ - Штип, фонд: "ЗИК Црвена Звезда" к.9 а/е 41

И покрај напорното и работно секојдневие, ентузијазмот и појавата на интерес околу спортот односно околу фудбалската игра не изостанувал кај населението. Се наоѓале моменти кога поривот за разонода и спортување спонтано ги собирал жителите околу импровизираното игралиште. Така во 1949 година бил формиран и фудбалски клуб "Црвена Ѕвезда" - Три Чешми, клуб кој разбирливо своето име го добил според стопанството во кое најголем број од жителите биле вработени. Фудбалската екипа во 1970-те години го променила името во ФК "Три Чешми".[292]

Богато организираниот културно-забавен живот на дојденците им го исполнувал и делумно им го олеснувал животот, им ја стишувал болката и тагата по родната земја и она што го оставиле зад себе.

## 11. "ЕГЕЈ" - Здружение на децата бегалци од Егејска Македонија во Штип

Во средината на 1980-тите години по иницијатива на македонските деца бегалци од Торонто било формирано здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија. Тоа е транснационална заштитна организација која ги соединува децата бегалци од целиот свет кои се идентификуваат како Македонци. Главното седиште му е во Скопје и има разграноци во Романија, Полска, Чешка, Канада и во Австралија.[293]

Основните цели на здружението се политички: да не се заборави споменот за бегалското минато на членовите и да се добие меѓународно признавање за нивната верзија на историјата. Идентификувајќи се себе си како "деца бегалци", членовите на организацијата ги нагласуваат политичките и морално оптоварените теми на изгубеното детство, моралната невиност, колективната траума и "невозможното враќање" кои играат главни улоги и во официјалната нарација на

[292] ДАРМ - Штип, фонд: "ЗИК Црвена Звезда" к.12 а/е 74
[293] Ф. Мартинова, "И ние сме деца... стр.118

здружението и во личните раскажувања на бројни македонски деца бегалци кои членуваат во него.

Најзначајната активност на здружението е организирање меѓународни средби на македонските деца бегалци.[294]

Македонците доселени од Егејска Македонија во Штип имаат формирано свое Здружение на прогонети бегалци од Егејска Македонија кое го носи името "Егеј" и е формирано во мај месец 1994 година со седиште во Штип. Здружението има свое раководство во состав претседател, секретар и благајник, како и претседателски одбор во состав од 15 члена.

Во состав на Здружението функционираат и Комисијата за меѓународни соработки и надзорна комисија.

Како редовни активности, здружението секоја година во недела пред празникот Прочка организира панихида во црквата "Св.Никола" во Штип во помен на трагично загинатите борци и жртви од Егејска Македонија. Потоа редовно учествува на Републичките велигденски средби на бегалците од Егејска Македонија во селото Брест.[295]

Тие кои што минаа низ пеколот на војната, траумата и прогонството носејќи ги во себе личните и колективните трагедии, споменот за тоа време го извајаа во споменикот посветен на нивната голгота на паднатите борци и жртви од Егејска Македонија изграден во 2007 година, а сместен во населбата Македонка во близина на некогашниот ТК "Македонка". 08 септември е земен како патронат на ова спомен обележје. Споменикот е дел од спомен паркот кој се гради во истата населба, а неодамна е завршена и изградбата на црквата "Св.Константин и Елена" која исто така е дел од овој спомен парк. Споменикот има правоаголна форма на која во десниот горен агол е исцртано сонцето од Вергина, а под него е напишано "Во спомен на паднатите борци и жртвите од Егејска Македонија",

---

[294] Исто, стр.121

[295] Податоците за основањето, функционирањето, раководството и организацијата како и активностите на Здружението "Егеј" се добиени во интервју со претседателот на Здружението, Јордан Тунев на ден 28 април 2015 година во Штип.

додека на задната страна од споменикот стои натпис: “Незаборавот ги чува корените”.

Како редовна активност која секоја година е организирана од страна на здружението “Егеј” е и културно забавната вечер која се одржува во првата сабота во месец декември.

Здружението одржува контакти со повеќе вакви здруженија и друштва како низ државата така и надвор од неа. На пример, редовни посетители се на Илинденските средби на децата бегалци во Трново, Р.Бугарија кои се одржуваат на 02 август секоја година, потоа во селото Овчаране, Леринско каде што во месец јули се одржуваат редовни средби кои се карактеристични по играњето на традиционалното оро кое е познато како “огромно оро” во кое учествуваат сите присутни, се пеат и играат македонски народни песни и ора од Егејска Македонија, а се зборува исклучиво на македонски јазик, со дијалект од тој крај .

Не заостануваат ниту контактите и средбите и со здруженијата од Костурско, Воденско, Драмско, но и од дијаспората, односно ширум светот, секаде каде што војната ги откина некогаш малите и кревки деца од својата родителска прегратка и ги однесе низ светот.

## 12. Живи сведоци

Денес, после долги години од голготата што ја преживеа македонскиот народ со неговото протерување, во Штип и околината сеуште има живи сведоци од тоа време. Дојденци, Македонци, бегалци кои со себе ги носеле само своите соништа и копнежи за повторно враќање дома, назад во родената куќа, население во овој крај.

Дојдени како дечиња во рана младост, како младинци, овие, денес возрасни луѓе, сеуште живо се сеќаваат на целата мака која животот им ја донел многу рано.

Еден од тие живи сведоци е дедо Тано како што го нарекуваат соседите. **Адраманов Митре Тано** е роден на 10 февруари 1924 година во селото Пожарско, погранично село во кое воглавно населението се занимавало со земјоделие и сточарство. Потекнува од земјоделско семејство кое покрај него имало уште четири сина. И покрај тешкиот живот во селото, судбината решила рано да го остави без неговата мајка која починала во неговото рано детство.

Дедо Тано, со солзи во очите се сеќава на многу од оние мерки кои што грчките власти ги преземале кон македонското населене, како на пример навечер кога сите се собирале во своите домови, многу пати ги слушале грчките војници или шпиони како качени на “мердевени”[296] прислушкуваат на прозорците дали во домовите се зборува на македонски или на грчки јазик. Ако обвинеле некое семејство дека дома се служи со македонски јазик, како казна следувало тепање, потоа ги терале да пијат рицинусово масло или им биле ставани “жешки бонбончиња” под јазиците кои предизвикувале страшни и неподносливи болки како и потекување на јазикот и усните, па поради тие бонбончиња по неколку дена немале осет ниту за вкус ниту пак можеле да зборуваат. Се сеќава дека на неговиот стрико дури му бил расечен јазикот затоа што од шпионите бил обвинет дека зборува на македонски јазик.

Како деца во своето село многу пати се случувало заедно со неговите другари да пронајдат заостанато оружје и да вежбаат со него. Втората светска војна Тано го затекнала како младо момче од 17 години, а две години подоцна на 19 години стапил во четата на Петре Тоската. Во Граѓанската војна се вклучил како борец во април месец 1946 година, во Воден каде што бил задолжен за мобилизација на војниците. Се сеќава на средбата со генералот Вафијадис во Воден каде што тој ја посетил неговата чета и во разговорот, Вафијадис им напоменал на војниците дека тие се борат во Грција да дојде на власт Грчката комунистичка партија, но не под управа на Сталин.

Како спомен од војната, покрај сите оние сеќавања, тој чува еден жилет за бричење кој што го добил од еден британски војник кој бил заробен со уште

[296] Дијалектичен израз, се мисли на дрвени скали

неколкумина британски војници од неговата чета. Гледајќи во малата алатка, дедо Тано со измешани емоции раскажа како и покрај тоа што тешко се разбирале со војникот од кој биле одземени оружје и облека и биле пуштени да си одат заедно со другите заробени војници, сепак Тано како да видел во него некоја недолжност, невиност, дека и тој е само еден обичен војник кој се бори како и тие самите. Пред да ги пуштат да си заминат заробените британски војници, во знак на благодарност од еден ов војниците, Тано го добил на подарок тој жилет кој внимателно го чува сеушете како сувенир од непознатиот војник од Англија.

Во септември 1947 година заедно со уште 160 други борци бил испратен кон Албанија како помош на единиците во тие краеви, но во близина на југословенско-грчката граница биле пресретнати од југословенски партизани и по вооружената пресметка во која загинале околу 20 негови соборци, биле заробени од партизаните и донесени во Битола каде што поминале 8 дена во логор. Додека бил во Битола, успеал да ги пронајде и неговиот татко со уште двајца браќа кои веќе го напуштиле родното село и пребегале во НР Македонија. Од Битола биле однесени во Маврово каде што останал четири години да работи во изградбата на централата.

Во 1951 година од Маврово се преселил во Скопје каде што се запознал со неговата сопруга Марија, а по нивната венчавка се вратиле во Штип каде што во меѓу време се доселил неговиот татко Митре. По доселувањето во Штип, како и многумина доселеници во тој период се вработил во ТК “Македонка”, а по неколку години дал отказ од таму и продолжил цели 36 години да се занимава со градежништво.

Денес, тој живее во семејниот дом изграден на штипската тврдина под Исарот, заедно со својата сопруга, синот, снаата и двете внуки. Иако веќе во поодминати години, сепак сеќавањата од тоа време, кога растел во родниот крај,

потоа времето кога станал млад борец, времето кога многу Македонци заминале од родните огништа и времето кога се борел во Грција му се доста живи.[297]

Неговата сопруга, **Адраманова Угрова Ѓорги Марија** е родена во мај месец 1931 година во селото Струпино во земјоделско семејство. Марија, исто како и нејзиниот сопруг живо ги чува спомените за виорот на Граѓанската војна кој го дочекала како девојче на 15 години кога во зимата 1945/1946 година заедно со нејзиниот дедо, баба, нејзината мајка, три сестри и двајца браќа го напуштиле селото Струпино и се упатиле кон НР Македонија.

Границата ја поминале во близина на Кавадарци и по стигнувањето во близина на касарната во градот, конвојот бегалци добил наредба за враќање назад во Грција. И покрај нивните жалби кај партизаните кои ги придружувале, сепак тие повторно ја преминале границата и се вратиле на грчката страна во близина на самата граница. Новата 1946 година и Божиќ ги дочекале под ведро небо, притоа живеејќи еден месец низ планините во близина на границата каде што по малку храна, нешто облека и лекови добивале од партизанските групи кои поминувале во тие предели.

На почетокот на месец февруари биле донесени во Мариово, а од таму во манастирот во селото Слепче каде што останале шест месеци. Од таму биле однесени во “манастирот во Кичево”[298] каде исто така останале неколку месеци. По напуштањето на манастирот биле сместени заедно со семејството во селото Бранештица, од каде по неколку месеци добиле наредба за повторна преселба, односно овој пат требало да заминат да живеат во Гаково, Војводина каде што и се преселиле со семејството. Но, по иницијатива на нејзиниот дедо, тие повторно се вратиле назад во НР Македонија, каде што биле населени во селото Гари, како казна затоа што не сакале да останат да живеат во Војводина. Од таму, со помошта на селаните успеале да заминат во Скопје каде биле сместени во

[297] Интервјуто е направено во семејниот дом на Марија и Тано Адраманови во Штип на ден 10 декември 2014 година

[298] Точното име на манастирот и местото каде се наоѓал манастирот каде што биле сместени не го памети, а на прашањето дали тоа е манастирот "Св. Јован Бигорски", Марија одговори дека не бил тој манастир, затоа што ова било помал манастир и дека било многу тесно.

стопанството во Идризово, а по купување на мала барака, заедно со семејството се преселиле во населбата Бутел. Во тој период, Марија се запознала со сопругот Тано и по нивната свадба се доселиле во Штип, каде што и сеуште живее.

Се до 1956 година и Тано и Марија се надевале дека повторно ќе се добие можност да заминат назад во родниот крај и таму да продолжат да живеат. Но, по согледувањето на целата состојба што се случувала во тој период, веќе по 1956 година тие се откажале од таа желба за нивно заминување во Грција.

Нивната желба за повторно да си ги видат родните села, куќи и имоти им се остварила многу години подоцна. Во 2004 година, Тано за прв пат по неговото заминување се вратил во родното село. Чекорејќи по патот кон селото, се чувствувал како да било вчера кога заминал од тој крај, преплавен со силни емоции и исчекување што ќе затекне во селото. Но, сликата што ја затекнал таму била разочарувачка. Неговото село, онака како што тој го знаел потполно било сменето. Неговата родна куќа била целосно срушена, а под грмушките и тревата која се наоѓала пред него, наѕирале темелите од некогашната семејна куќа, куќата во која го поминал своето рано детство и куќата од која носи многу спомени, а во тој миг пред него било само она што останало од неа.

**Жежов Ристо Петар** е познат музичар во Штип. Роден е на 10 јуни 1944 година, во селото Пожарско, Мегленско во семејството на Ристо и Марија (Трпчева) Жежови, како најмладото седмо дете во семејството.

Од родното Пожарско, неговото семејство најпрво заминало во 1944 година, само неколку месеци по неговото раѓање и пристигнале во Мариовско. Таму останале краток временски период по што повторно се вратиле назад во Пожарско. Но, силниот притисок и терор биле причина семејството повторно да го напушти селото и во 1946 година заедно со многу Македонци од тој крај да се досели во тогашната Југославија.

Најпрво биле сместени во Прилеп каде што перстојувале околу две години, а потоа организирано од тогашните власти, поголем број на доселени семејства, меѓу кои се нашло и семејството на Петар, биле преселени во Војводина, Србија.

Семејството Жежови било сместено во селото Гаково каде престојувале нешто помалку од една година. Доселените Македонци во Војводина се побуниле и сакале да бидат вратени назад во Македонија за да бидат поблиску до своите родни краишта. Така мнозинството од доселените Македонци во Војводина биле вратени во Македонија и населени низ градовите ширум целата земја. По враќањето во Македонија, семејството на Петар било населено во селото Грдовци, Кочанско каде што престојувале неколку години и од таму се преселиле во Штип каде биле сместени во касарните.

Основно и средно текстилно училиште Петар завршил во Штип, а во 1966 година и се вработил во фабриката "Македонка" од каде во 2005 година и се пензионирал.

Меѓу првите дојденци во Три Чешми е **Бинова Ѓорѓиева Катина** (1898г.) од селото Тресино, Воденско, нејзината снаа Александра (Цанда, 1920г.), нејзиниот внук Ѓорѓе (1945г.) и нејзината ќерка Марија (1921г.), а синот Ташо-берберинот границата ја преминал на 19 мај 1949 година. Ќерката на Александра и Ташо, Неша е првото дете родено во населбата Три Чешми од Егејско семејство. Татко и на Неша, Ташо-берберинот, границата ја преминал во 1949 година и се доселил кај своето семејство. По неговото доаѓање во Три Чешми, се родила **Неша**, првото дете родено во населбата Три Чешми од Егејско семејство. Во 1969 година, Неша се омажила со Петар Жежов со кого ги добиле синот Никола и ќерката Јана кои по завршувањето на своето образование работат и живеат во Скопје со нивните семејства. Денес, Петар и Неша сеуште живеат во семејната куќа во населбата Македонка во Штип во нивната семејна куќа.[299]

Петар, како дете родено во семејство кое покрај земјоделие и ѕидарство се занимавало и со изработка на разни музички инструменти во родниот крај, семејство во кое се негувала музиката, песните иората, тој уште од рана возраст имал можност да се запознае со музиката. Неговиот татко Ристо изработувал разни музички инструменти на кои и самиот свирел. По нивното доаѓање во Штип,

[299] Интервјуто е направено во семејниот дом на Неша и Петар Жежови во населбата ,,Македонка,, на ден 22 мај 2015 година

се доселиле и неговите баба и дедо по татко и дедо по мајка, кои исто така биле доста музикални. По сместувањето во касарната во Штип, многу често се организирале музички собири на кои се пееле песни и се играле ора од Егејскиот дел на Македонија, а често учествувале и неговите браќа, татко или дедо свирејќи на разни инструменти.

Растејќи уште од најрана возраст во семејство каде се негувала музиката, ниту кај него не изостанувал талентот и љубовта кон музиката. Во почетокот на 1960-те години, а во соработка со тогашниот претседател на фабричкиот комитет на младината на фабриката "Македонка" биле формирани играорна, музичка и спортска секција за чии што претседател бил избран токму Петар, кој активно учествувал во музичките секции.

Со оглед на тоа дека во тој период во Штип телевизијата не била многу развиена, па како главна забава на младите штипјани претставувало некогашното корзо и игранките кои најчесто се случувале во викендите. Во тој период од Запад почнал продорот на музиката од "Битлси", "Бич бојс", "Ролинг Стоунс" кои многу бргу станале идоли на многу млади луѓе на овие простори, а доказ за тоа е што почнале да се формираат и многу групи на тогашните југословенски простори кои се занимавале со музика слична на нивната.

Во Штип, една од првите вакви групи кои се формирале во тој период, поточно во 1965 година била групата ВИС "Орфеи" во која како еден од основачите, музичар и вокалист во истата се нашол и Петар Жежов. Групата напочеток настапувала во населбата Македонка, која пред се настанала како населба за потребите на текстилниот комбинат "Македонка". Многу бргу нивните настапи се прошириле низ целиот град, а не бил мал бројот на настапи и во околните градови околу Штип каде што настапувале на најразлични настани, свадби, игранки, матурски прослави и други свечености.

Настапувајќи со оваа група, Петар Жежов оставил силен печат во музичката историја на градот Штип. Во групата ВИС "Орфеи" иако од своето основање на 29.11.1965 година, па се до 10.03.2001 година кога се случил нивниот последен

настап, се менувале членовите на групата поради одредени причини, сепак Петар е од самиот почеток во истата и настапувал се до 2001 година.

Можеби Петар не го почувствувал целиот оној мачен живот напуштајќи го родниот крај, преселбите, разделбите бидејќи тогаш тој бил сеуште бебе, но во неговите и во сеќавањата на неговата сопруга Неша и денес се доста живи сеќавањата на сите оние случувања, настани, маката која ја почувствувале сите оние Македонци кои заминувале од Егејска Македонија, судбината која ја доживувале сите заедно, сеќавања пренесени преку раскажувањата на нивните родители, баби, дедовци, роднини.

**Димков Трајко Стојан** е уште еден од многуте Македонци кои го почувствувале теророт на Грчките власти, човек кој заедно со неговите родители и потесното семејство го напуштиле родното огниште во Егејска Македонија и спасот го побарале во некогашна Југославија, а денес живее во Штип.

Роден е на 15 јуни 1942 година во селото Долно Пожарско во семејството на Марија и Трајко Димкови. Покрај Стојан, неговото семејство го сочинувале уште пет браќа и неговите баба и дедо по татко.

Неговите најрани сеќавања за тешкиот живот во родното село започнуваат некаде на околу шест годишна возраст, кога тој се сеќава дека неговиот татко Трајко бил заминат во партизанските групи и дека нивното семејство постојано било мета на набљудување, на провокации и на закани.

Кон крајот на декември 1947 година, кога Граѓанската војна веќе на широко се разгорела, кога теророт врз Македонците уште повеќе се зголемил, неговиот татко Трајко успеал да се врати дома во Пожарско и веќе на 30 декември 1947 година заедно со неговата мајка Марија и браќата се подготвиле да заминат од Пожарско бидејќи заканите по животот на секој од семејството биле нивно секојдневие. Од селото заминале само Трајко и Марија со шесте момчиња меѓу кои се наоѓал и тогаш шестгодишниот Стојан, додека неговите баба и дедо останале во селото. Пред нивното заминување од селото, Стојан јасно се сеќава на моментот кога го слушнал неговиот татко Трајко како му ветува на неговиот

дедо дека тие ќе заминат само на три години додека да се смири состојбата и дека потоа пак ќе се вратат во Пожарско, на што неговиот дедо му одговорил дека оваа разделба е подолга одколку што се планира и дека тие нема да се вратат по три години.

Патувањето од нивното родно Пожарско до границата со Југославија било напорно и тешко во зимски услови, со малку храна и облека. Пред преминот на границата, ноќта помеѓу 30 и 31 декември, семејството се засолнило во едно напуштено трло, а веќе наредното утро го продолжиле патот, ја преминале границата со Југославија и се упатиле кон селото Градешница, Прилепско каде што пристигнале веќе рано утрото на 01 јануари 1948 година.

Со растреперен глас го продолжи своето сеќавање Стојан присетувајќи се на моментот кога неговиот татко влегол во просторијата каде што сите оние кои што доаѓале од разни краеви од Егејска Македонија биле запишувани во книгата на бегалци, притоа давајќи им мал лист хартија на кој биле запишани основните податоци, бројот на членови во семејството и датумот кога се запишуваат. Кога неговиот татко излегол од просторијата и го погледнал листот хартија кој му бил даден како потврда дека е евидентиран во книгата на бегалци, прво што му паднало на очи биле броевите 01.01.1948 година,[300] по што се исплашил дека тоа може да значи дека тој ќе биде првиот кого ќе го убијат, без притоа да се присети дека тоа е датум на денот кога пристигнале во селото Градешница.

Во селото Градешница семејството Димкови престојувале околу три недели, од каде што заминале во селото Старавина, исто Мариовско. Во Старавина престојувале еден месец од каде што се упатиле кон Крушево каде што останале нешто подолго од три месеци. Но, желбата да бидат што поблиску до границата, во служај да се смири целата ситуација и да им се овозможи повторно враќање назад во родниот крај, семејството од Крушево се доселува во Прилеп. Но, таму ги дочекало организирано преселување во Војводина заедно со многу Македонци кои исто како и нивното семејство биле доселеници од Егејска

[300] Датумот на запишување во Книгата на бегалците, бидејќи тие во селото Градешница пристигнале рано изутрината на 01 јануари 1948 година.

Македонија. Кон Војводина заминале кон крајот на 1948 година, а потоа заедно со многуте Македонци кои побарале да бидат вратени назад во Македонија, по една година престој во Војводина, се вратиле назад во Македонија и се доселиле во Зрновци, Кочанско во почетокот на 1949 година. Таму останале две години.

По една година, семејството Димкови го нашла повторна преселба, односно од Зрновци се доселиле во населбата Македонка во Штип каде што живееле една година. Но, и по втор пат ги понела идејата и желбата да бидат што поблиску до родниот крај, па повторно заминале во Битолско Ново Село. Додека живееле во Ново Село во Битола, семејството Димкови добило уште една принова, се родил уште еден брат на Стојан.

Согледувајќи ги можностите дека повторното враќање назад во родниот крај е тешко и речиси невозможно, во месец септември 1952 година, семејството на Стојан се вратило назад во населбата Македонка во Штип, каде што Стојан сеуште до ден денешен живее во семејниот дом заедно со неговата сопруга Марија Николова Димкова, синот Трајко и неговото семејство.[301]

По пристигнувањето во Штип во 1952 година, тој се вработил во циглaната во Штип, а по две години се вработил во текстилниот комбинат ,,Македонка,, од каде што и се пензионирал.

Од 1987 година, Стојан бил првиот организатор во поглед на егејското прашање во Македонија. Полни 16 години бил претседател на Здружението на прогонети бегалци од Егејска Македонија во Штип, а три години бил поставен како координатор на Сојузот на здруженија на Македонци од Егејска Македонија, притоа организирајќи огромен број на средби на Македонците-бегалци од Егејска Македонија ширум светот, разни манифестации на кои биле преставувани и изведувани од разни фолклорни друштва голем број на песни и ора од Егејскиот дел на Македонија, а денес и покрај тоа што ги ужива своите пензионерски денови, редовен посетител е на сите манифестации на кои се случуваат разни

[301] Интервјуто е направено во семејниот дом на Марија и Стојан Димкови во населбата ,,Македонка,, на ден 28 мај 2015 година

промоции на книги-сеќавања, промоции на песни, средби и видувања на бегалците Македонци од ширум светот.

**Димкова Николова Марија** е родена на 15 јуни 1942 година во селото Горно Пожарско во Егејска Македонија. Нејзиниот татко и вујко биле војници во Солун кои по завршувањето на Втората светска војна биле пуштени од воените редови, но со почетокот на Граѓанската војна тие биле мобилизирани во редовите на ДАГ. Со цел да го избегнат повторното влегување во воените редови, приота согледувајќи го однесувањето на грчките власти кон сите оние кои биле мобилизирани, со какви притисоци, навреди и уцени се соочувале семејствата на сите оние кои заминале во единиците на ДАГ се одлучиле да го напуштат родното Пожарско и да заминат надвор од границите на Грција. Родниот крај Марија го напуштила на три годишна возраст заедно со целото семејство кон крајот на септември 1945 година.

По поминати четири дена на самата граница, семејствоти пристигнало во селото Градешница каде што по евидентирањето во Книгата на бегалци биле сместени во селото Старавина во куќи кај населението кое што живеело во селото. Таму останале 18 месеци од каде заминале во Бело Поле, Прилепско, а од таму како и многу Македонци во Војводина.

Кога пристигнале во Гаково, Војводина, Марија се сеќава дека под список биле известени дека веќе бил направен распоред кој каде ќе биде сместен, односно дека семејствата биле распоредени во куќите во кои пред војната живееле Унгарци кои по завршувањето на Втората светска војна се иселиле. Марија се присети на изгледот на куќите, на тој малку чуден начин изградени куќи, потоа на доделениот мебел од страна на властите, облека и слично, додека родителите биле веднаш вработени. Во поглед на помош околу храна и облека, им биле доделувани бонови за храна со кои на вработените им се доделувало по половина килограм леб, додека на невработените по една четвртина и "точки"[302] за облека.

[302] Еден облик на бонови слични на боновите за храна

Сеќавањата на Марија за животот во Војводина се сеќавања на еден убав живот. Таму таа и го започнала своето образование, започнала да посетува македонско училиште, а се сеќава и дека им била доделена земја за обработка и производство. Најчесто се одгледувало компир, коноп, шеќерна репка и пченка. Додека биле сместени во Војводина, семејството на Марија се зголемило со уште една нејзина сестра.

Во 1951 година заминуваат од Војводина и се доселуваат во Штип во истиот оној период кога започнувала изградбата на текстилниот комбинат "Македонка".

По пристигнувањето во Штип биле сместени најпрвин во просториите на Касарната, па потоа во просториите на ливницата каде што останале се до 1954 година кога целото семејство заминало во Старо Лагово, Прилепско каде што останале само неколку месеци, односно до ноември истата 1954 година кога се преселиле во градот Прилеп каде што останале полни шест години до 1960 година.

На почетокот на 1960 година нејзиниот татко купил куќа во Битола и на 18 март 1960 година се доселиле во Битола. Иако од родното село заминале како дечиња во семејството само Марија и нејзиниот брат, кога се доселиле во Битола нејзиното семејство било проширено со уште седум браќа и сестри или вкупно девет деца.

Во 1963 година се запознала со Димков Стојан со кого нешто подоцна и се омажила и заедно со него повторно доаѓа во Штип.

Денес Марија се занимава со пишување на книги со песни карактеристични за Егејскиот дел на Македонија, потоа пишува и за многу сеќавања на традиции, обичаи и верувања поврзани за најразлични празници исто така карактеристични за Егејска Македонија, а во подготовка е и нејзината автобиогравска книга на сеќавања на се она што го памети од мигот кога го напуштила својот дом во Пожарско се до денес.

Живее во семјениот дом во населбата "Македонка" со сопругот Стојан, синот Трајко со неговото семејство.

**Гогова Саракинова Васил Аргира** е родена на 15 јуни 1939 година во селото Бизово во семејството на Васил и Славка Саракинови. Од времето кога живееле во родното село, таа се сеќава на многу измачувања, насилство и неправди кон Македонците, нивни соселани.

Со цел да го избегнат нападот и насилството на Грчките војници, нејзиниот дедо имал направено импровизирана скривница во која, се присежава дека им било кажано да се сокријат кога ќе наслушнат дека во селото имало грчки војски.

Родното Бизово го напуштиле во 1948 година заедно со нејзините родители, две сестри и тројца браќа, а како причина за нивното заминување било жестокиот напад во селото од војските, кои со цел да го исплашат или да го протераат македонското население, убиле неколкумина Македонци во селото и ограбиле повеќе куќи. Од селото се упатиле кон границата кон тогашна Југославија, а ноќта ги дочекала на отворено поле. Неможејќи да продолжат да пешачат во ноќта, се засолниле во една плевна во близина на соседното село, а од таму наредното утро тргнале кон селото Тресино, па кон Кајмакчалан. Од таму заедно со српската војска биле однесени во Неготино каде биле сместени во училишна зграда. Таму останале неколку месеци.

Од Неготино, семејството Саракинови се доселило во Штип, во населбата Караорман, од каде по неколку месечен престој се преселиле во селото Криви дол, а од таму во населбата три Чешми каде што биле доселени двајцата браќа на нејзиниот татко. Во населбата Три Чешми биле сместени во две мали и тесни простории во несоодветни услови, но по проверката од страна на Црвениот крст, биле преселени во новоизградените згради за бегалците во истата населба. Заедно со нејзините браќа и сестри, Аргира го започнала своето основно образование во отвореното училиште во населбата Три Чешми.

Во поглед на помошта која ја добивале бегалците, таа памети дека редовно добивале помош во храна, облека и лекови од Црвениот крст уште од нивното

доаѓање, а по доселувањето во Три Чешми нејзиниоте родители биле вработени од каде добивале средства за егзистенција, а по завршувањето на своето образование, Аргира се вработила во ТК "Македонка".

Во 1963 година се омажила за Доне Гогов со кого добила три деца, ќерката Марија и синовите Трајче и Мице. Денес Аргира живее во населбата Три Чешми со семејството.

Македонците од Егејска Македонија, бегалците, дојденците.... Тажна и болна е нивната историја, нивната мака која ја делеле сите, навреди, омаловажување како личност, физичко измачување и најтешкото прогонување од родната грутка земја.... Да се напушти сопствената, родената куќа, имовината на своите предци, да се разделат семејствата, да се исечат корените кои со години наназад раснеле на тие места и да се замине во непознато, во туѓа земја каде што и покрај тоа што го зборуваш нивниот јазик, и покрај тоа што имате иста вера, за другите, тие се дојденци, тие се бегалци...

Денес и после многу години нивните сеуште свежи сеќавањата се еден извор за една мачна судбина, извор за една непобитна вистина која и покрај многу обиди на многумина да ја претстават во поинаква слика, сепак е нераскинлива и непобедлива реална слика за една историја на еден народ, за една голема неправда, за еден непокор, за една издржливост, за една надеж, надеж за подобро утре.

## ЗАКЛУЧОК

Македонскиот народ денес конечно живее во своја сопствена држава, сон за кој се положени многу животи наназад низ историјата. Можеби денешната држава не е во оние територијални географски граници, но сепак е самостојна, наша, македонска. Држава која се родила благодарение на заслугите на многу наши револуционерни татковци, наши борци за права и слободи на македонскиот народ подеднакво исти како и на секој народ.

Македонскиот народ разделен помеѓу соседните држави, потоа окупиран од многу војски, тој сепак успеал да истрае и да го сочува својот непокор, својот јазик, култура и традиција. Прогонуван, угнетуван и тероризиран на различни начини, а сепак единствен, истраен и упорен, непокорен народ. Разделен на три дела, Вардарски, Пирински и Егејски дел...

Македонците во Граѓанската војна во Грција кои што живееја во Егејска Македонија платија највисока цена, цена за своја слобода, но и цена за реализација на своите национални права.

Околу 25 до 30 000 деца од Егејскиот дел на Македонија беа одвоени од своите родители и одведени во тогаш т.н. демократски држави на комунистичкиот блок. Сите тие дечиња кои се разделија од родителската закрила немаа вистинско детство, најдобрите години од животот ги поминаа по домови без родителска љубов. Нивните татковци и мајки, браќа и сестри останаа да се борат во војната која беше предодредена да ја загубат.

Малите дечиња кои биле префрлени преку границата, пеш со бовчички и крвави ножиња, водени од своите нови “мајки”, за време на трагичните разделби им било говорено дека ќе се вратат брзо, за што нивните ќе победат. Но, не се вратија ниту по година, ниту по десет ниту по 60 години. Не се вратија зошто не беа Грци по род.

Не се вратија назад затоа што требаше да го заборават коренот на својот дом, затоа што зборуваа друг јазик, затоа што беа носители на нешто што

требаше да се негира и да се прикрие, затоа што беа нешто што не требаше да бидат, затоа што беа Македонци...

Повеќе од половина век не им беше дозволено да ги видат ниту местат каде што го поминале раното детството. Обидите да влезат во државата која беше нивна татковина завршуваа на самата граница, беа враќани назад од грчките власти. Пред неколку години, грчката влада ја подотвори границата и им дозволи да влезат само на тие во чии пасоши нема да стои македонското име на нивното село. Другите сеуште тажат за родните места, за својата родна куќа или она што останало од неа, чекајќи да ги посетат гробовите на своите татковци и мајки, на своите дедовци и баби...

Денес, после многу години од таа војна која ги однесе далеку од нивните домови, овие луѓе живеат ширум светот, па и во својата татковина Македонија каде што од генерација на генерација ги пренесуваат своите сеќавања, својата борба за сопствена држава, притоа одржувајќи многу средби каде што ги негуваат својот фолклор, дијалект, песни и ора, каде што се присетуваат на едно време кое е далеку зад нив, за една војна која ги откина од родителската прегратка, за една судбина која ги раздели и ги испрати ширум светот...

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА:

## ИЗВОРИ:

### Архивски фондови:


1. ДАРМ - Скопје, фонд: Министерство за социјални грижи Скопје (1945-1955г)
2. ДАРМ-Штип,фонд Околиски комитет на КПМ-Штип 1945-1952
3. ДАРМ - Штип, фонд: Градски народноослободителен одбор Штип (1944-1945г.)
4. ДАРМ - Штип, фонд: Околиски народен одбор Штип (1945-1955г.)
5. ДАРМ - Штип, фонд: Народен одбор на општина Штип (1945-1960г.)
6. ДАРМ - Штип, фонд: "ЗИК Црвена Звезда" к.1 а/е 6
7. ДАРМ - Штип, фонд: ТК "Македонка"


### Архивски збирки:


1. ДАРМ, Збирка ,,Егејска Македонија во НОБ,,
2. ДАРМ, збирка "Грција во отпорот 1940-1945 година"


### Литература:


1. Ристо Кирјазовски, "Документи за егзодусот на децата од Егејска Македонија", сп.Историја, 1991 година
2. Ристо Кирјазовски, "Петте судбоносни години во Егејска Македонија (1945-1949)" Здружение на деца бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2009г.
3. Ристо Кирјазовскин "Народно Ослободителниот Фронт и други организации на Македонците од Егејскиот дел на Македонија", Скопје, 1985
4. Ристо Кирјазовски „КПГ и Македонското национално прашање (1918-1940)", Скопје, 1985
5. Ристо Кирјазовски, "Македонски национални институции во Егејска Македонија (1941-1961)"Скопје, 1987
6. Ристо Кирјазовски, "Демократски и антифашистички партии и организации во егејскиот дел на Македонија (1941-1945)"Скопје, 1991
7. Ристо Кирјазовски, "Егејскиот дел на Македонија по Граѓанската војна во Грција"Скопје, 2001

8. Ристо Кирјазовски „Македонците и односите на КПЈ и КПГ (1945-1949)“, Скопје, 1995

9. Фана Мартинова – Буцкова, “И ние сме деца на мајката земја... “Скопје, 1998

10. Мишо Китановски, Ѓорѓи Доневски, “Деца бегалци од Егејска Македонија во Југославија”, Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2003

11. Вангел Ајановски Оче "Егејски бури - Револуционерното движење во Воденско и НОФ во Егејска Македоница", Скопје, 1975

12. Христо Андоновски, “Македонците под Грција во борбата против фашизмот(1940-1944)”Скопје, 1968

13. Велимир Брезоски, “Ослободителната војна во Македонијаво 1943 на територијата на СР Македонија” Скопје, 1971

14. Ристо Поплазаров, “Грчката политика спрема Македонија во втората половинана XIX век и почетокотна XX век. (Вооружени пропагандни дипломатски и други антимакедонски акции и борбата против нив на теренот)” Скопје, 1973

15. Виолета Ачкоска, “Задругарството и аграрната политика во периодот 1945-1955 година” Скопје, 1994

16. Лилјана Пановска, “Теророт во егејскиот дел на Македонија (подгерманско-италијанска окупација) 1941-1944” Скопје, 1995

17. Ташко Мамуровски, “Македонците во Егејска Македонија 1945-1946” Скопје, 1995

18. Стојан Киселиновски, “Етничките промени во Македонија (1913-1995)” Скопје, 2000

19. Наум Пејов, “Македонците и Граѓанската војна во Грција” Скопје, 1968,

20. Лилјана Пановска, “Крајот на една илузија. Граѓанската војна во Грција и Македонците 1946-1949”Скопје, 2003

21. Тодор Чепреганов, “Политиката на САД и на Велика Британија спрема Македонија во текот на Втората светска војна” ИНИ, Скопје 2012

22. Раде Гогов – Црноречки, “Лекување на борци на ДАГ во Македонија”, Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2010

23. Виктор Цветановски, “Голготата на Македонците во Грција”, Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, Скопје, 2009

24. Тодор Христов-Симовски, “Населените места во Егејска Македонија”, Скопје 1998, книга 1 и книга 2

25. Лазар Лазаров, “Општествено-политичките организации во обновата и изградбата на НР Македонија 1944-1948”, ИНИ, Скопје 1979

26. Александар Литовски, “Македонската национално-ослободителна платформа во Втората светска војна (1941-1944)”, Сојуз на здруженијата на Македонците од Егејскиот дел на МАкедонија, Скопје 2008

27. Маргарита Пешевска, “Меѓународните односи по Втората светска војна”, Скопје 1999

28. Јован Марјановић, "Други светски рат 1939-1945" Том I, Београд, 1969г.

29. Воена енциклопедија, Военоиздавачки завод, Београд, 1970 година, книга III

30. Ташко Мамуровски, "Бугарската пропаганда во југозападна и централна Егејска Македонија (1941-1944)" Скопје, 1989г.

31. Бранко Петровић, "Историја Југославије – Народноослободилачки рат и револуција" книга I и II, Београд, 1988г.

32. Тодор Чепреганов ,,Историја на македонскиот народ,, ИНИ Скопје 2008 година,

33. Лилјана Пановска, "Теророт во егејскиот дел на Македонија (под германско-италијанска окупација) 1941-1944 " Скопје, 1995г.

34. Oslobodilaćki rat naroda Jugoslavije – knjiga 1, Vojni istoriski institute Jugoslovenske narodne armije, Beograd, 1957god.

35. Ристо Кирјазовски, "Македонското национално прашање и Граѓанската војна во Грција" Скопје, 1987 год.

36. Марија Воденска, Преседани Македонците од Егејскиот дел на Македонија во селото Три Чешми, Штип, 1990год.

37. Марија Воденска, "Преседани Македонците од Егејскиот дел на Македонија во селото Три Чешми", Штип, 1990год.

## Статии:

1. Тодоровски Зоран, “Политичката опозиција во Македонија по Втората светска војна”, Историја, XXXVI/1-2, Скопје 2000, 43-49.
2. Проф.Д-р Ачкоска Виолета, “Некои аспекти на прашањето на бегалците од Егејска Македонија во НР Македонија (1945-1955 година)”, Гласник на ИНИ, год.46, бр.2, стр.57-73,Скопје 2002
3. Панделис Вајнас, "Славомакедонците и Демократската армија на Грција" списание "Димократикас стратос" (демократска армија) бр.10 од 1968 година

## Весници и списанија:


1. Весник ,,Лаики фони,, (Народен глас), Орган на македонското биро на КПГ од 22-28 февруари 1946 година
2. .Весник "Ризоспастис" орган на ЦК на КПГ од 14 декември 1924 година
3. ,,Саранта хрења ту ККЕ,, (40 години на КПГ) 1918-1958 година, избор на документи, политички и литературни изданија,
4. Списание ,,Етники антистаси,, (Национален отпор) бр.2


## Интервјуа со сведоци од тој период:

1. Адраманов Тано - Штип
2. Адраманова Угрова Марија - Штип
3. Жежов Петар - Штип
4. Жежова Бинова Неша - Штип
5. Димков Стојан - Штип
6. Димкова Николова Марија – Штип
7. Гогова Саракинова Аргира – нас.Три Чешми, Штип

С О Д Р Ж И Н А

**Вовед** ------------------------------------------------------------------------------------------ 01

**ГЛАВА ПРВА**

**ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И УЧЕСТВОТО НА ЗЕМЈИТЕ ОД БАЛКАНОТ ВО ВИОРОТ НА ВОЈНАТА**

1. Причини и повод за почетокот на Втората светска војна -------------------- 11
2. Влегувањето на земјите од Балканот во воените дејствија ---------------- 16

2.1. Бугарија ---------------------------------------------------------------------------------- 16

2.2. Југославија ------------------------------------------------------------------------------ 18

2.3. Грција ------------------------------------------------------------------------------------- 20

3. Положбата на македонското население во Егејска Македонија под тројната окупација -------------------------------------------------------------------------- 24
4. Организирање на отпор против окупацијата и учеството на Македонците во отпорот ------------------------------------------------------------------------------ 27

4.1. Драмско востание (28-29 септември 1941 година) -------------------------- 31

5. Формирање на ЕАМ - ЕЛАС и учеството на Македонците во нив ---------- 32

5.1. Велика Британија и општествено - политичките прилики во Грција ------ 35

5.2. Македонското национално прашање во текот на НОВ --------------------- 37

5.3. Формирање на МАО – Македонска антифашистичка организација ------ 38

5.4. Формирање на Народноослободителен фронт СОФ и Славјаномакедонски народноослободителен фронт (СНОФ) ------------------------------------------ 39

6. Крајот на фашистичката окупација во Грција ------------------------------------ 45

**ГЛАВА ВТОРА**

**ГРЧКАТА ГРАЃАНСКА ВОЈНА 1946 -1949 ГОДИНА**


1. Состојбата во Грција во 1945 година по завршувањето на Втората светска војна ---------- 53

2. Македонското прашање во 1945 година и формирањето на Тајната ослободителна македонска организација (ТОМО) ---------- 55

3. Формирањето на Народноослободителниот фронт – НОФ на Македонците од Егејска Македонија ---------- 59

4. Зацврстување на власта на десницата во Грција ---------- 62

4.1. Теророт врз населението во текот на 1945 година ---------- 66

5. Економската и политичката состојба во Грција по завршување на Втората светска војна и влијанието на големите сили ---------- 70

6. Почеток на граѓанската војна во Грција 1946 година ---------- 78

6.1. Теророт над населението во текот на 1946 година ---------- 83

7. Односите помеѓу НОФ и ДАГ ---------- 89

8. Текот на војната во 1947 година ---------- 91

8.1. Присилно преселување на селаните во градските средини и формирање на ,,мртви зони,, ---------- 93

8.2. Евакуација на децата од Егејска Македонија ---------- 95

9. Поразот на ДАГ и крајот на Граѓанската војна ---------- 98

## ГЛАВА ТРИ

## ИСЕЛУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА И НЕГОВОТО НАСЕЛУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА НР МАКЕДОНИЈА


1. Причини за почеток на иселувањето на Македонците од Егејска Македонија ---------------------------------------------------------------------------------- 102

2. Почеток на иселувањата на Македонците од Егејска Македонија ---- 104

3. Доселување на првиот бран на македонски бегалци во Штип --------- 106

3.1. Градот Штип по крајот на втората светска војна ------------------------- 106

3.2. Прием на првиот бран бегалци ------------------------------------------- 106

4. Анализи и извештаи на Општинските комисии на КПМ - Штип за состојбата со бегалците во Штип од 1948 – 1949 година -------------------------- 109

5. Анализи и извештаи на Општинските комисии на КПМ - Штип за состојбата со бегалците во Штип од 1950 – 1951 година -------------------------- 115

- Организација на работа на бегалците во градот Штип ------------------- 121

- Организација на работа на бегалците во Штипската околија ----------- 122

- Проблеми околу станбеното прашање ---------------------------------------- 122

- Економска положба ------------------------------------------------------------ 123

- Вработување во градот Штип и околината ---------------------------------- 124

- Културно – просветна работа ------------------------------------------------ 125

6. Формирање на новата населба Три Чешми ------------------------------- 125

7.Саракачаните во населбата Три Чешми ------------------------------------ 135

8. Земјоделско – сточарското стопанство “Црвена Ѕвезда”-Три Чешми – 138

9. Памучна индустрија “Македонка” - Штип ------------------------------------ 139

10. Образование и културен живот ------------------------------------------------ 140

11. "ЕГЕЈ" - Здружение на децата бегалци од Егејска Македонија ------- 143

12. Живи сведоци ---------------------------------------------------------------------- 145

- Адраманов Тано - Штип ---------------------------------------------------------------- 146

- Адраманова Угрова Марија – Штип --------------------------------------------- 148

- Жежов Петар – Штип ------------------------------------------------------------------- 149

- Жежова Бинова Неша – Штип ---------------------------------------------------- 150

- Димков Стојан – Штип ------------------------------------------------------------------ 152

- Димкова Николова Марија – Штип ---------------------------------------------- 155

- Гогова Саракинова Аргира – нас.Три Чешми, Штип ----------------------- 157

ЗАКЛУЧОК ---------------------------------------------------------------------------------------- 159

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ ----------------------------------------------- 161

СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА